# СПАСЕНИЕ САМО СО ВЕРА: ПОСЛАНИЕТО ДО РИМЈАНИТЕ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
октомври, ноември, декември 2017

**СПАСЕНИЕ САМО СО ВЕРА: ПОСЛАНИЕТО ДО РИМЈАНИТЕ**

групa автори

Број 4/2017

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколската поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:

1. Апостол Павле и Рим ........ 7

2. Судир ........ 14

3. Состојбата на човечкиот род ........ 21

4. Оправдување со вера ........ 28

5. Аврамовата вера ........ 35

6. Адам и Исус ........ 42

7. Победа над гревот ........ 49

8. Човекот од седмата глава на Посланието до Римјаните ........ 56

9. Нема осуда ........ 63

10. Деца на ветувањето ........ 70

11. Избрани ........ 77

12. Да се надвладее злото со добро ........ 84

13. Христијанскиот живот ........ 91

**Додаток**

Утрински стихови - јули ........ 98

Утрински стихови - ноември ........ 99

Утрински стихови - декември ........ 100

Секојдневно читање на Библијата ........ 102

Текстови за вечерно Богослужение ........ 103

Табели за почеток на саботата во Македонија ........ 104

ВОВЕД

## „ОВДЕ СТОЈАМ“
## ЛУТЕР И ПОСЛАНИЕТО ДО РИМЈАНИТЕ

Овој месец пред петстотини години, Мартин Лутер, тогаш триесет и тригодишен професор по теологија, ги прикачил своите 95 тези. Иако првично само сакал да укаже на измамите зад кои стоело папството и го искористувало Лутеровото стадо со продавање на прошталници, Лутеровиот чин на отфрлање се претворил во искра што ја придвижила протестантската Реформација – и светот повеќе никогаш не бил ист.

Се разбира, многу работи се промениле од тој ден во 1517 година. Сепак, она што не се променило е Божјата реч и вистините во неа, кои на Лутер му дале теолошката основа да го постави предизвикот пред Рим и на милиони луѓе да им ја објави возвишената порака на спасението само со вера.

Во средиштето на овој темел се наоѓа темата што ќе ја проучуваме ова тримесечје. Во своето дело „Коментари за Посланието до Римјаните (Commentary on Romans) Лутер забележил: „Посланието е навистина мошне важен дел од Новиот Завет и претставува најчисто Евангелието. Не само што заслужува секој христијанин да го знае напамет од збор до збор, туку и да го прочува секој ден, како секојдневен леб на душата“ (стр. 8).

Да, токму во Посланието до Римјаните Лутер ја пронашол возвишената вистина за оправдувањето со вера. Борејќи се со сигурноста на спасението, на нејзините страници открил една голема вистина - не само на Посланието до Римјаните, а не само на Новиот Завет, туку и на целата Библијата: вистината за планот на спасението што ни е дадено „во Христа Исуса пред вечните времиња“ (2 Тимотеј 1,9). Вистината гласи дека спасението се наоѓа само во Христовата правда. Тоа ни се припишува со вера и го добиваме како дар независно од држењето на Законот. Павле јасно рекол во посланието до Римјанитее: „И така, ние заклучуваме дека човекот се оправдува преку верата, без делата на Законот“ (Римјаните 3,28).

Токму поради оваа вистина, поради отфрлањето на земската сила и власт и римската хиерархија, Лутер бил изведен пред Соборот во Вормс во 1521. година, кога рекол: „Не можам и не сакам од ништо да се откажам, зашто е опасно за христијанинот да зборува против својат совест. Овде стојам, не можам поинаку“ (J. H. Merle D’Aubign D.D., History of the Reformation, [New York: American Tract Society, 1848], стр. 249).

Дури и денес верните протестанти не можат да сторат ништо друго освен да се држат за Божјата реч, наспроти сите небиблиски традиции и догми.

Несомнено е дека христијанството во голема мера напредувало од времето на Лутер, ослободувајќи се од повеќевековното влијание на суеверието и лажните учења, кои не само што го изврtеле Евангелието туку и го презеле узурпирале.

Сепак, по многу години, влијанието на реформацијата ослабело. Во некои места напредокот е заменет со рамнодушен формализам, во друг луѓето повторно се свртеле кон Рим. Сега, во ерата на екуменизмот и плурализам, многу уникатните вистини што ја разгореле реформацијата станале нејасни, замаглени од бројните измами кои се обидуваат да ги прикријат основните разлики, а овие разлики денес не се ништо подобро решени отколку што биле во времето на Лутер. Пророштвата запишани во Книгата на пророк Даниел 7,23-25; 8,9-12. и во Книгата Откровение 13. и 14. глава, како и возвишената вест за спасението со вера што ја наоѓаме во Посланието до Римјаните, покажуваат зошто оние верни на Библијата мораат цврсто да се држат за вистините, кои нашите татковци протестанти ги бранеле дури и по цена на животот.

Како христијани адвентисти, ние се држиме за принципот Sola Scriptura, само Писмото. Оттука, цврсто ги отфрлуваме сите обиди христијанството да се се врати во Рим и на верата пред реформацијата. Светото Писмо не??? насочува во сосем спротивна насока (Откровение 18,4), така што ние продолжуваме да му го објавуваме на светот „вечното Евангелие“ (Откровение 14,6), истото вечно Евангелие од кое го вдахнало Мартин Лутер бил вдахнат пред петстотини години.

**Поука 1**
**Од 30 септември до 6 октомври 2017**

# АПОСТОЛ ПАВЛЕ ВО РИМ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ СЛЕДНИВЕ БИБЛИСКИ ТЕКСТОВИ: Дела на апостолите 28,17-31; Римјаните 1,7; 15,14.20-27; Ефесјаните 1; Филипјаните 1,12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Пред сѐ, Му благодарам на Мојот Бог, преку Исус Христос, за сите вас, зашто за вашата вера се разгласува по целиот свет" (Римјаните 1,8).**

Од особена важност е, оној што го проучува Посланието до Римјаните, да ја сфати неговата историска заднина. Кога сакаме да ја сфатиме Божјата реч, секогаш е важно да го познаваме самиот нејзин контекст. Треба да ги познаваме и да ги сфатиме спорните прашања за коишто станува збор. Павле пишувал до посебна група христијани во едно посебно време, со посебна причина. Според тоа, ако ја откриеме таа причина, колку што можеме, ќе имаме голема поддршка во нашето проучување.

Затоа, мораме во нашите мисли да се вратиме назад во тоа време, да се преселиме во Рим, да станеме верници на тогашната месна црква и тогаш, како христијани од првиот век, да го слушаме апостол Павле и зборовите со кои бил вдахнат од Светиот Дух во тоа време.

Сепак, колку и да имале локален карактер тогашните прашања, начелата кои се кријат зад нив, во овој случај прашањето *Како човекот се спасува?*, се униварзални. Да, Павле се обраќал до посебна група луѓе и, кога го напишал ова послание, имал посебно прашање на ум. Но, како што знаеме, многу столетија подоцна, во сосема поинакво време и во други рамки, зборовите што ги напишал биле значајни за Мартин Лутер, како што биле за Павле кога ги забележил. Тие се значајни и за нас денес.

## ПОСЛАНИЕТО НА АПОСТОЛ ПАВЛЕ

Текстот во Римјаните 16,1.2 укажува дека апостол Павле Посланието до Римјаните веројатно го напишал во градот Кенхреја, кој се наоѓал во близината на Коринт, во Грција. Кога Павле ја спомнува сестра Фива, жителка на Коринт, со тоа навестува дека тој град бил местото што се наоѓа во заднина на Посланието до Римјаните.

Една од причините да се установи местото од коешто потекнуваат новозаветните посланија е настојувањето да се утврди времето кога биле напишани. Бидејќи Павле многу патувал, сознанието за тоа каде се наоѓал во одредено време, го решава и прашањето на времето кога било пишувано посланието.

Павле ја основал месната црква во Коринт во текот на своето второ мисионерско патување, од 49. до 52. година по Христа (види Дела на апостолите 18,1-18). На своето трето патување, од 53. до 58. година по Христа, повторно ја посетил Грција (Дела на апостолите 20,2) и во тоа време го презел прилогот за светите во Ерусалим, секако, некаде при крајот на патувањето (Рим. 15,25.26). Според тоа, посланието до Римјаните веројатно било напишано во текот на првите месеци во 58. година по Христа.

**Кои други значајни цркви ги посетил Павле во текот на своето трето мисионерско патување? Дела на апостолите 18,23.**

Кога ги посетувал црквите во Галатија, Павле открил дека, додека бил отсутен, лажни учители ги убедиле верниците да се обрежуваат и да држат други прописи на Мојсеевиот закон. Плашејќи се дека неговите противници можеби ќе стигнат и до Рим пред тој да дојде, Павле го напишал посланието до Римјаните за да спречи истата трагедија да се случи и во Рим. Се смета дека и посланието до Ефесјаните напишано во Коринт во текот на три месеци коишто Павле ги поминал во тој град за време на своето трето мисионерско патување, можеби дури и набргу по доаѓањето на апостолот.

„Во тоа свое послание до Римјаните Павле ги изнел големите начела на евангелието. Тој го изложил својот став кон прашањата што ги вознемирувале верниците и од еврејско и од незнабожечко потекло и им кажал дека надежите и ветувањата, кои некогаш им припаѓале особено на Евреите, сега им се понудени и на незнабошците“ (Делата на апостолите, стр. 373. ориг.).

Како што веќе кажавме, во текот на проучувањето на која било книга во Библијата, мошне е важно да се знае зошто е напишана; односно, на која ситуација се однесува. Оттаму, за добро да го разбереме посланието до Римјаните, важно е да знаеме кои прашања ги вознемирувале верниците што дошле од еврејството иод незнабоштвото. Библиската поука за следната семица ќе се занимава токму со тие прашања.

**Какви проблеми ја вознемируваат твојата црква во денешно време? Од каде доаѓаат опасностите што ѝ се закануваат на Црквата: однатре или однадвор? Која улога во тие расправи си ја презел на себе? Колку пати си запрел да ја разгледаш својат улога, својата положба и своето држење во судирите со коишто се соочуваш? Зошто е толку значајно ваквото самоиспитување?**

## ЖЕЛБАТА НА ПАВЛЕ ДА ГО ПОСЕТИ РИМ

Несомнено е дека личниот допир е најдобриот начин на комуникација во поголемиот број случаи. Можеме некого да го повикаме преку телефон, да испратиме меил, порака, или да стапиме во контакт преку Скајп, но личната средба, средбата лице в лице, е најдобриот начин на кој може да се комуницира. Токму затоа Павле навестил во самото Послание дека сака лично да ги посети. Сакал тие да знаат дека доаѓа и зошто доаѓа!

**Кои причини Павле ги наведува за да објасни зошто не го посетил Рим до тогаш? Што го навело да реши да дојде? Колку била важна мисијата во неговото размислување? Што можеме да научиме за мисијата и за сведочењето од овие Павлови зборови? Кој интересен и важен заклучок го изнесува Павле за Евреите и за незнабошците? Римј. 15,20-27.**

---

Големиот мисионер меѓу незнабошците имал постојана желба евангелието да го однесе во оние места во кои тоа никогаш порано не се проповедало, препуштајќи им на другите да работат во области каде што евангелието веќе било утврдено. Во време кога христијанството уште било младо и кога работници имало малку, Павле сметал дека залудно би ја трошел својата сила и својот труд, кога би работел како мисионер во подрачјата во кои веќе имало христијани. Тој велел: „И така, се погрижив да го проповедам Евангелието не таму каде што името Христово беше веќе познато, за да не ѕидам врз туѓ темел. Но, како што е напишано: ’Оние, на кои не им е јавено за Него, ќе видат; и оние што не беа чуле, ќе разберат’“ (Римјаните 15,20.21).

Павле немал намера да се насели во Рим. Негова цел била евангелието да го проповеда во Шпанија. Се надевал дека во своето настојување ќе добие поддршка од христијаните во Рим.

**Кое важно начело за проповедањето на евангелието можеме да го извлечеме од фактот дека Павле побарал помош од една веќе организирана црква за да го проповеда евангелието во ново подрачје?**

---

---

**Повторно прочитај ги текстовите во Римјаните 15,20-27. Колку голема била желбата на Павле да служи, да го проповеда евангелието и на тој начин да ги задоволи духовните потреби на своите ближни! Што те поттикнува тебе во твоите евангелски потфати? Колку твоето срце сака и е подготвено да им служи на потребите на твоите ближни?**

## ПАВЛЕ СТИГНУВА ВО РИМ

„Штом стигнавме во Рим стотникот му ги предаде затворениците на војводата, на Павле му беше допуштено да живее одделно, но под стража на еден војник“ (Дела на апостолите 28,16)

**Што ни кажува наведениот текст за тоа како Павле конечно стигнал во Рим? Која поука можеме да ја извлечеме за самите нас за неочекуваните и несакани настани со кои се соочуваме во својот живот?**

---

Апостол Павле конечно стигнал во Рим, но како затвореник. Колку често нашите планови, дури и оние што сме ги замислиле со најдобри намери, не се остваруваат онака како што сме очекувале и како што сме се надевале!

Кога на крајот од своето трето мисионерско патување стигнал во Ерусалим со прилози за сиромашните верници, што ги собрал по црквите во Европа и во Мала Азија, Павле се соочил со неочекувани настани. Бил затворен и ставен во окови. Бидејќи две години поминал како затвореник во Цезареја, побарал да биде изведен пред цезарот. Околу три години по неговото затворање стигнал во Рим и, претпоставуваме, не онака како што го сакал тоа кога пред многу години за прв пат ѝ напишал на црквата во Рим за својата желба да ја посети.

**Што ни кажуваат следните текстови за времето кое Павле го поминал во Рим? И, што е уште позначајно, каква поука можеме да извлечеме од тие настани? Дела на апостолите 28,17-31.**

---

„Она што го насочило вниманието на царскиот двор кон христијанството не биле проповедите на Павле, туку токму неговите окови. Тој токму како заточеник од многу души ги скинал оковите кои ги држеле во ропство на гревот. Но тоа не било сè. ’Повеќето од браќата во Господа’, пишува тој, ’охрабрени од моите окови, се осмелуваат сè повеќе без страв да ја проповедаат Божјата реч’“ (Филипјаните 1,14)“ (Делата на апостолите, стр. 464. ориг.).

**Колку пати во својот живот сте доживеале неочекувани пресврти кои на крајот ви послужиле на добро? Види Филипјаните 1,12. Како можат таквите искуства да ја зајакнат вашата вера и да ве наведат да се потпрете на Бога кога следниот пат ќе се случуваат слични пресврти од кои не сте очекувале ништо добро?**

## „СВЕТИТЕ“ ВО РИМ

**Еве го Павловиот поздрав до црквата во Рим: „До сите вас во Рим, возљубени од Бога и повикани да бидете свети: благодат и мир од Бог Отецот наш и Господ Исус Христос“ (Римј. 1,7). Кои начела на вистината, теологијата и верата можеме да ги пронајдеме во овие зборови?**

*Возљубени од Бога!* Иако е вистина дека Бог го сака целиот свет, во посебна смисла, Бог ги сака оние кои Него го одбрале, оние кои одговориле на повикот на неговата љубов. Истото можеме да го видиме и во меѓучовечките односи. И ние на посебен начин ги сакаме оние што нас нè сакаат; со нив доаѓа до меѓусебна размена на чувствата. Љубовта бара одговор. Кога нема одговор, љубовта е лишена од од своето целосно изразување.

*Повикани да бидете свети!* Во некои преводи зборовите „да бидете“ стојат во наводници, што значи дека преведувачите сами ги вметнале. Меѓутоа, тие можат и да се испуштат без да се смени смислата. Кога ќе се испуштат, го добиваме изразот „повикани свети“, оние што се означени како свети!

Поимот „свети“ претставува превод на грчкиот збор *hagioi* кој буквално значи „свети“. Свет значи „посветен“. Светец е оној кого Бог го издвоил за себе. Таквиот или таквата може да има пред себе мошне долг пат до посветувањето, но фактот дека таа личност го одбрала Христа за свој Господ, ја обележува како „светец“ во библиска смисла на тој збор.

**Павле кажува дека Римјаните се „повикани да бидат свети“. Дали тоа значи дека некои луѓе не се повикани? Како некои други текстови ни помагаат да разбереме што сакал да каже Павле? Ефесјаните 1,4; Евреите 2,9; 2. Петрово 3,9.**

Големата вест на евангелието гласи дека Христовата смрт е сеопшта, дека Тој се принел себеси за сите човечки суштества. Сите се повикани да бидат спасени во Него, „повикани да бидете свети“, дури и пред создавањето на светот. Божја првобитна намера била сите припадници на човечкиот род да најдат спасение во Христа. Конечниот оган бил наменет само за ѓаволот и за неговите ангели (Матеј 25,41). Тоа што некои луѓе одбиваат да го прифатат понуденото, не одзема од чудесноста на тој дар ништо повеќе отколу што некој кој штрајкува со глад среде продавница со животни намирници може да го смали чудесното изобилство со кое е опкружен.

**Размисли за ова: дури и пред создавањето на светот, Бог те повикал да имаш спасение во Него. Зошто не треба да дозволиш нешто да те спречи да одговориш на тој повик?**

## ВЕРНИЦИТЕ ВО РИМ

**„Пред сè, му благодарам на мојот Бог, преку Исус Христос, за сите вас, зашто за вашата вера се разгласува по целиот свет“ (Римј. 1,8).**

Не е познато како била основана месната црква во Рим. Традицијата дека црквата ја основале Павле или Петар нема никаков историски темел. Можеби ја основале верници кои се обратиле на Денот педесетница во Ерусалим (Дела 2), и кои тогаш поминале низ Рим или се населиле во него. Или, можеби, во некој подоцнежен период обратените сведочеле во Рим за својата вера и на тој начин придобиле души за Христа.

Секако дека претставува големо изненадување што само неколку десетина години по Денот педесетница, една месна црква, која до тогаш очигледно не ја уживала предноста во својата средина да нагости некој апостол, можела да стекне толку широк углед во светот. „И покрај спротивставувањта на противниците, дваесет години по Христовото распнување постоела жива, предана црква во Рим. Таа црква била силна и ревна и Господ работел за неа“ (Ellen G. White Comments, *The SDA Bible Commentary,* vol. 6, p. 1067)

„Верата“ овде сигурно има пошироко значење; тоа била верност на новиот животен пат што верниците го препознале во Исуса Христа.

**Како Павле ја опишува црквата во Рим? Римјаните 15,14.**

Трите елемента што Павле ги издвоил како вредни за помена во искуството на римските верници христијани, се:

1. „Полни со добрина“ – Дали би можеле луѓето да кажат нешто слично за нас врз основа на своето искуство со нас? Кога се дружат со нас, дали она што ги привлекува е изобилството добрина во нас?

2. „Исполнети со секакво знаење“ – Библијата често пати ја нагласува важноста од просветеност и знаење. Христијаните се повикани да ја проучуваат Библијата и добро да се запознаат со нејзините учења. Зборовите: „И ќе ви дадам ново срце“ значат: „И ќе ви дадам нов ум“. Промената на срцето секогаш ја следи јасното сфаќање нахристијанските должности, разбирање на вистината.

3. „Можете да се поучувате еден со друг“ – „за да можете и другите да ги посоветувате, да ги укорите“. Никој не може да напредува духовно ако е изолиран од своите соверници. Ние треба да стекнеме способност да ги храбриме другите, и во исто време да се охрабриме под влијанието на другите.

**Каква е состојбата во вашата месна црква? Каков углед ужива таа? Или, што е уште поважно, дали воопшто ужива некаков углед? Што ти открива одговорот за твојата црква? Или, што е уште позначајно, што можеш самиот ти да придонесеш за состојбата да се поправи?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата „Спасение за Евреите“ во книгата Делата на апостолите од Елена Вајт. Ако сте во можност, прочитајте го и ова: Ellen G. White, The Mysteries of the Bible,“ стр. 706, во *Testimonies for the Church*, кн. 5; *The SDA Bible Dictionary*, стр. 922; и *The SDA Bible Commentary*, кн. 6, стр. 467, 468.

„Спасението на човечкиот род не е резултат на Божји дополнители мисли или ненадејно дејствување поради неочекуван пресврт на настаните по појавата на гревот, туку тоа е дел од Божјиот план за откуп на човекот осмислен уште пред создавањето на светот (1. Коринќаните 2,7; Ефесјаните 1,3.14; 2 Солуњаните 2,13.14 ), кој се темели на Божјата вечна љубов кон луѓето (Еремија 31,3).

Овој план го вклучува минатото, сегашноста и вечната иднина. Ги вклучува и благословите како, на пример, фактот дека Бог избрал и определил да бидеме слични на Христа и Негов свет народ, откупување и проштавање, единство во Христа, запечатување со Светиот Дух, примање вечно наследство и прославување (Ефешаните 1,3-14). Во средиштето на планот се страдањата и смртта на Исус, кои не се случаен историски настан, ниту резултат исклучиво на човечки одлуки, туку се базира на Божјите намери за откупување è(Дела 4,27.28). Исус бил навистина Јагнето ’заклано од создавањето на светот’ (Откровение 13,8)“ (*The Handbook of Seventh-day Adventist Theology* [Hagerstown, Md.: Review and Herald Publishing, 2000], стр. 275.276).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Разговарајте во класата за значењето на протестантската реформација. Посебен нагласок ставете на следното прашање: Колку би бил поинаков нашиот свет денеска без неа?**

**2. Размислувајте за идејата дека сме повикани да имаме спасение, дури и пред светот да биде создаден (види Тит 1,1.2; 2. Тимотеј 1,8.9). Зошто овој факт би требало да нè охрабри? Што ни кажува за Божјата љубов кон сите луѓе? Зошто тогаш се случуваат толку трагични случки што луѓето му вртат грб на она што им е толку љубезно понудено?**

**3. Задржете се на прашањето на крајот од поуката за четврток. Како класа, како можете да придонесете за угледот на својата црква?**

**Поука 2**
**Од 7 до 13 октомври 2017**

# СУДИР



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 3. Мојсеева 23, Матеј 19,17; Галатјаните 1,1-12; Евреите 8,6; Откровение 12,17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто законот беше даден преку Мојсеј, а благодатта и вистината од Исуса Христа“ (Јован 1,17).**

Први обратеници во христијанството биле Евреи и Новиот завет не дава податоци за тоа дека од нив се барало да го отфрлат обичајот да се обрежуваат или да ги запостават еврејските празници. Меѓутоа, кога незнабошците почнале да го прифаќаат христијанството, се појавиле важни прашања. Дали и новообратените незнабошци треба да се обрежуваат? Колку се обврзани да ги почитуваат останатите еврејски закони?

Дури подоцна, на Ерусалимскиот собор, била донесена цврста одлука дека обратените незнабошци не треба да се оптоваруваат со мноштвото прописи и закони.

И покрај таквата одлука, некои учители продолжиле да ги измачуваат црквите, барајќи и обратените незнабошци да ги држат сите правила и прописи, вклучувајќи го и обрежувањето. Односно, сметале дека незнабошците, за да станат учесници во заветните ветувања, мораат да се придржуваат кон бројните правила и прописи кои биле предуслов за да учествуваат во општото добро на Израел.

На кој начин можеле да се решат овие прашања?

## ПОДОБАР ЗАВЕТ

**Која порака ни ја упатува апостол Павле преку посланието до Евреите 8,6? Кои се тие „подобри ветувања“? Прочитајте Евреите 8,6.**

---

Можеби најголемата разлика меѓу религијата на Стариот завет и религијата на Новиот завет се состои токму во тоа што новозаветниот период започнал со доаѓањето на Месија, Исус од Назарет. Бог го испратил да биде наш Спасител. Никој не може да го отфрли Христа и да очекува да биде спасен. Само благодарение на помирувањето кое Тој го осигурал, луѓето можат да добијат проштавање на гревот. Само благодарение на тоа што Христовиот совршен живот им се припишува, засметува, луѓето можат застанат пред Бога без осуда. Со други зборови, спасението се стекнува благодарение на Христовата праведност, и со ништо друго.

Старозаветните свети мажи и жени гледале во иднината очекувајќи ги благословите на месијанското време и ветувањето за спасение. Во новозаветното време, луѓето се соочувале со прашањето дали ќе го прифатат Исус од Назарет, кого Бог го испратил како Месија, нивни Спасител? Ако поверуваат во Него, ако го прифатат како Оној кој е навистина она што е, ако Му се посветат, ќе бидат спасени благодарение на праведноста што Тој бесплатно и изобилно им ја нуди.

Во меѓувреме, моралните барања на законот остануваат непроменети и во новиот завет, бидејќи се втемелени на Божјиот карактер. Послушноста кон Божјиот морален закон претставува исто така дел од новиот завет како што била дел и од стариот.

**Што ни кажуваат бројните новозаветни текстови за обврзаноста кон Божјиот морален закон во новиот завет? Матеј 19,17; Откровение 12,17; 14,12; Јаков 2,10.11.**

Во исто време, целокупниот кодекс на ритуални и церемонијални закони, кои биле изразито израелски, врзани исклучиво за Стариот завет и укажувале на Исуса, на Неговата смрт и првосвештеничка служба, бил укинат и се вовел нов поредок, втемелен на „подобри ветувања.“

Една од основните цели на Посланието до Римјаните е да им помогне и на Евреите и на обратените незнабошци да сфатат што сѐ вклучува овој премин од јудаизмот во христијанството. Секако, овој премин барал многу време. Голем број Евреи, кои го прифатиле Исуса, сѐ уште не биле подготвени за големите промени што наближувале.

**Како гласат некои од твоите омилени библиски ветувања? Колку често се држиш за нив со вера? Кои одлуки во твојот живот можат да станат пречка тие ветувања навистина да се остварат?**

## ЕВРЕЈСКИТЕ ЗАКОНИ И ПРОПИСИ

**Доколку времето ти дозволува, прегледај ја 3. Мојсеева (обрни внимание на 12, 16 и 23 глава). Какви мисли се јавуваат во твојот ум додека ги читаш сите тие прописи, правила и обреди? Зошто во новозаветно време било речиси невозможно да се исполнуваат сите тие прописи?**

---

Добро е за нас што сите старозаветни закони и прописи ги класифицираме во различни категории: 1) морален закон, 2) церемонијален закон, 3) граѓански закони, 4) правила и прописи, 5) здравствени закони.

Оваа поделба на некој начин има вештачка природа. Всушност, некои од тие категории се меѓусебно поврзани, а има и доста поклопувања. Старозаветните верници не ги посматрале како одвоени и конкретни категории на закони и прописи.

Моралниот закон е накратко објавен како Декалог, како Десет заповеди (2. Мој. 20,1-17). Овој закон ги објавува Божјите морални барања упатени до човечкиот род. Тие десет начела во проширено издание се внесени во разни прописи и правила во првите пет книги од Библијата. Тие објаснувања покажуваат што значи да се држи Божјиот закон во различни околности. И граѓанските закони се втемелени на Декалогот. Тие го одредуваат односот на граѓанинот кон власта и сограѓаните. Тие наведуваат и казни предвидени за кршење на граѓанските прописи.

Церемонијалниот закон ги уредувал обредите во Светилиштето, опишувал разни жртви и одговорности на граѓанинот. Во него се наведени и пропишаните празници и опишано е нивното празнување.

Здравствените закони се поклопуваат со останатите закони. Разни закони за она што е нечисто ја дефинираат церемонијалната нечистотија, но одат и понатаму од тоа и содржат хигиенски и здравствени прописи. Законите кои ја одредуваат чистата и нечистата храна, се темелат на физички причини.

Иако Евреите, најверојатно, сите тие закони и прописи главно ги сметале како пакет закони, бидејќи сите доаѓале од Бога, секако дека правеле и одредена разлика меѓу нив. Десетте заповеди лично Бог ги изговорил непосредно на својот народ. Секако дека тоа ги издвојувало како особено важни. Останатите закони им биле објавени преку Мојсеј. Ритуалните прописи во Светилиштето морале да се почитуваат само додека Светилиштето ја остварувало својата функција.

Граѓанските закони, во најмала рака најголем дел од нив, веќе не можеле да се применуваат кога Евреите ја изгубиле својата самостојност и дошле под граѓанска власт на други народи. Ни многу церемонијални прописи не можеле да се применуваат по разурнувањето на Храмот. Според тоа, по доаѓањето на Месија, многу симболи нашле свое исполнување и повеќе не биле задолжителни.

## СПОРЕД МОЈСЕЕВИОТ ОБИЧАЈ

**Кои прашања предизвикале поделба во Црквата? Зошто некои верници сметале дека станува збор за прописи кои се задолжителни за сите, а не само за Евреите? Дела 15,1; 1. Мојсеева 17,10.**

---

Додека апостолите, заедно со проповедниците, старешините и верниците во Антиохија вложувале сериозни напори да ги придобијат луѓето за Христа, некои еврејски верници од Јудеја успеале да наметнат расправа која наскоро довела до широко распространета неслога во Црквата и предизвикала збунетост меѓу новообратените од незнабоштвото. Со голема сигурност овие учители тврделе дека секој верник, доколку сака да се спаси, мора да се обреже и да го почитува целокупниот церемонијален закон. Евреите секогаш се гордееле со своите божествено пропишани служби и мнозина меѓу оние кои се обратиле во Христовата вера и понатаму сметале дека Бог, кој некогаш јасно го одредил начинот на богослужение, никако не може да одобри ни најмала промена во неговиот редослед и начин на одржување. Тие барале еврејските закони и церемонии да се вградат во обредите на христијанската религија. Биле многу бавни да сфатат дека сите жртви само симболично ја претставувале смртта на Божјиот Син, во која симболот се сретнал со своето исполнување и по која обредите и церемониите на Мојсеевиот закон веќе не биле задолжителни.

**Како требало да се разреши овој проблем? Римјаните 15,2-12.**

---

„Иако за водство и патоказ се потпирал директно врз Бога, секогаш бил подготвен да го признае авторитетот на целото тело на верниците обединети во членство на црквата. Чувствувал потреба од совет, и кога се појавувале значајни прашања, радо ги изнесувал пред црквата и се обединувал со своите браќа во молитва за мудрост за да можат да донесат исправни одлуки“ (Делата на апостолите, стр. 138).

Интересно е што Павле, кој често говорел за својот пророчки повик и за тоа како Исус го повикал и Му ја доверил мисијата што ја има, бил толку подготвен да соработува со црковните управни тела. Тоа значи дека сфатил, без оглед на висината на своето звање, дека е дел од Црквата како целина и дека е должен да соработува со Црквата колку што ќе биде во можност.

**Каков е твојот однос кон старешините во Црквата? Колку си подготвен да соработуваш со одбраните претставници на Црквата? Зошто таа соработка е толку значајна? Како би функционирале како Црква кога секој би го правел само она што тој сака, независно од целината?**

## ОБРАТЕНИТЕ ОД НЕЗНАБОШТВО

**До какви заклучоци дошол соборот? Какво образложение дал за своите заклучоци? Дела 15,5-29.**

---

Одлуката била спротивна на желбите на јудаистите. Тие луѓе бараle обратените од незнабоштво да бидат обрежувани и да го извршуваат целокупниот церемонијален закон и „еврејските закони и нивните церемонии да се вклучат во обредите на христијанската религија“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 148)

Интересно е што апостол Петар во Дела 15,10 ги опишува тие стари закони како „јарем“ кој ниту Евреите не биле во состојба да го носат. Дали Господ му наметнал „јарем“ на својот народ? Како би можело и да се помисли на такво нешто! Наместо тоа, со тек на времето, некои од народните старешини ги претвориле законите, кои биле замислени како благослов, во товар. Соборот се потрудил да ги поштеди од тој товар новообратените од незнабоштво.

Обрнете внимание на фактот дека никаде не се спомнува дека новообратени не треба да го почитуваат Декалогот. Можеме ли воопшто да замислиме дека соборот, кој им напомнал да не јадат месо со крв, би можел да им препорача да ја занемарат заповедта против прељубата или убиството или крадењето или празнувањето на саботата?

**Кои правила биле нагласени во одговорот на соборот на новообратените верници? Зошто токму тие правила? Римјаните 15,20.29.**

---

Иако еврејските верници не сакале да им ги наметнат своите правила и традиции на новообратените незнабошци, апостолскиот собор сакал да се осигура дека верниците, дојдени од незнабоштво, нема да го прават она што не би било во согласност со Божјиот морален закон или би било неприфатливо за Евреите, кои заедно со нив верувале во Исуса. Затоа апостолите и старешините се сложиле да испратат писмо и да побараат од нив да се чуваат од разврат и неморал, од месо жртвувано на идоли и од крв. Бидејќи заповедта за саботата не е спомната, некои сметаат дека таа веќе не ги обврзувала обратените од незнабоштво. Но ниту заповедта против убиството или лажењето не биле спомнати, така што тој приговор отпаѓа!

**Можеме ли и ние, наместо божествените прописи, да им ставаме товари на новообратените кои не се неопходни и кои се само дел од нашата традиција? Ако е така, во колкава мера и зошто? Размислувајте за саботата и за правилата за празнување на саботата!**

## ПАВЛЕ И ГАЛАТИТЕ

Иако заклучоците на соборот биле јасни, имало и такви кои сакале да одат по својот пат и да продолжат да бараат новообратените да ги почитуваат еврејските традиции и закони. Тие идеи претставувале многу тежок проблем за Павле. Всушност, не биле во прашање некои неважни теолошки подробности. Во прашање било целосното отфрлање на суштината на Христовото евангелие.

**Колку сериозно ги сфатил Павле проблемите кои се појавиле во Галатија? Што ни говори тоа за сериозноста на тие проблеми? Галатјаните 1,1-12.**

---

Како што веќе беше кажано, состојбата во Галатија во голема мера била поттик Павле да им напише на Римјаните. Во посланието до Римјаните Павле ја разработува темата што ја започнал во Посланието до Галатјаните. Јудеистите го застапувале мислењето дека законот што го добиле од Бога преку Мојсеја е многу важен и дека мораат да го почитуваат и обратениците од незнабоштво. Павле се труди да го покаже вистинското место и улогата на тој закон. Не сакал јудеистите да стекнат упориште во Рим како што успеале во Галатија.

Проблемот би бил многу едноставен кога би прашале дали Павле говори за церемонијалниот или за моралниот закон. Историски гледано, расправата се водела околу тоа дали новообратените од незнабоштво треба да се обрежуваат и да го држат Мојсеевиот закон. Соборот во Ерусалим веќе донел одлука за тоа прашање, но некои одбиле да ја прифатат. И денес постојат луѓе кои во Павловите посланија до Римјаните и до Галатите наоѓаат доказ дека моралниот закон, Десетте заповеди (всушност, само четвртата заповед за саботата) не е веќе задолжителен за христијаните. Меѓутоа, тие ја занемаруваат тематиката на посланијата, го занемаруваат историскиот контекст и проблемите со кои се занимавал Павле. Павле нагласува дека спасението се стекнува само со вера, и само со вера, а не со држење на законот, па дури ни на моралниот закон – но тоа не е исто како кога би рекол дека моралниот закон веќе не мора да се почитува. Послушноста на Декалогот никогаш не била доведена во прашање; оние кои го тврдат тоа, внесуваат во текстот нешто ново, некои современи теми, со кои Павле воопшто не се занимавал.

**Како им одговарате на оние кои тврдат дека саботата веќе не е задолжителна за христијаните? Како да ја докажете вистината за саботата без да ја загрозите целокупноста на Евангелието?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја во книгата *Делата на апостолите* од Елена Вајт, главата под наслов: „Отпад во Галатија“ и „Евреите и незнабошците“; во книгата *Патријарси и пророци* читајте ја главата под наслов: „Израел го прима законот“ и „Закон и завет“; во книгата: *Копнежот на вековите*, читај ја главата „Одбран народ.“

„Несомнено е дека нашата Црква се соочува со времето во кое владеат судири и поделби. Меѓутоа, тоа не е ништо ново. Дури и ов најраните денови на христијанството, во редовите на верниците владееле поделби и судири. Посебно еден судир, да не бил решен, можел да ја уништи младата Црква.

„Под влијание на лажните учители што се појавиле меѓу верниците во Ерусалим и меѓу верниците во Галатија, нагло се ширеле неслога, ерес и разузданост. Тие лажни учители еврејските традиции ги мешале со вистините на евангелието. Игнорирајќи ги одлуките на главнит собор одржан во Ерусалим, тие од преобратените незнабошци барале да се придржуваат кон церемонијалниот закон“ (*Делата на апостолите*, стр. 259).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. На кој начин твојата месна црква или ти самиот во својот дом, па дури и на самиот себе или на другите, може да се случи да наметнувате непотребни товари? Како можеме да препознаеме дали навистина си правиме такво нешто себеси или на другите? Или можеби се наоѓаме во опасност да одиме предалеку во спротивна насока? Со други зборови, како би можеле да констатираме дали сме станале премногу лабилни во своите мерила и дека затоа повеќе не го одразуваме високото завање што го имаме во Исуса Христа?**

**2. Кои докази ги користат луѓето денес за да потврдат дека Десетте заповеди повеќе не се задолжителни за христијаните? Што одговараме на таквите тврдења? Зошто тие се толку погрешни и зошто во најголем број случаи, оние кои тврдат дека Декалогот не е задожителен, и понатаму живеат така?**

**3. Прочитајте го повторно текстот во Галатјаните 1,1-12. Забележете колку бескомпромисно, колку догматски, колку огнено Павле го брани своето разбирање на Евангелието. Зар тоа не ни говори дека и ние понекогаш мораме непоколебливо да ги браниме своите верувања, особено во ова време на плурализам и релативизам? Како тоа ни покажува дека некои учења на Библијата мора да се бранат од сите напади, и од десно и од лево?**

**4. Разговарајте во класата за проблемите кои ја покренале протестантската реформација. Кои основни разлики уште не се решени?**

# СОСТОЈБАТА НА ЧОВЕЧКИОТ РОД



*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 1,16.17. 22-32; 2,1-10. 17-23; 3,1. 2. 10-18. 23.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто сите згрешија и ја загубија Божјата слава“ (Римјаните 3,23).**

Уште на самиот почеток на Посланието до Римјаните, Павле сака да ја истакне важната вистина која се наоѓа во самото средиште на евангелието - жалната состојба на човечкиот род. Ова тврдење е вистинито, бидејќи, уште од времето на патот во грев, сите сме затруени од гревот.

„Изразот 'сите под грев' мора да се сфати во духовна смисла; односно, тој израз не се однесува на начинот на кој луѓето се посматраат себеси или како другите гледаат на нив, туку какви што се пред Бога. Сите се под грев, и оние кои се очигледни престапници во човечките очи, како и оние кои се навидум праведни во сопствените очи и пред другите. Оние кои прават надворешно добри дела, можат да го прават тоа од страв од казна или од љубов кон добивка и слава, или од одредено задоволство, но не секогаш со желно и подготвено срце. Човекот на овој начин може постојано да прави добри дела видливи однадвор, а притоа однатре да биде длабоко потонат во грешни желби и лоши побуди, спротивни на добрите дела.“

## БОЖЈАТА СИЛА

**„Зашто, јас не се срамам од Евангелието, бидејќи тоа е Божја сила за спасение на секој кој верува, првин за Јудеецот, а и за Гркот. Зашто во него се открива Божјата правда, од вера во вера, како што е напишано: 'Праведникот ќе живее од верата' (Римјаните 1,16.17).**

**Каква порака ви е упатена со овие зборови? Дали сте го искусиле ветувањето и надежта што се наоѓа во нив?**

Во овој текст се појавуваат неколку клучни поими.

1. ***Евангелие.*** Овој поим е превод од грчки збор што буквално значи „добра вест“ или „добра поука“. Кога стои сам, овој збор може да се однесува на која било добра вест, но кога покрај него стои друг збор, тој го менува своето значење. Во овој текст, поради додатокот „за Христа“ тој значи „добра вест за Месија“. Добрата вест гласи дека Месија дошол и дека луѓето можат да се спасат преку вера во Него. Спасение можеме да најдеме - не во нас или во Божјиот закон - во Исуса и во Неговата совршена праведност.

2. ***Праведност.*** Овој збор се однесува на состојбата кога човекот е „прав“ пред Бога. Посебното значење на овој збор се наоѓа во Посланието до Римјаните и ние ќе го пронајдеме читајќи го ова послание. Треба да се нагласи дека во Римјаните 1,17 овој збор се дообјаснува со зборот „Божја“. Тоа е праведност која доаѓа од Бога, тоа е праведност за која самиот Бог се погрижил. Како што ќе видиме, тоа е единствена праведност која е доволно добра за да ни обезбеди ветување за вечен живот.

3. ***Вера.*** Во грчкиот јазик зборовите преведени како „верува“ и „вера“ се глаголско-именски облик на истите зборови: *pisteuo* (верува) и *pistis* (вера). Значењето на зборот *вера* во однос на спасението ќе го доловиме додека го проучуваме посланието до Римјаните.

**Дали некогаш имате проблеми со својата сигурност во спасението? Дали некогаш се прашувате дали воопшто сте спасени и дали воопшто имате на изгледи да се спасите? Што ги предизвикува тие стравови? Врз што се темелат? Дали на нешто реално? Да не живеете во животот можеби на начин кој се спротивставува на вашата вера? Ако е така, кои промени мора да се случат за да можете да се фатите за ветувањат што Исус ни ги нуди?**

## „ЗАШТО СИТЕ ЗГРЕШИЈА“

Прочитајте го текстот во Посланието до Римјаните 3,23.

**Зошто денес знаеме толку лесно да поверуваме во овие зборови, иако сме христијани? Истовремено, што ги наведува некои луѓе да се посомневаат во вистинитоста на овој текст?**

---

Навистина изненадува што има такви кои ја отфрлаат мислата за човечката грешност и тврдат дека луѓето во својата суштина се добри! Меѓутоа, проблемот настанува поради тоа што не сфаќаат што, всушност, се подразбира под вистинска добрина. Луѓето многу често се споредуваат со некој друг човек и сметаат дека се добри. Кога ќе се споредиме со Бога, со Божјата светост и праведност, тогаш ниеден од нас нема да може да избега од незадоволството за својата состојба.

Текстот во Римјаните 3,23 зборува и за „Божјата слава“. Овој израз различно се објаснува. Наједноставното објаснување може да се пронајде во текстот: „Мажот, пак,... е слика и слава Божја“ (1. Коринќаните 11,7). Во грчкиот јазик зборот „слава“, по значење може да се смета како еквивалентен со зборот лик. Гревот го расипал Божјиот лик во човекот. Грешниот човек не е способен да го одразува ликот или славата на великиот Бог.

**Прочитајте го текстот во Римјаните 3,10-18. Како ја опишува Павле човечката состојба? Дали од негово време нешто се променило? Кој од овие текстови може да се однесува на тебе, или, како би изгледал доколку Христос не влегол во твојот живот?**

---

Иако сме лоши колку што сме, сепак нашата состојба не е безнадежна. Првиот чекор што мораме да го направиме е да ја признаеме својата крајна грешност, но и својата беспомошност сами да направиме нешто за да се поправиме. Дело на Светиот Дух е да нè осведочи во нашата вина. Ако грешникот не се противи, Светиот Дух ќе го изведи да ја тргне маската на самооправдување и заблуда и да му се предаде на Христа, барајќи милост од Него. „Боже милостив биди кон мене, грешникот!“ (Лука 18,13).

**Кога последен пат си фрлил непристрасен поглед кон себе и својата состојба, своите побуди, своите дела и своите чувства? Тоа може да биде многу непријатно искуство, зар не? Во што е твојата единствена надеж?**

## НАПРЕДОК?

На преминот во дваесеттиот век луѓето беа занесени од идејата дека човечкиот род се поправил, дека моралната состојба се унапредила, дека науката и технологијата ќе доведат до постанок на идеално општество. Се верувало дека човечките суштества се на пат кон совршенство т.е. благодарение на вистинскиот вид на образование и морално воздигнување, луѓето во голема мера можат да го усовршат својот лик и состојбата на човековото општество. Се мислело дека целиот тој процес почнува во масовен облик со нашиот премин во храбриот нов свет на дваесеттиот век. За несреќа, состојбата не се развивала во таа насока, зар не? Дваесетиот век бил најсилен и најварварски во целата историја, благодарение токму на напредокот на науката, која овозможила луѓето да се убиваат побрзо и помасовно отколку порано, многу посурово отколку што и најрасипаните умови можеле да замислат. Која иронија! Во што бил проблемот?

**На кој начин тоа што го напишал Павле во првиот век станало вистина во дваесет и првиот? Римјаните 1,22-32**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Потребна ни е вера за да поверуваме во бројните христијански учења: меѓу нив и учењето за воскресението, за второто Христово доаѓање, за новата Земја и новото Небо. Меѓутоа, кому му треба вера-вера за да поверува во падната состојба на човечкиот род? Сите денеска ги чувствуваме последицит на таа состојба.

**Да обратиме внимание на текстот во Римјаните 1,22.33. Како се покажува ова начело денес? Отфрлајќи го Бога, кого обожаваат луѓето на нашиот век и на кого му се поклонуваат вршејќи идолопоклонство? Како станале толку безумни постапувајќи на тој начин?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

## ШТО Е ЗАЕДНИЧКО ЗА ЕВРЕИТЕ И НЕЗНАБОШЦИТЕ?

Во првата глава од Посланието до Римјаните, Павле посебно се занимава со гревовите на незнабошците, оние кои многу одамна го изгубиле Бога од вид и затоа прифатиле најсрамни обичаи.

Меѓутоа, тој воопшто нема намера своите земјаци, својот народ, да ги изостави од набројувањето. И покрај сите предности што ги примиле (Рим. 3,1.2) и тие станале грешници, осудени според Божјиот закон, па и на нив им била неопходна Христовата спасоносна благодат. Во таа смисла, дека сите оние што го престапиле Божјиот закон се грешници и на сите им е неопходна Божјата благодат за да добијат спасение, и Евреите и незнабошците се наоѓаат во иста положба.

**На каква опасност Павле ги предупредува своите читатели? Која порака треба да ја примиме сите ние, и Евреите, и незнабошците, преку оваа опомена? Римјаните 2,1-3.17-24**

---

„Откако апостолот покажал дека сите незнабошци се грешници, тој тогаш, на посебен и недвосмислен начин, покажува дека и Евреите живеат во грев, првенствено затоа што го држат законот само надворешно, односно според словото а не според духот“ (Мартин Лутер, Commentary on Romans, стр. 61).

Често многу лесно можеме да ги видиме гревовите кај другите и да укажеме на нив. А колку често сме и самите виновни за истите постапки, па дури и за полоши? Проблемот е во тоа што себеси се гледаме со заслепени очи или во тоа што се обидуваме добро да се чувствуваме гледајќи колку се полоши другите во споредба со нас.

Павле не сака такво нешто. Тој ги опоменува своите сонародници да не бидат брзи во осудувањето на незнабошците бидејќи тие, Евреите, иако биле одбран народ, во некои ситуации дури биле и повеќе виновни од незнабошците, спремни толку бргу да ги осудат, иако, како Евреи, добиле многу поголема светлина од нив.

Во сето тоа, Павле сака да ја нагласи мислата дека ниту еден од нас не е праведен, дека ниту еден од нас не ги исполнува божествените мерила и дека ниту еден од нас не е по природа добар или свет.

Евреите и незнабошците, мажите и жените, богатите и сиромашните, богобојазните и безбожниците – сите сме осудени. Да ја нема Божјата благодат, не би постоела никаква надеж за кој било од нас.

**Колку често, барем само во мислите, ги осудуваш другите за она за кое и самиот си виновен? На кој начин, слушајќи го она што го напишал Павле овде, можеш да се промениш?**

## ЕВАНГЕЛИЕТО И ПОКАЈАНИЕТО

**„Или ги презираш: богатството на Неговата благост, кротоста и долготрпеливоста, а не знаеш дека Божјата добрина те води кон покајание?" (Римј. 2,4) Каква порака се крие за нас во овие зборови?**

---

Треба да сфатиме дека Божјата добрина нѐ води, а не нѐ принудува на покајание. Но, Бога не се служи со сила. Тој е бескрајно трпелив и се труди со својата љубов да ги привлече сите кон себе. Принудното покајание би ја уништило секоја смисла и цел на покајанието, зар не? Кога Бог би нѐ принудувал на покајание, тогаш сите би биле спасени, инаку, зошто едните би ги принудувал на покајание, а другите би ги оставил во нивното непокајание?

Покајанието мора да биде чин на слободната волја, одговор на дејствувањето на Светиот Дух во нашиот живот. Да, покајанието е дар од Бога, но мораме спремно и отворено да го примиме - избор што ние самите треба да го направиме.

**Што се случува со оние кои се противат на Божјата љубов, кои одбиваат да се покајат и остануваат во непослушност? Римј. 2,5-10**

---

Во Римјаните 2,5-10, а често и во целото Послание до Римјаните, Павле го нагласува значењето на добрите дела. Оправдувањето со вера без делата на законот никогаш не смее да се сфати како добрите дела да немаат никакво место во христијанскиот живот. На пример, во седмиот стих, спасението е опишано како да доаѓа само кај оние кои го бараат „со трпение правејќи добро". Иако спасението не може да се заработи со човечки напори, добрите дела се дел од целокупното искуство на спасение. Тешко би било да замислиме дека некој би можел да ја чита Библијата, а и понатаму да мисли дека добрите дела немаат никаква вредност. Вистинското покајание, покајанието кое доаѓа доброволно од срцето, секогаш ќе биде следено со решеност да го отфрлиме и отстраниме сѐ она поради што се каеме.

**Колку често се каете? Дали твоето покајание е искрено или само се обидуваш да ги заборавиш своите грешки, недостатоци и гревови? Ако е така, како можеш да се промениш? Зошто треба да се промениш?**

---

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Според библискоото учење, гревот не е несреќа што го снашла човекот неочекувано, туку тој е последица на став и избор на човекот. Исто така, гревот не е отсуство на доброто, туку неисполнување на Божјите очекувања. Гревот е зол пат кој човек своеволно го избрал. Тоа не е слабост за која луѓето не можат да се сметаат за одговорни, бидејќи човекот со својот став и сторениот грев го избира патот на бунт против Бога, го престапува Неговиот закон и не ја слуша Божјата реч. Гревот се обидува да ги премине границите што Бог го поставил. Накратко, гревот е бунт против Бога“ (The Handbook of Seventh-day Adventist Theology [Hagerstown, Md.: Review and Herald, 2000], стр. 239).

Елена Вајт вели: „Ми беше покажана страшната слика на состојбата во која се наоѓа светот. Неморал се гледа на сите страни. Развратот е посебен грев на ова време. Се чини како да луѓето се опиени, и оние кои ја љубат вистината и вистинската добрина речиси се обесхрабрени од смелоста, силата и распространетоста на овој грев. Беззаконието што преовладува не е ограничено само на неверниците и потсмевачите. Би било добро да е така, но не е. Многу мажи и жени, кои ја исповедаат Христовата религија, се виновни. Дури и некои кои тврдат дека го очекуваат Неговото доаѓање, не се ништо подобро подготвени за тој настан од сатаната. Тие не се чистат од секоја нечистотија. Толку долго им служеле на своите страсти, што им станало сосем природно нивните мисли да бидат нечисти, а нивната мечта расипана“ (Ellen G. White, *Testemonies for the Church,* книга 2, стр. 346).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Каков одговор им давате на оние кои, и покрај она што се случило, тврдат дека човештвото напредува. Кои факти ги изнесуваат тие? Како одговарате на нив?**

**2. Разгледајте го вториот дел од текстот на Духот на пророштвото во делот за петок. Ако се пронајдовте во него, како гласи вашиот одговор? Зошто е толку важно да не очајуваме туку и понатаму да се држиме за Божјите ветувања за простување и очистување? Кој е тој кој сака да кажеме: „Доста е, не можам повеќе! Премногу сум расипан. Никогаш нема да се спасам, затоа се откажувам!“ Дали ќе го послушате него или Исуса, кој говори: „Ни Јас не те осудувам, оди си и отсега не греши веќе!“ (Јован 8,11).**

**3. Зошто е толку важно ние, како христијани, да ја сфатиме човечката грешност и расипаност? Што би можело да се случи кога би ја заборавиле таа тажна, но вистинска реалност? На какви грешки би можело да не нè наведе погрешното сфаќање на вистинската состојба?**

**4. Размисли за големиот број протестанти кои порадо избрале смрт отколку да се откажат од својата вера. Колку е силна нашата вера? Дали е доволно силна да умреме за неа?**

**Поука 4**
**21 - 27 октомври 2017**

# ОПРАВДУВАЊЕ СО ВЕРА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 3,19-28.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Мислиме дека човекот може да се оправда со вера, без делата на законот“ (Римјаните 3,28).**

Во оваа поука ја проучуваме основната тема на Посланието до Римјаните: оправдувањето со вера – голема вистина која повеќе од која било друга вистина влијаела на протестантската реформација. Рим сега не е многу поинаков по прашање на ова верување во однос на тоа каков бил во 1520 година, кога папата Лав издал папска була со која го осудил Лутера и неговите учења. Лутер ја запалил таа була, бидејќи, акп остои учење кое никоташ не може да се доведе под сомнение, тогаш тоа било и е оправдувањето со вера. Тој израз е втемелен на правото. Престапникот на законот доаѓа пред судија и осуден е на смрт поради своите престапи. Меѓутоа се појавува заменик кој врз себе ја презема неговата вина и на тој начин го чисти виновникот кој, прифаќајки го замeникот, стои пред судијата, не само ослободен од својата вина, туку и како личност која никогаш не ги направила злоделата поради кои била изведена пред суд. Сето тоа се случува затоа што заменикот – кој никогаш не направил никакво зло - му ја нуди на помилуваниот престапник својата совршена праведност. Така, виновникот стои пред судијата како никогаш да не го престапил законот.

Во планот на спасението, секој од нас е виновник. Заменикот, Исус, е совршено чист и се појавува на судот наместо нас, Неговата праведност ќе биде прифатена наместо нашата неправедност. Така ние стоиме оправдани пред Бога, не поради нашите добри дела, туку поради Исуса, чија праведност станува наша кога ја прифаќаме со вера. Разговарајте за таа радосна вест! Всушност, веста и не може да биде подобра отколку што е!

## ДЕЛА НА ЗАКОНОТ

**Што кажува Павле за законот и за тоа што законот може или не може да направи? Зошто е толку важно христијаните тоа да го сфатат? Римјаните 3,19.20**

---

---

Павле овде се служи со поимот закон во поширока смисла, онака како што го сфаќале Евреите во негово време. Под поимот „Тора“ (еврејски збор за закон) Евреите дури и денес првенствено мислат на Божјите упатства во првите пет Мојсееви книги, но и пошироко на целиот Стар завет. Моралниот закон, заедно со своите толкувања и додатоци во облик на прописи и препораки, но и церемонијалниот закон, биле дел од тие упатства. Поради тоа, поимот закон овде можеме да го разбереме како целокупен систем на јудаизмот.

Да се биде под законот значи да се биде под негова власт. Законот само ги открива недостатоците на човекот и вината пред Бога. Законот не може да ја отстрани вината; но може да го наведе грашникот да побара помош. Кога Посланието до Римјаните го применуваме на денешните прилики, кога еврејскиот закон не е веќе во употреба, ние мислиме главно на моралниот закон. Ниту овој закон не може да нѐ спаси, како што ни системот на јудаизмот не можел да ги спаси Евреите. Спасувањето на грешникот не е задача на моралниот закон. Неговата задача е да ни го открие Божјиот карактер и да ни покаже во што не сме успеале да го одржиме.

Без оглед за кој закон се работи – моралниот, церемонијалниот, граѓанскиот или за сите заедно – држењето на кој било од нив или на сите заедно, не може да го направи човекот праведник во Божјите очи. Всушност, законот никогаш и не бил предвиден да го прави тоа. Спротивно на тоа, законот треба да ни укаже на недостатоците и да нѐ води кон Христа.

Законот не може да спаси како што и симптомите на некоја болест не можат истата да ја излечат. Симптомите не лечат, тие укажуваат дека е потребно лекување. И тоа е начинот на кој законот дејствува.

**Колку биле успешни твоите напори да го држиш законот? Што ти кажува твојот одговор за залудноста на напорот да се спасиш со држење на законот?**

---

---

## БОЖЈАТА ПРАВДА

**„А сега без закон се јави Божјата правда, посведочена од законот и од пророкот“ (Римјаните 3,21).**

**Како би требало да го сфатиме она што го кажува овој текст?**

---

---

Оваа нова праведност се јавува како спротивност на праведноста на законот со која Евреите биле запознати. Оваа нова праведност е наречена „Божја праведност.“ Тоа значи праведност која доаѓа од Бога, праведност која Бог ја дава и единствената која Тој ја прифаќа како вистинска.

Секако, ваквата праведност и Исус ја негувал во својот живот додека бил во човечко тело, праведност која Тој им ја нуди на оние кои ќе ја прифатат со вера, кои ќе ја бараат за себе, но не затоа што ја заслужуваат, туку затоа што таа им е неопходна.

**„Праведноста е послушност на законот. Законот бара праведност и грешникот го должи тоа пред законот; но, тој не е способен да ја даде. Единствениот начин на кој тој може да стекне праведност е преку верата. Тој може со вера да ги изнесе пред Бога заслугите на Исуса Христа. Христовата праведност ќе биде прифатена наместо човечките недостатоци и Бог ќе ја прифати, помилува и оправда душата која се кае и верува, ќе постапува кон неа како да е праведна и ќе ја сака како што го сака својот Син“ ( Елена Г. Вајт, *Одбрани сведоштва,* 1. книга стр. 367). Како би можел да научиш да ја прифаќаш таа прекрасна вистина за себе? Римјаните 3,22**

---

---

Верата на Исуса Христа несомнено овде е вера во Исуса Христа. Кога делува на животот на христијанинот, верата е повеќе од интелектуално прифаќање на Христа, таа е многу повеќе отколку само признавање на некои факти за Христовиот живот и неговата смрт. Наместо тоа, вистинската вера во Исуса Христа значи да го прифатиме Него како Спасител, Заменик, Залог и Господ. Тоа значи да го одбереме неговиот пат во живот. Тоа значи да се потпреме на Него и да се трудиме да живееме во согласност со Неговите заповеди.

## СО НЕГОВАТА БЛАГОДАТ

**Што вели Павле за оправдувањето? Што значи тоа дека спасението е во Исуса? Римјаните 3,24**

---

Што кажува овој текст за оправдувањето? Грчкиот збор dikaioo, преведен како „оправда“, може да значи „го прави праведен“, „го прогласува за праведен“ и „го смета за праведен“. Зборот има ист корен како и зборот *dikaiosune* – „праведност“ и „оправдување“, што во некои преводи не доаѓаат до јасен израз. Ние сме оправдани кога Исус ќе нѐ „прогласи за праведни“.

Пред ова оправдување, човекот е неправедник и затоа е неприфатлив за Бога. По оправдувањето, тој или таа се сметаат за праведници и стануваат прифатливи за Бога.

Сето тоа се случува само преку Божјата благодат. Благодат значи наклонетост, давење предност. Кога грешникот ќе му се обрати на Бога и ќе побара спасение, делото на благодат се состои во тоа таа личност да се смета или да се прогласи за праведна. Тоа е незаслужена наклонетост. И верникот станува праведен без никаква заслуга од своја страна, без никакво право на кое може да се повика, освен со својата беспомошност. Човекот е оправдан со откупот кој е во Исуса Христа, со спасението кое Исус го нуди како замена и залог за грешникот.

Оправдувањето во посланието до Римјаните е претставено како моментално дело, што значи дека се случува во еден момент. Во еден момент грешникот е далеку од Бога, неправеден и неприфатен, а во следниот момент, по оправдувањето, тој е поблизу до Бога, прифатен и праведен.

Човекот кој е во Христа, на оправдувањето гледа како дело од минатото, дело кое се одиграло кога потполно му се предал на Христа. „Оправдани преку верата“ (Римјаните 5,1), всушност значи „бидејќи сме оправдани преку верата“.

Секако, ако оправданиот грешник отпадне и потоа повторно се врати кај Христа, оправдувањето повторно се случува. Потоа, ако обратувањето се прогласи за секојдневно искуство, тогаш и оправдувањето може да се смета за секојдневно искуство, од ден во ден повторено искуство.

**Ако радосната вест за спасението е навистина добра вест, што ги задржува луѓето да ја прифатат? Врз основа на сопственото искуство, што те натерало да се колебаш да го прифатиш сѐ она што Господ ти го ветува и нуди?**

## ХРИСТОВАТА ПРАВЕДНОСТ

Во Римјаните 3,25 Павле подетално ја објаснува големата порака за спасението. Тој се служи со изразот „смилостиви“, „одоброволува“. Грчкиот збор за тој поим *hilasterion*, се појавува само тука и во Евреите 9,5 каде што е преведен како „поклопецот на помирувалиштето“. Онака како што е употребен во Римјаните 3,25, опишувајќи го понуденото оправдување и спасението преку Христа, зборот *hilasterion* претставува исполнување на сè што било симболички претставено со „поклопоецот на Помирувањето“ во старозаветното Светилиште. Според тоа, овој збор значи дека со својата смрт Исус станал средство на спасението и Оној кој ја осигурува „милоста“. Накратко, тоа значи дека Бог сторил сè што е потребно за да нè спаси.

Текстот зборува за проштавање и ослободување од гревот. Нашите гревови прават да бидеме неприфатливи пред Бога. Ништо не можеме да направиме сами од себе за да ги отстраниме своите гревови. Но, со планот на спасението Бог обезбедил начин гревот да биде отстранет преку вера во Христовата крв.

Збор за „очистување“ во грчкиот јазик е *paresis*, што буквално значи „да помине преку“ или „да не обрнува внимание“, но тука никако не смее да се сфати како „занемарување на гревот“. Бог може да ги заобиколи гревовите од минатото бидејќи, со својата смрт, Христос ја платил казната за гревовите на сите луѓе. Секој што „верува во Неговата крв“ може да добие проштавање на гревовите, бидејќи Христос веќе умрел за нив (1. Коринќаните 15,3).

**Прочитајте Римјаните 3,26.27. Што истакнува Павле во овие стихови?**

Радосната вест, која Павле сакал да ја подели со сите кои сакале да го слушаат, е веста дека на човекот му стои на располагање Божјата праведност и дека ни се дава не поради наша заслуга, туку со вера во Исуса и во она што Тој го прави за нас.

Поради крстот на Голгота, Бог може да го прогласи грешникот за праведеник, а сепак да остане праведен и чесен во очите на вселената. Сатаната не може да впери прст кон Бога и да го обвини за кршење на законот, бидејќи небото ја принело најголемата жртва. Сатаната го обвинил Бога дека бара од човекот повеќе од она што е подготвен да направи за него. Крстот на Голгота го отфрла тоа обвинување.

**Сатаната очекувал дека Бог ќе го уништи светот по падот на човекот во грев. Наместо тоа, Бог го испратил својот Син да го спаси. Што ни кажува тоа за Божјиот карактер? Како знаењето за Божјиот карактер треба да влијае на нашиот начин на живот? Што ќе промениш во своето однесување во текот на следните 24 часа, затоа што подобро си се запознал со Божјиот карактер?**

## БЕЗ ДЕЛАТА НА ЗАКОНОТ

**„Мислиме дека човекот ќе се оправда со вера вез дела на законот.“ Римјаните 3,28. Дали тоа значи дека од нас повеќе не се бара да го почитуваме законот, бидејќи знаеме дека не можеме да се спасиме со делата? Како можеш да го објасниш својот одговор?**

---

Во историски контекст, Павле во Римјаните 3,28 говори за законот во поширока смисла како систем на јудаизмот. Независно од тоа колку совесно еден Евреин настојувал да живее во согласност со тој систем, доколку не го прифатил Исуса како Месија, не можел да биде оправдан.

Овој текст претставува заклучок на излагањето во кое Павле тврди дека законот на верата го исклучува фалењето. Кога човек би можел да се оправда со своите дела, би имал со што да се фали. Но, ако се оправдува затоа што Исус е објект на неговата вера, тогаш заслугата јасно му припаѓа на Бога, кој го оправдува грешникот.

Духот на пророштвото дава интересен одговор на прашањето: „Што е то оправдување со вера? Еве што кажува: „Божје дело е да ја фрли човековата слава во прав и да го направи за човекот она што самиот човек нема моќ да го стори за себе“ (Елена Вајт, *Testemonies to Ministers and Gospel Workers*, стр. 456).

Делата на законот не можат да донесат помирување за минатите гревови. Оправдувањето не може да се заработи. Тоа може да се прими само со вера во Христовата жртва на помирување. Значи, во таа смисла делата на законот немаат никаква врска со оправдувањето. Да се биде оправдан без дела, значи да се биде оправдан без ништо во себе со што би го заслужил оправдувањето. Меѓутоа, многу христијани погрешно го сфатиле и применувале овој текст. Тие велат дека сè што треба човекот да направи е да верува, но истовремено ја намалуваат вредноста на делата на послушноста, па дури и на послушноста кон моралниот закон. Правејќи така, сосем неточно го толкуваат Павле. Во Посланието до Римјаните, но и на други места, Павле дава голема важност на држењето на моралниот закон. Секако, тоа го правел и Исус, а и Јаков и Јован. (Матеј 19,17; Рим. 2,13; Јаков 2,10.11; Откр. 14,12). Павле сака да каже: иако послушноста не е средство на оправдување, човекот кој се оправдал со вера, држејќи го Божјиот закон, е единствена личност која може да го држи законот. Непреродената личност, која не е оправдана со вера, никогаш не може да ги исполни сите барања на законот.

**Зошто луѓето толку лесно паѓаат во стапица мислејќи дека човекот не мора да го држи Божјиот морален закон бидејќи тоа не го спасува? Дали и ти некогаш си го негирал гревот, потпирајќи се на оправдувањето со вера? Зошто таквото мудрување е многу опасно? Во исто време, каде би биле без ветувањето за спасение, дури и кога ќе се најдеме во искушение да го злоупотребиме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата „Ново и старо," стр. 84.84. во книгата *Христовите параболи*; главите „The Righteousness of Christ in the Law," стр. 236–239; „Come and Seek and Find," стр. 331–335; „Perfect Obedience Through Christ," стр. 373, 374, од *Selected Messages*, книга 1.

„Иако законот не може да ја плати казната за гревот, туку го оптоварува грешникот со сите негови долгови, Христос ветил изобилно помилување на сите оние што ќе се покајат и веруваат во Неговата милост. Божјата љубов изобилно се покажала на секоја душа која се кае и верува. Жигот на гревот на душата може да се избрише единствено со крвта на жртвата на помирувањето... на Оној кој е еднаков со Таткото. Христовото дело – Неговиот живот, понижување, смрт и посредување за изгубениот човек – го издигнува законот и го прави достоен за почит" (Елена Вајт, *Одбрани сведоштва*, 1. книга, стр. 371).

„Христовиот карактер го зазема местото на твојот карактер и ти си прифатен пред Бога како никогаш да не си грешел" (Елена Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 62)

„Благодатта е незаслужена наклонетост. Ангелите, кои не знаат за грев, не можат да разберат што би значето тоа да им се укаже благодат, но нашата грешност повикува на покажување на благодатта" (Елена Вајт, *Одбрани сведоштва*, 1. книга, стр. 366.367)

„Кога апостолот вели дека сме оправдани, „без делата на Законот', тој не зборува за делата на верата и благодатта; бидејќи верникот, кој твори дела на верата и благодатта, не верува дека тие го оправдуваат, туку тежнее да биде оправдан преку верата. Апостолот под 'делата на законот' подрабира дела врз кои се потпираат самоправедниците, мислејќи дека со нив се оправдува. Тие сметаат дека се праведни поради своите дела. Со други зборови, правејќи добро, тие не се стремат кон праведност, туку едноставно сакаат да се фалат дека веќе постигнаале праведност со своите дела" (Мартин Лутер, коментари на Римјаните, стр. 80)(Елена Вајт, *Одбрани сведоштва*, 1.книга, стр.366.367).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитај ги повторно сите текстови за оваа седмица и тогаш со свои зборови накратко опишете за што зборуваат.**

**2. Прочитајте го уште еднаш претходниот цитат од книгата на Мартин Лутер. Зошто оваа вистина го поттикнала Лутера да го стори она што го сторил? Зошто е важно и за нас денес да ги сфатиме неговите зборови?**

**3. „Христијаните адвентисти себеси се сметаат за наследници на библиското учење за оправдувањето со благодат само преку верата, кое реформаторите го прифатиле, и за обновители и претставници на полнотата, јасноста и урамнотеженоста на апостолското евангелие" (Иван Т. Блазен, »Salvation«, *Handbook of Seventh-day Adventist Theology* [Hagerstown, Md.: Review and Herald® Publishing Association, 2000], стр. 307). Кои причини ги имаме за да веруваме дека сме токму она што овде стои забележено?**

**Поука 5**
**Од 28. октомври до 3. ноември 2017.**

# АВРАМОВАТА ВЕРА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 15,6; 2. Самоилова 11, 12; Римјаните 3,20-23.31; 4,1-17; Галатјаните 3,19; 1. Јованово 3,4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО ТЕКСТОТ: „Според тоа, дали го укинуваме Законот преку верата? Далеку од тоа! Туку со тоа го утврдуваме Законот“ (Римјаните 3,31).**

На многу начини четвртата глава на Посланието до Римјаните проникнува до срцевината на реформација и библиска доктрина за спасението со вера и само со вера. Служејќи се со Аврамовиот пример на светост и доблести – како пример на човек кому му е било неопходно спасението со благодат, без делата на законот, Павле на своите читатели не им остава никаква можност погрешно да го разберат. Ако делата и почитувањето на законот на најдобриот меѓу луѓето не биле доволни за да го оправдаат пред Бога, каква надеж би можеле да имаат останатите? Ако благодатта била неопходна за Аврама, тогаш таа им е неопходна и на сите останати, и на Евреите и на незнабошците.

Во четвртата глава на Посланието до Римјаните Павле прикажува три основни фази на планот на спасението: (1) ветување за Божји благослов (ветување за благодат); (2) човечкиот одговор на тоа ветување (одговор на верата); и најпосле, (3) Божјото прогласување на праведност упатено е до оние што веруваат (оправдување). Така се случило со Аврам, така ќе се случува и со нас.

Премногу е важно да имаме на ум дека Павле говори за спасението со благодат; тоа е нешто што ни се дава, колку и да било незаслужено. Кога би го заслужувале, ние и би го имале; кога би го имале, тогаш тоа не би било дар туку враќање на долг. За суштествата кои се грешни како нас, спасението мора да биде дар.

За да го докаже своето сфаќање за спасението со вера и само со вера, Павле се навраќа на 1. Мојсеева и цитира: „И Авраам поверува во Бога и Тој го прими тоа како правда!“ (1. Мојсеева 15,6). Значи тука, на првите страници на Библијата, го наоѓаме оправдувањето со вера и само со вера.

## ЗАКОНОТ

**Кој факт го нагласува Павле за меѓусебниот однос на верата и законот? Зошто тој факт е толку важен за нас? Римјаните 3,31**

---

Во овој текст, Павле посебно нагласува дека верата не го укинува Божјиот закон. Дури ни оние кои го држеле законот, целокупниот старозаветен систем на законот, не можеле да се спасат со тоа. Религијата на Стариот завет, секогаш била религија на Божјата благодат, која Бог им ја давал на грешниците преку верата.

**Како Павле покажува дека дури и во Стариот завет спасението се стекнувало со вера, а не преку делата на законот? Римјаните 4,1-8**

---

Според старозаветниот извештај, Аврам бил прогласен за праведен бидејќи му поверувал на Бога. Според тоа, и самиот Стар завет говори за оправдувањето со вера. Во согласност со ова, секое нагласување дека верата го укинува (грчки „катаргео“, „прогласува за бескорисен“, „невалиден“) законот е погрешно; спасението со вера навистина е дел од Стариот завет. Благодатта се прогласува на секоја негова страница. На пример, што претставувал целокупниот ритуал во Светилиштето ако не слика за начинот на кој грешникот се спасува не со свои дела, туку со смртта на заменикот, наместо неговата?

Освен тоа, како поинаку би можел да се објасни фактот дека Давид добил проштавање веднаш по жалната афера со Витсавеа? Секако дека држењето на законот не го спасило, бидејќи тој прекршил толку многу начела на законот што би можел да биде осуден по многу основи. Кога би требало Давид да биде спасен според законот, тој не би бил спасен!

Павле го претставува Давидовото повторно стекнување на наклонетост, како пример за оправдувањето со вера. Проштавањето е дело на Божјата благодат. Понатаму во Стариот завет имаме уште еден пример за оправдување со вера! Всушност, колку и да биле легалистички расположени мнозина од припадниците на стариот Израел, еврејската религија секогаш била религија на благодатта. Легализмот бил само нејзина изопаченост, а не нејзина смисла.

**Размислувајте за Давидовото однесување и за неговото покајание (2. Самоилова 11,12; Псалм 51). Каква надеж за себе можеме да извлечеме од таа тажна приказна? Зар тоа не е поука за сите нас како треба да постапуваме кон оние во црквата кои згрешиле?**

## БЛАГОДАТТА ИЛИ ДОЛГОТ

Темата со која Павле тука се занимава е нешто многу повеќе од едноставна теологија. Тој проникнува до срцето и душата на спасението и на нашиот однос кон Бога. Ако некој верува дека мора да го заслужи оправдувањето, дека мора да достигне одредено ниво на светост, пред да може да биде оправдан и да добие проштавање, тогаш тој природно треба да се сврти кон себе и кон своите дела. Религијата може да стане впечатливо сосредоточена на човекот, а тоа е токму тоа што нам најмалку ни треба.

Насроти ова, ако некој ја сфати големата порака дека оправдувањето е дар од Бога, потполно незаслужен, колку му е полесно и поприродно да се сврти кон Божјата љубов и милост наместо кон себеси?

И на крај, кому му е полесно да ја одразува Божјата љубов и Неговиот карактер, на оној кој е обземен со себеси или оној што е свртен кон Бога?

**Како Павле понатаму ја обработува темата за оправдувањето со вера? Римјаните 4, 6-8**

______________________________________________________________

„Грешникот мора да дојде кај Христа со вера, да се фати за Неговите заслуги, да ги положи своите гревови врз Носителот на гревовите и да добие проштавање од Него. Тоа е, впрочем, и причината поради која Исус дошол на оваа земја. На тој начин Христовата праведност му се засметува на покајаниот грешник кој верува. Тој станува член на царското семејство“ (Елена Г. Вајт, *Одбрани сведоштва,* 1. книга, стр. 215).

Павле понатаму продолжува да објаснува дека спасението со вера не е наменето само за Евреите, туку и за незнабошците (Римјаните 4,9-12). Всушност ако сакаме да навлеземе во суштината, Аврам и не бил Евреин; тој потекнувал од паганско семејство (Исус Навин 24,2). Во негово време не постоела разлика меѓу Евреите и незнабожците. Кога Аврам бил оправдан (1. Мојсеева 15,6), не бил ни обрезан. Според тоа, Аврам станал татко на обрежаните и на необрежаните, како и голем пример со кој Павле се послужил за да ја нагласи својата мисија за сеопфатноста на спасението. Христовата смрт ги опфаќала сите, без разлика на расата или националноста (Евреите 2,9).

**Земајќи ја предвид сеопфатноста на крстот, и она што крстот ни го кажува за вредноста на секое човечко суштество, зошто расните, етничките или националните предрасуди претставуваат толку ужасно зло? Како да научиме да препознаваме кога имаме предрасуди во себе и, благодарение на Божјата благодат, да го исчистиме својот ум?**

## ВЕТУВАЊЕ

На денешен ден пред петстотини години, Мартин Лутер ги поставил своите 95 тези на вратата на Витенбершката црква. Интересно е што темата на овој отсек исто така проникнува во срцевината на спасението со вера.

Во текстот во Посланието до Римјаните 4,13 се споредуваат „ветувањето“ и „законот“. Павле се труди да постави старозаветен темел за своето учење за оправдувањето со вера. Тој наоѓа пример во Аврам, кого сите Евреи го сметале за свој предок. Бог му дал ветување на Аврам дека ќе биде наследник на светот. Дека Бог го прифаќа, Аврам тоа го стекнал независно од законот. Бог на Аврам му дал ветување дека ќе биде „наследник на светот“. Аврам поверувал во тоа ветување; впрочем, ја прифатил улогата што со тоа му била наменета. Како последица на ова, Бог го прифатил и дејствувал преку него за да го спаси светот. Ова останува моќен пример за тоа како дејстувала благодатта во Стариот завет; и токму затоа Павле и го споменува.

**Како Павле продолжува да докажува дека спасението со вера е централна мисла на Стариот завет? Римјаните 4,14-17; Галатите 3,7-9.**

________________________________________

________________________________________

Како што кажавме на самиот почеток, важно е да се има на ум кому Павле му пишува. Еврејските верници биле презафатени со старозаветниот закон и мнозина верувале дека нивното спасение почива на совршено држење на законот, иако ни самиот Стар завет не учи така.

Трудејќи се да го исправи тоа погрешно сфаќање, Павле вели дека Аврам, дури и пред законот на Синај, добил ветување, и тоа не според делата на законот (што тешко може да се прифати, зашто законот - целата Тора и церемонијалниот систем - сѐ уште не бил ни прогласен), туку според верата.

Ако Павле овде зборува исклучиво за моралниот закон, кој во принцип постоел и пред Синај, акцентот би бил на исто место. Дури и повеќе од тоа! Настојувањето Божјите ветувања да се примат според законот, вели апостолот, прави верата да стане празна, дури и некорисна. Ова се многу силни зборови, но апостолот сака да нагласи дека верата спасува, додека законот осудува. Тој сака да говори за залудноста на обидот спасението да се бара токму преку она што наведува на осуда од законот, зашто сите ние, и Евреите и незнабошците, сме го прекршиле законот и затоа треба да го направиме истото она што го направил и Аврам: со вера да ни се припише спасоносната Исусова праведност.

## ЗАКОНОТ И ВЕРАТА

Како што веќе видовме, Божјето постапување кон Аврам покажало дека спасението доаѓа преку ветувањето за благодатта, а не преку законот. Според тоа, ако Евреите сакале да бидат спасени, морале да отфрлат да се потпираат врз сопствените дела и да го прифатат ветувањето кое му било дадено на Аврам, кое се исполнило со доаѓањето на Месија. Всушност, тоа се однесува на сите луѓе, и на Евреите и на незнабошците, кои мислат дека нивните „добри дела“ сè што е потребно за да бидат прогласени за праведни пред Бога.

**„Начелото дека човекот може да се спаси со своите дела претставува темел на секоја незнабожечка религија... Каде и да се издигнува, луѓето немаат никаква одбрана од гревот“ (Копнежот на вековите, стр. 22). Што значи тоа? Зошто мислата дека можеме да се спасиме со своите дела нè прави толку беспомошни во борбата против гревот?**

________________________________________

________________________________________

**Како Павле го објаснува односот меѓу законот и верата во Галатјаните? Галатјаните 3,21-23.**

________________________________________

________________________________________

Кога би постоел закон кој би можел да дава живот, тогаш тоа секако би морал да биде Божјиот закон. Сепак, Павле вели дека ниту еден закон, дури ниту Божјиот, не може да даде живот, бидејќи сите го прекршиле законот и сите се осудени врз основа на законот.

Меѓутоа, ветувањето за верата, уште поцелосно откриено преку Христа, ги ослободува сите оние што веруваат и прави тие веќе да „не се под законот“; тоа значи дека веќе не се осудени ни оптоварени со свои сили да го заработат спасението преку законот. Законот станува товар кога се објавува без вера, без благодат – зашто без верата, без благодатта, без праведноста која доаѓа од верата, да се биде под законот значи да се биде под бремето и осудата за гревот.

**Колку оправдувањето со вера се наоѓа во центарот на твоето духовно патување со Господа? Што можеш ти да направиш тоа да не стане толку прикриено со други аспекти на вистината, та да го изгубиш од вид ова клучно учење? Всушност, што вредат сите останати учења без ова?**

## ЗАКОНОТ И ГРЕВОТ

Често слушаме како луѓето говорат дека во Новиот завет законот е укинат и како бараат текстови за кои мислат дека ја потврдуваат нивната мисла. Меѓутоа, ова размислување не е целосно здраво ниту е здрава теологијата која тоа ја поддржува.

**Што нагласуваат Павле и Јован за односот меѓу законот и гревот? Римјаните 3,20: 1. Јованово 2,3-6; 3.4.**

Пред неколку стотици години, ирскиот писател Џонатан Свифт напишал: „Дали некој може да потврди дека, доколку зборовите „пие“, „лаже“, „мами“, „краде“, со одлука на Парламентот се избришат од англискиот јазик и од англиските речници, ние следното утро ќе се разбудиме трезни, чесни и праведни, дека ќе ја љубиме вистината?“ (Џонатан Свифт, *A Modest Proposal and Other Satires*, стр. 205).

Во исто време, ако Божјиот морален закон е укинат, зошто лажењето, убивањето и кражбата и понатаму претставуваат зло дело или грев? Ако Божјиот морален закон е променет, тогаш мора да се промени и дефиницијата на гревот, зар не? Или, ако Божјиот морален закон е укинат, тогаш е укинат и гревот, а кој е во состојба да поверува во тоа? (1. Јованово 1,7-10; Јаков 1,14.15)

Во Новиот завет, се појавуваат и Божјиот морален закон и Евангелието. Законот покажува што е гревот: Евангелието укажува на лекот против тој грев, а тоа се смртта и воскресението на Исуса Христа. Ако нема закон, нема ниту грев, и според тоа, од што тогаш ние сме спасени? Евангелието има смисла единствено во контекст на законот и неговата трајна обврзаност.

Често слушаме дека крстот го укинал моралниот закон. Тоа навистина звучи иронично, бидејќи токму крстот покажува дека законот не може да се укине ниту да се промени. Ако Бог не го укинал ниту го променил законот пред Христовата смрт на крстот, зошто би го направил тоа подоцна? Зошто Бог не се ослободил од законот откако човечкиот род паднал во грев и со тоа да го поштедел човештвото од законската казна што ја донесува кршењето на законот? На тој начин Исус не би ни морал да умре. Исусовата смрт покажува дека моралниот закон, доколку би бил укинат или променет, би морал да биде укинат пред Неговата смрт, а не по неа. Според тоа, ништо друго не покажува трајна обврзаност кон моралниот закон како Исусовата смрт, смрт која се случила токму затоа што моралниот закон не можел да биде променет. Ако законот можел да биде променет за да одговара на нашата грешна состојба, зар тоа не би било полесно решение на проблемот на гревот од Исусовата смрт на крстот?

**Кога не би бил божествениот закон против прељубата, дали тоа дело би им предизвикало помалку болка и страдање на оние кои се погодени од него? Како твојот одговор ти помага да сфатиш зошто Божјиот морален закон е задолжителен и понатаму? Какви се твоите искуства со последиците од кршењето на Божјиот морален закон?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитај ги главите: „Господ го повикува Аврама“, „Законите и заветите“ во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт; „Проповед на горатa на блаженствата,“ „Судир“ и „Се сврши“ во книгата *Копнежот на вековите;* „Christ the Center of the Message“ во книгата Selected Messages, 1. книга, стр. 388.

„А на оној, кој работи, платата не му се засметува по милост, туку по долг“ (Римјаните 4,4). Апостол тука го објаснува цитираниот текст од претходниот стих (1. Мојсеева 15,4-6), и врз основа на тоа заклучува и докажува дека оправдувањето се стекнува со вера, а не со дела. Тој тоа го прави првенствено објаснувајќи го значењето на зборовите ’тоа му се засмета за праведност’. Овие зборови покажуваат дека Бог ги прифаќа (грешниците) поради благодатта, а не поради нивните дела“ (Мартин Лутер, Commentary on Romans, стр. 82).

„Кога сатаната би успеал да го наведе човекот да ги цени сопствените дела како заслужни дела со кои се стекнува праведност, знае дека може да го совлата со своите искушенија и да направи од него своја жртва и свој плен... Премачкајте ги довратниците со крвта на Јагнето од Голгота и ќе бидете сигурни“ (Ellen G. White, *Review and Herald,* 3 декември 1889).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто е толку важно да ја сфатиме науката за спасение со вера и само со вера, без делата на законот? Од какви заблуди може да нè сочува тоа знаење? Каква опасност ги очекува оние кои ќе го изгубат од вид ова клучно библиско учење?**

**2. Кои докази за трајната обврзаност кон Божјиот морален закон можеш да ги понудиш, иако знаеш дека законот и послушноста кон законот не можат да нè спасат?**

**3. Главното прашање кое претставува срцевина на реформацијата гласи: „Како се спасуваме? На кои начини можеме отворено и непосредно да разговараме за разликите меѓу протестантите и католиците кога е во прашање оваа важна тема, а притоа никого лично да гне го нападнеме?**

**4. Како оправдани грешници, сме ја примиле благодатта и незаслужената Божја наклонетост, иако сме грешеле против Него. Каков полттик треба тоа да претставува за нас во поглед на тоа како треба да постапуваме кон другите? Колку сме полни со благодат и наклонетост кон оние кои нè повредиле и кои навистина не ја заслужуваат нашата наклонетост и благодат?**

**Поука 6**
**4 - 10 ноември 2017**

# АДАМ И ИСУС



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 5.**

**ЗАПОМНИ ГО ТЕКСТОТ: „И така, бидејќи оправдани преку верата, имаме мир со Бога, преку нашиот Господ Исус Христос, преку кого и пристапивме со вера во оваа благодат, во која стоиме и се фалиме во надежта на Божјата слава“ (Римјаните 5,1.2).**

Павле го докажал фактот дека оправдувањето или прифаќањето пред Бога доаѓа само со вера во Исуса Христа, бидејќи доволна ни е само Неговата праведност за да ни се додели правото да стоиме пред Бога. Градејќи на таа вистина, Павле понатаму ја објаснува истата тема. Покажувајќи дека спасението се заработува само со вера, а не со дела, дури и во случај на некој кој е толку праведен како Аврам, Павле како на некој начин да стапува чекор назад за уште еднаш да фрли поглед на големата слика – на тоа што го предизвикува гревот, страдањето и смртта, на решението кое се наоѓа во Исуса Христа и на сè она што Тој направил за човештвото. Со падот на еден човек, Адам, цело човештво се соочило со осуда, отуѓување и смрт; со победата на еден човек, Исус Христос, цел свет добива нова можност слободно да застане пред Бога, нова прилика со вера во Исуса записот за неговите гревови да биде избришан и казната за истите укината, гревовите да бидат простени а грешниците засекогаш помилувани.

Павле прави споредба меѓу Адам и Исус, покажувајќи дека Христос дошол да го поправи она што Адам го направил, за да можат жртвите од Адамовиот грев да бидат избавени од пропаста и смртта со вера во Христа, нивниот Спасител. Темел на сето тоа е Исусовиот крст и Неговата застапничка смрт – која го отворила патот до секое човечко суштество, Евреин и незнабожец, да биде спасено во Оној, кој со својата крв донел оправдување за сите кои ќе го прифатат.

Секако, оваа тема е достојна да биде длабоко проучувана, бидејќи претставува темел на секоја наша надеж.

## „ОПРАВДАНИ ПРЕКУ ВЕРАТА...“

**„И така, бидејќи оправдани преку верата, имаме мир со Бога, преку нашиот Господ Исус Христос, преку кого и пристапивме со вера во оваа благодат, во која стоиме, и се фалиме во надежта на Божјата слава. Но не само тоа, туку се фалиме и во неволјите, знаејќи дека неволјата раѓа трпение, трпението - искуство, а искуството - надеж; а надежта пак не разочарува, зашто Божјата љубов е излеана во нашите срца преку Светиот Дух, Кој ни е даден “ (Римјаните 5,1-5).**

**Како накратко би ја формулирале оваа Павлова порака? Што од неа би зеле за себе?**

„Оправдани“ може да се преведе како „откако сме оправдани“. Грчкиот глагол изразува свршено дејство. Ние сме прогласени за оправдани или Бог нас нѐ смета за праведни, не поради кое било наше дело на законот, туку затоа што сме го прифатиле Исуса како свој Спасител. Совршениот живот што го имал Христос додека живеел на оваа земја, ни се припишува и нам, неговото совршено држење на законот, ни се засметува и нам. Во исто време, сите наши гревови се положени на Исуса. Бог прифатил како Исус да ги направил тие гревови, а не ние, и токму затоа ние можеме да бидеме поштедени од казната што сме ја заслужиле. Таа казна го погодила Исуса наместо нас, така што ние сами никогаш не мораме да се соочиме со неа. Постои ли пославна вест, која ни е упатена нам како грешници?

Грчкиот збор преведен како „слава“, во третиот стих, е преведен со зборот „се радува“ во вториот (во наш превод „се фалиме“) така што јасно може да се види врската меѓу тие два стиха. Оние што се оправдани, можат да се радуваат и во неволја, бидејќи ја утврдиле својата вера и доверба во Исуса Христа. Тие имаат доверба дека Бог сѐ ќе изведе на добро. Тие сметаат дека им причинува чест што можат да трпат поради Христа (1. Петрово 4,13)

Обратете внимание на прогресијата од третиот до петиот стих:

1. *Трпение.* Грчкиот збор употребен овде гласи „хипомоне“ и значи „решителна истрајност.“ Тоа е трпение какво што го развиваат неволјите кај оној што ја сочувал својата вера и не ја изгубил од вид надежта во Христа, дури и среде неволјите и страдањата кои понекогаш можат да го отежнат животот.

2. *Искуство.* Грчкиот збор „докиме“, кој е овде преведен како искуство, буквално значи „потврден квалитет“, „докажан карактер.“ Оној кој трпеливо ги поднесува неволјите може да развие карактер чии квалитети се потврдени.

3. *Надеж.* Издржливоста и потврдениот карактер развиваат надеж, надеж која се потпира на Христа и на ветувањето за спасението, кое Тој го дал. Сѐ додека со вера, покајание и послушност се држиме за Христа, имаме доволно причини да се надеваме на вечен живот.

**На што најмногу се надеваш во својот живот? Како таа надеж може да се исполни во Христа? Дали воопшто може? Ако не може, зошто се надеваш?**

## ДОДЕКА УШТЕ БЕВМЕ ГРЕШНИЦИ

**Кој заклучок за Божјиот карактер можеме да го донесеме врз основа на Павловите зборови? Зошто тие нè исполнуваат со надеж? Римјаните 5,6-8**

---

Кога Адам и Ева срамно и неодговорно ја прекршиле Божјата заповед, Бог го направил првиот чекор кон помирувањето. Оттогаш натаму, Бог секогаш придвижувал постапка барајќи пат за спасение и повик луѓето да го прифатат. „А кога наврши времето го прати Бог својот Син Единец“ (Галатјаните 4,4).

**Што значат зборовите луѓето да се спасуваат од Божјиот гнев преку Исуса? Римјаните 5,9**

---

Како што крвта на довратниците на Израелците во Египет, во предвечерието на излезот, ги заштитила првенците од гневот кој ги погодил египетските првенци, така и Исусовата крв е гаранција дека оној кој е оправдан и кој останал оправдан ќе биде заштитен од Божјиот гнев кога гревот ќе биде конечно уништен на крајот на времето.

Некои луѓе имаат проблем со идејата дека Бог, кој е полн со љубов, може да се гневи. Меѓутоа, Неговиот гнев, всушност, и постои поради Неговата љубов. Како би можел Бог, кој го сака светот, да не се разгневи над гревот? Кога би бил рамнодушен кон нас, не би ни обрнувал внимание на она што се случува во светот! Погледнете околу себе и видете што сè им направил гревот на Божјите дела на создавањето! Како Бог да не се разгневи, гледајќи го таквото злото и уништување?

**Кои други причини за радост наведува Павле? Римјаните 5,10.11**

---

Некои коментатори во десетиот стих гледаат повик луѓето да живеат како Христос што живеел додека бил на Земјата, повик да имаат совршен карактер, кој го обликувал и нам ни го нуди. Меѓутоа, иако е вистина дека нам ни е неопходен неговиот совршен карактер, изгледа дека Павле тука поголемо внимание посветува на фактот дека Исус умрел, за повторно да стане од гробот и вечно да живее (Евреите 7,25). И бидејќи Тој живее, ние сме спасени! Ако останел во гробот, нашите надежи би пропаднале заедно со Него. Единаесетиот стих нè повикува да се радуваме во Господа за она што Исус го постигнал за нас.

## „ТАКА СМРТТА ВЛЕЗЕ ВО СИТЕ ЛУЃЕ“

Смртта е непријател, конечен непријател. Кога Бог го создал човечкиот род, планирал сите негови припадници да живеат вечно. Со многу мали исклучоци, луѓето не сакаат да умрат, а оние кои тоа го посакуваат, го прават тоа поради големиот број на лични катастрофи и неволји. Смртта се спротивставува на суштината на нашата природа. Тоа доаѓа оттаму што ние сме создадени за да живееме вечно. Таа требало да ни остане непозната.

**Кој процес ни го објаснува апостолот? Што сака да постигне со тоа? Римјаните 5,12**

---

Коментаторите размислувале за овој текст повеќе од кој било друг. Можеби тоа е причината, како што нагласува The SDA Bible Commentary, што тие коментатори се обидуваат да се послужат со овој текст поинаку од намерата што ја имал Павле.

Едно од прашањата околу кое постоел судир меѓу нив, гласело: На кој начин Адамовиот грев се пренел врз неговото потомство? Дали потомците на Адам ја делеле вината поради Адамовиот грев или се виновни пред Бога поради своите гревови? Иако се труделе, врз основа на овој текст, да го пронајдат одговорот на тоа прашање, Павле воопшто не се занимава со тоа. Тој има на ум сосема поинаков проблем. Тој повторно го нагласува тоа што го рекол на почетокот: „Зашто сите згрешија“ (Римјаните 3,23). Неопходно е да признаеме дека сме грешници, затоа што само така ќе бидеме свесни дека ни е потребен Спасител. Павле тука се труди да им прикаже на своите читатели колку гревот е грешен и што дошло на овој свет преку Адама. Тогаш покажува што нам ни нуди Бог преку Исуса Христа како единствен лек за трагедијата која го снашла светот поради гревот на Адам.

Да, овој текст говори само за проблемот – за смртта поради Адамовиот грев – но не и за неговото решение, за животот во Христа. Еден од најславниот аспект на Евангелието е фактот дека животот ја победил смртта. Исус минал низ вратата на гробот и ги раскинал оковите на смртта. Тој кажува: „И живеев, и бев мртов и еве сум жив за век векови; амин и имам клуч од пеколот и смртта“ (Откровение 1,18). Бидејќи Исус ги има клучевите, непријателот веќе не може да ги држи своите жртви во темнината на смртта.

**Какво е твоето лично искуство со реалноста и трагедијата на смртта? Зошто, соочени со тој страшен непријател, мора да ја сочуваме надежта во нешто поголемо од нас самите, поголемо од сѐ она што светот може да ни го понуди?**

## ОД АДАМА ДО МОЈСЕЈА

**Прочитајте го текстот во Римјаните 5,13.14. Каква поука за законот ни дава Павле во овие стихови?**

---

За што зборува Павле тука? Изразот „пред законот“ претставува паралела со изразот „од Адама до Мојсеја.“ Тој говори за времето од создавањето на светот до Синај, пред формалното објавување на правилата на законот на израелскиот систем, кој, се разбира, ги опфаќа и Десетте заповеди.

„Пред законот“ значи до објавувањето на Божјите барања во разни закони дадени на Израелците на Синај. Гревот постоел и пред Синај. А зар можел да не постои? Зар лажењето, убивањето, неверството и идолопоклонството не биле грев пред тоа? Секако дека биле!

Вистина е дека човечкиот род пред Синај имал само ограничено откровение за Бога, но луѓето очевидно доволно знаеле за да бидат повикани на одговорност. Бог е праведен и никого не казнува неправедно. Како што истакнува Павле, луѓето умирале и пред Синај. Смртта имала власт над сите. Иако не грешеле против некоји конкретни заповеди, сепак луѓето грешеле. Тие имале откровение за Бога преку природата, на кое и не обраќале внимание, па затоа и биле одговорни. „И навистина, она што е во него невидливо, односно вечнат анегова сила и Божественост на светот, гледано пред неговите дела, па така тие немаат изговор“ (Римјаните 1,20).

**Со која намера Бог поцелосно се покажал и се открил во својот закон? Римјаните 5, 20.21**

---

Поуките дадени на Синај го содржеле моралниот закон, иако тој постоел и пред тоа. Меѓутоа, тоа било прв пат, барем според Библијата, тој закон да биде напишан и објавен.

Кога Израелците сакале да се споредат со Божјите барања, откриле дека многу заостануваат зад нив. Со други зборови беззаконието се намножило. Одеднаш ја сфатиле големината на своите престапи. Таквото сфаќање имало за цел да им помогне да ја увидат дека им е потребен Спасител и да ги натера да ја прифатат благодатта која Бог во толку огромна мера им ја понудил. И како што веќе беше нагласено, вистинската суштина на верата не била легалистичка.

**Како законите во вашата земја го откриваат човечкото сфаќање на доброто и злото? Кога човечките закони ја прават таа разлика, што можеме да кажеме за Божјиот вечен закон?**

## ИСУС, ВТОРИОТ АДАМ

**„И така, како што преку еден престап дојде осудување на сите луѓе, така и преку едно праведно дело дојде за сите луѓе оправданието, што донесува живот; зашто, како што со непослушноста на еден човек мнозина станаа грешници, така и со послушноста на Еден мнозина ќе станат праведни“ (Рим. 5,18.19). Каква спротивност е претставена овде? Каква надеж ни се нуди во Исуса?**

Како луѓе, ништо не сме добиле од Адама, освен осуда на смрт. Меѓутоа, Христос дошол и поминал таму каде што Адам паднал, издржувајќи ја секоја проба наместо човекот. Тој го исправил жалосниот престап и пад на Адам, и така, како наша Замена, нѐ поставил на сигурно место пред Бога. И затоа Христос станал „втор Адам“.

„Вториот Адам бил слободно морално суштество, одговорно за своето однесување. Бил опкружен со подмолни и заводнички влијанија. Тој се наоѓал во понеповолни околности од првиот Адам во кои требало да води безгрешен живот. Сепак, среде грешниците, тој се спротивставил на секое искушение (Елена Г. Вајт, *The SDA Bible Commentary*, 6 книга, 1074).

**На кој начин Павле го споредува Адамовото и Христовото однесување? Римјаните 5,15-19.**

Проучете ги спротивните идеи: смрт - живот; непослушност - послушност; осуда - оправдување; грев - праведност. Исус дошол и го поправил она што го сторил првиот Адам.

Интересно е што зборот „дар“ се појавува пет пати од 15 до 17 стих. Мислата е јасна: Павле нагласува дека оправдувањето пред Бога не се заслужува, тоа доаѓа како дар. Тоа е нешто што не сме го заслужиле, за што не сме ни достојни. Како и секој друг дар, дарот мора да се прифати. Ние треба да го прифатиме овој дар со вера.

**Како изгледал најдобриот дар што некогаш сте го добиле? Што било тоа што го правело толку добар и посебен? Дали фактот дека тоа е дар, а не нешто што сте го платиле, придонесло тој дар да ви стане поскапоцен? Сепак, може ли тој дар да се спореди со она што сме го добиле во Исуса?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитај ја главата под наслов: „Искушение и пад“ во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт, како и „Помош во секојдневниот живот“, во книгата *Во потрага по подобар живот*, стр.295-297. Ако сте во можност, прочитајте го и ова: „Christ the Center of the Message,” во *Одбрани сведоштва*, кн. 1., стр. 383, 384; „Justification“, во *The SDA Encyclopedia,* стр. 712–714.

„Многумина се мамат кога ја разгледуваат состојбата на своето срце. Не сфаќаат дека непропороденото срце е лажливо и зло. Тие се наметнуваат со својата праведност и се задоволуваат со тоа да го достигнат своето човечко мерило на карактерот“ (*Одбрани сведоштва*, 1. книга, стр. 320).

„Постои голема потреба да се проповеда дека Христос е единствената надеж и спасение. Кога доктрината за оправдување со вера била претставена... за многумина дошла како што водата му доаѓа на еден патник. Помислата дека Христовата праведност ни се припишува нам не поради некоја заслуга од наша страна, туку како бесплатен дар од Бога, им изгледала како драгоцена мисла“ (Исто, 1. книга, стр. 360).

„Кој е слика на Оној кој доаѓа“ (Римјаните 5,14). Во која смила Адам е Христова слика? Како што Адам им донел смрт на своите потомци, иако тие не јаделе од плодот на забранетото дрво, така Христос им дава правда на оние кои го прифаќаат со вера, иако праведноста не ја заслужиле, зашто Тој преку крстот осигурал праведност за сите луѓе. Сликата на Адамовиот престап е во нас, зашто и ние умираме како да сме згрешиле како што згрешил тој. Христовата слика е во нас, затоа што живееме како да сме ја исполниле сета правда како што ја исполнил Тој“ (Мартин Лутер, Commentary on Romans, стр. 96, 97).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размисли за реалноста на смртта и што му прави таа не само на животот, туку и на смислата на животот? Многу писатели и филозофи пишувале за бесмисленоста на животот бидејќи завршува со вечна смрт. Како ние, како христијани, одговараме на нивните размислувања? Зошто надежта која што ја имаме во Христа е единствениот одговор на таа бесмисленост на животот?**

**2. Токму онака како што Адамовиот пад на сите нас ни ја оставил грешната природа, Исусовата победа над смртта ни нуди ветување за вечен живот на сите кои го прифаќаат со вера. Со такви прекрасни изгледи пред себе, што ги задржува луѓето да не ја прифатат таа драгоцена понуда? На кои начини секој од нас би можел да им помогне на оние кои копнеат подобро да го разберат она што Исус им го нуди и она што Тој го сторил за нив?**

**Поука 7**
**11- 17 ноември 2017**

# ПОБЕДА НАД ГРЕВОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 6; 1. Јованово 1,8 - 2,1.**

**ЗАПОМНИ ГО ТЕКСТОТ: „Зашто гревот нема да завладее со вас, зашто не сте под законот туку под благодатта“ (Римјаните 6,14)**

Ако делата не можат да нè спасат, зошто воопшто да се трудиме околу нив? Зошто едноставно не продолжиме да грешиме?

Шестата глава е негов одговор на тоа прашање. Тука Павле се занимава со она што вообичаено се нарекува „посветување“, процес на победа над гревот и сè поголемо усогласување со Христовиот карактер. Самиот збор „посветување“ се јавува само два пати во Посланието до Римјаните во 19. и 22. стих во шестата глава. Во грчкиот се користи зборот *hagiasmos*.

Дали тоа значи дека Павле нема што да каже за она што обично се нарекува посветување? Никако!

Во Библијата зборот „посветува“ значи „да се одвои за некого“, обично за Бога. Според тоа, да се биде посветен вообичаено се претставува како дело довршено во минатото. На пример, „меѓу сите посветени“ (Дела 20,32). Посветените во оваа смила, тоа се оние кои се посветени на Бога.

Меѓутоа, ваквата библиска употреба на поимот „посветува“ воопшто не ја негира важната доктрина за посветувањето или фактот дека посветувањето е дело кое трае цел живот. Библијата силно ја потврдува таа доктрина, но користи други поими за да ја дефинира.

Оваа седмица ќе ја разгледуваме другата страна на спасението со вера, страна која лесно може да биде погрешно сфатена, а тоа ги опфаќа: ветувањата за победа над гревот во животот на оние коишто Исус ги спасил.

## „КАДЕ ШТО ГРЕВОТ СЕ ЗГОЛЕМИ“

Во Римјаните 5,20 Павле изразува една силна мисла: „Зашто таму каде што гревот се намножува, уште повеќе ќе се намножи благодатта.“ Со тоа сакал да ја нагласи мислата дека, без оглед колку гревот се намножил и колку се страшни неговите последици, Божјата благодат е доволна за да го реши тој проблем. Каква надеж треба да ни донесе тоа на сите нас, особено кога сме во искушение да помислиме дека нашите гревови се преголеми за да можат да бидат простени! Во следните текстови, Павле покажува дека Божјата благодат е во Исуса, иако гревот предизвикал смрт, Кој ја победил смртта и ни дава вечен живот.

**Како Павле одговара на помислата дека оправдувањето со вера нè ослободува од послушноста кон законот? Римјаните 6,2-11**

____________________________________________________________

Во шестата глава Павле користи интересна логика кога тврди дека оправданата личност не треба да греши. Прво, говори дека не треба да грешиме затоа што сме мртви за гревот. Потоа објаснува што сакал да каже со тоа.

Потопувањето во вода со крштавање, претставува погреб. Што е погребано? Грешниот „стар човек“ – телото посветено на гревот, тело со кое владее гревот. Како последица, ова „тело на гревот“ е уништено, така што веќе не служиме на гревот. Во шестата глава на Посланието до Римјаните гревот е претставен како господар кој владее над своите слуги. Кога „телото на гревот“ еднаш е уништено, тогаш и гревот престанува да владее над него. Според тоа, и христијанинот, кој умрел за гревот еднаш и засекогаш, никогаш повеќе не би смеел да се врати под негова власт. Секако, како што знае секој крстен христијанин, гревот не исчезнува автоматски од нашиот живот кога ќе излеземе од водата во која сме се крстиле. Да не бидеме под власта на гревот, не значи дека не мораме да се бориме против него.

„Од ова јасно гледаме што значат зборовите на апостолот. Сите изјави како што се: 1) ’Умревме за гревот’, 2) ’живееме за Бога’, итн. подразбираат дека не им се препуштаме на своите гревови и грешни страсти, иако гревот и понатаму е во нас. Сепак, гревот останува во нас до крајот на нашиот живот, како што читаме во Посланието до Гал. 5,17: ’Зашто телото копнее против Духот, а Духот против телото; зашто тие се противат еден на друг’. Според тоа, сите апостоли и свети признаваат дека гревот и грешните страсти останувааат во нас додека телото не се претвори во прав, а новото (прославено) тело не воскресне ослободено од гревот“ (Мартин Лутер, *Commentary on Romans*, стр. 100).

## КОГА ГРЕВОТ ЦАРУВА

**Каков совет ни дава Павле во Посланието до Римјаните 6,12?**

Зборот „царува“ покажува дека „гревот“ овде е претставен како владетел. Грчкиот збор преведен како „царува“ буквално значи „да се биде цар“ или „да се однесува како цар“. Гревот е до крајни граници подготвен да ја заземе царската положба во нашите смртни тела и да ни диктира како да се однесуваме.

Кога Павле вели „нека не царува гревот...“ мисли на тоа дека оправданата личност може да одлучи да го спречи гревот да се прогласи за цар во нашите смртни тела и да ни диктира како ќе се однесуваме.

„Вам ви е неопходно да сфатите колкава е вистинската сила на волјата. Таа е сила што владее во човековата природа, способност на одлучување или бирање. Сè зависи од правилната употреба на волјата. Бог му дал на човекот власт да бира и од него зависи дали ќе се послужи со неа. Вие не можете да го промените срцето, вие не можете да сами од себе да му ги посветите на Бога чувствата на срцето; но можете да решите, да одберете да му служите! Можете да му ја предадете својата волја; тогаш Тој ќе дејствува во вас и ќе стори да сакате и да го правите она што му е нему угодно. Со тоа целата ваша природа ќе биде ставена под управа на Христовиот Дух; Тој ќе биде центар на сите ваши чувства, вашите мисли ќе стапат во хармонија со него“ (*Патот кон Христа*, стр. 47)

Грчкиот збор, кој во Римјаните 6,12 преведен како „наслада“, значи „желба.“ Тие желби можат да бидат желби за нешто добро или за нешто зло; кога гревот владее, тој ќе направи нашите желби да бидат зли. Тие желби ќе бидат силни, речиси незапирливи, ако се бориме против нив со своја сила. Гревот може да биде свиреп тиранин, кој никогаш не е задоволен, туку секогаш се враќа по уште. Само со вера, само ако се фатиме за ветувањата за победа, можеме да го победиме овој неумолив непријател.

Изразот „И така“, во овој текст е многу значаен. Тој нè враќа на она што веќе било кажано, а особено на она што било кажано во 10. и 11. стих. Крстената личност сега живее за Бога. Тоа значи дека Бог станал средиште на нејзиниот нов живот. Таа му служи на Бога, го прави она што му е угодно на Бога и затоа не може едноовремено да му служи и на гревот. Таа сега е „жива за Бога во Исуса Христа“.

**Прочитај го уште еднаш текстот во Духот на пророштото во поуката за денес. Размисли колку е важна улогата на волјата. Како морални суштества, ние мораме да имаме слободна волја, сила да бираме меѓу доброто и злото, меѓу она што е правилно и она што е погрешно, меѓу Христа и светот. Во текот на следниот ден, внимателно следи како ја користиш својата слободна волја. Што научи врз основа на употребата или злоупотребата на овој драгоцен дар?**

## НЕ СМЕ ПОД ЗАКОНОТ ТУКУ ПОД БЛАГОДАТТА

**Како да ја сфатиме Павловата изјава дека не сме под законот? Дали тоа значи дека Десетте заповеди веќе не нè обврзуваат? Ако не, зошто не? Римјаните 6,14**

---

Текстот во Римјаните 6,14 е еден од клучните текстови во Посланието до Римјаните. Тој текст најчесто го слушаме кога некој ни докажува дека ни саботата веќе не е задолжителен седмичен празник.

Очигледно е дека текстот го нема тоа значење. Како што веќе прашавме порано, како би било можно моралниот закон да е укинат, а гревот и понатаму да е реалност, бидејќи само моралниот закон дефинира што е гревот? Кога би прочитале сè што е напишано во Римјаните, па дури и само она што е напишано во шестата глава, би ви било многу тешко да сфатите, сред целокупната расправа за гревот и за реалноста на гревот, како можел Павле да каже: „Слушајте ме, браќа, моралниот закон, Десетте заповеди, законот кој го дефинира гревот, е укинат засекогаш!“ Тоа не би имало логика, зар не?

Всушност, Павле говори дека човекот, кој живее „под законот“ – под еврејскиот систем што владеел во тие дни, со сите човечки правила и прописи – всушност живее под управата на гревот. Наспроти тоа, личноста која живее под благодатта, ќе го победи гревот, затоа што законот е запишан во нејзиното срце и затоа што го овластила Божјиот Дух да управува со нејзините чекори. Прифаќајќи го Исуса Христа како Месија, оправдувајќи се во Него, крштавајќи се во Неговата смрт, уништувајќи го својот стар човек, почнувајќи да чекори во новиот живот – таа направила сè што е во нејзина моќ за да го симне гревот од престолот на својот живот. Имај на ум дека овој текст се појавува во целокупниот контекст, во контекст на ветувањето за победа над гревот.

Сепак, не би смееле изразот „под законот“ да го толкуваме премногу ограничено. Личноста, која наводно живее „под благодатта“, а не го почитува Божјиот закон, нема да прими благодат, туку казна. „Да се биде под благодат“ значи дека преку Божјата благодат, која се покажала во Исуса, се повлекува осудата која законот неминовно му ја изрекува на грешникот. Така, сега, слободни од оваа смртна осуда што ја искажува законот, живееме живот обележан со фактот дека, штом сме мртви за нашето јас, ние веќе не сме робови на гревот.

**На кој начин си искусил нов живот во Христа? Со кои видливи докази можеш да потврдиш дека Христос променил нешто во тебе? Кои подрачја од својот живот си ги оставил непроменети и зошто би требало да му дозволиш на Христа и нив да ги промени?**

## ГРЕВ ИЛИ ПОСЛУШНОСТ

**Која голема вистина Павле сака да ја истакне? Зошто е толку исклучив во својата изјава? Зошто бара да бираме меѓу едното и другото, без некое средно решение? Која поука можеме да ја извлечеме од ова јасно соочување? Римјаните 6,16**

---

Павле повторно се враќа на фактот дека новиот живот со вера не гарантира слобода од гревот. Животот со вера овозможува победа над гревот; всушност, единствено преку верата можеме да ја постигнеме победата што ни е ветена.

Откако го опишал гревот како цар кој владее над своите поданици, Павле се враќа на сликата на гревот како господар кој бара послушност од своите слуги. Павле истакнува дека човекот има право да одбере кој ќе биде негов господар. Тој може да му служи на гревот кој го води во смрт или може да ѝ служи на праведноста која го води во вечен живот. Павле не ни остава некое средно решение или простор за компромис. Тој бара да го одбереме едното или другото, бидејќи на крајот ќе се соочиме со - вечен живот или вечна смрт.

**Прочитајте го текстот во Римјаните 6,17. Како Павле во овој текст го проширува она што го кажал во претходниот стих?**

---

Интересно е што сега послушноста се поврзува со вистинската наука. Грчкиот збор за наука или доктрина овде значи „учење.“ Римските христијани биле поучени од начелата на христијанската вера, која сега ја прифатиле. Затоа, според Павле, правилната доктрина, правилното учење, кога ќе се прифати и послуша „од срце“, им помага на христијаните да станат „слуги на правдата“ (Римјаните 6,18). Понекогаш слушаме дека доктрината не е важна сѐ додека се држиме за љубовта. Тоа е поедноставно изразување на нешто што не е толку едноставно. Како што веќе беше кажано, Павле бил многу загрижен поради лажните учења кои се ширеле меѓу црквите во Галатија. Според тоа, мораме да бидеме многу внимателни со изјавите кои би ја намалувале важноста на правилните учења.

**Слуги на гревот и слуги на правдата – спротивноста меѓу овие две категории е многу остра. Ако и по крштавањето грешиме, дали тоа значи дека не сме навистина спасени? Прочитај го текстот во 1. Јованово 1,8 до 2,1. Како тој ни помага да сфатиме што значи да се биде Христов следбеник, а сепак да се биде подложен на падови?**

## СЛОБОДНИ ОД ГРЕВОТ

**На каква одлука Павле ги повикува своите читатели? Што бара тој од нив? Што е уште поважно, прашај се себеси како во својот живот би можел да ги развиеш клучните вистини за кои говори Павле. Што е, всушност, овде на коцка? Римјаните 6,19-23**

Павловите зборови покажуваат дека тој совршено ја познавал грешната природа на човечкиот род. Тој говори за „слабостите на вашето тело.“ Тој знае на што е подготвена грешната човечка природа кога ќе се препушти сама на себе. И затоа, повторно повикува да се служиме со силата на волјата – сила, која ја имаме за да одбереме себеси и слабостите на нашето тело да ги потчиниме на новиот господар, на Исуса, кој ќе нѐ оспособи да живееме праведен живот.

Текстот во Римјаните 6,23 често се цитира со цел да покаже дека казната за гревот – за престапот на законот – е смрт. Секако дека смртта е плата за гревот. Но, освен што гледаме дека плата за гревот е смртта, треба да видиме и тоа дека гревот, како што го опишува Павле во шестата глава на Посланието до Римјаните, е господар кој владее со своите слуги и им дава плата - смрт.

Да забележиме дека Павле, опишувајќи ги сликовито двајцата господари, всушност, го привлекува нашето внимание на фактот дека служењето на еден господар значи слобода од служењето на другиот. И повторно се ставаме пред јасен избор: едниот или другиот. Нема средно решение. Во исто време, како што знаеме сите, да се ослободиме од власта на гревот не значи безгрешност, не значи дека веќе нема борба со гревот и понекогаш пад во грев. Напротив, тоа значи дека со нас веќе не владее гревот, колку тој во реалноста и да останува во нашиот живот и колку и да мора секојдневно да се фаќаме за ветувањата за победата над гревот.

Затоа овој текст станува силен повик на секој кој му служи на гревот. Тој тиранин не нуди ништо друго освен смрт, како плата за срамните дела на кои нѐ наведува; затоа разумниот сака да се ослободи од тој тиранин. Од друга страна, оние што служат на правдата, прават чесни дела кои се достојни за слава, не мислејќи дека со тоа го заработуваат своето спасение, туку ги сметаат за плод на своето ново искуство. Кога би делувале како со тоа да заработуваат спасение, би ја промашиле целокупната мисла на Евангелието, целокупната мисла што значи спасението и зошто им е потребен Исус.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните глави во книгите на Елена Вајт: „Присвоена победа", во книгата *Порака до младите христијани;* главата „Вистински мотив за служба" во книгата *Мисли од гората на блаженствата;* „Appeal to the Young", во *Сведоштва за црквата*, кн. 3; во *The SDA Bible Commentary*, кн. 6, стр. 1074, 1075.

„Тој не се согласил со гревот. Дури ни во мислите не му попуштал на искушението. Така можеме и ние. Христовата човечка природа била соединета со божествената; бил подготвен за борба со помош на Светиот Дух кој живеел во него. Тој дошол да помогне да имаме 'дел во божествената природа' (2. Петрово 1,4). Сè додека сме соединети со него во вера, гревот нема повеќе власт над нас. Бог ја прифажа раката на верата во нас за да ја насочи и цврсто да се фати за Христовото божество, за да можеме да постигнеме совршенство на карактерот" (*Копнежот на вековите,* стр. 100).

„При своето крштавање ние сме се заветувале дека ќе прекинеме секаква врска со сатаната и неговите сили и своето срце, ум, душа во служба на ширењето на Божјето царство... Таткото, Синот и Светиот Дух се обврзале да соработуваат со посветени човечки орудија" (Ellen G. White Comments, *The SDA Bible Commentary,* кн. 6, стр. 1075).

„Со исповедање на христијанството без соодветна вера и дела нема ништо да постигнеме.Никој не може да им служи на двајца господари. Децата на злото му служат на својот господар; на оној на кој му се обврзале да му служат, му станале слуги и не можат да бидат Божји слуги додека не го отфрлат сатаната и сите негови дела. Слугите на небесниот Цар не можат да се впуштаат во задоволства и забави заедно со сатанските слуги а тоа да биде безбедно за нив, иако тие често повторуваат дека таквите задоволства се безопасни. Бог ги открил светите и посветени вистини за да го одвои својот народ од безбожниците и да ги очисти за себе. Адвентистите на седмиот ден треба да живеат во согласност со својата вера" (Елена Вајт, *Сведоштва за црквата,* кн. 1, стр. 40).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Иако ги имаме сите тие прекрасни ветувања за победата над гревот, факт е дека сите ние - дури и како новородени христијани - сме свесни колку сме грешни и склони кон пад и колку расипани можат да бидат нашите срца. Дали тоа е можно? Објасни зошто е тоа така!**

**2. Изнеси го своето искуство за промените кои се случиле во твојот живот под влијание на она што Христос го направил за тебе! Можеш ли да посведочиш дека сега живееш нов живот во Господа?**

**Поука 8**
**18 - 24 ноември 2017**

# ЧОВЕКОТ ОД СЕДМАТА ГЛАВА НА ПОСЛАНИЕТО ДО РИМЈАНИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 7.**

**ЗАПОМНИ ГО ТЕКСТОТ: „А сега умирајќи, се избавивме од законот кој нè држеше, за да му служиме на Бога во обновување на Духот, а не во старата буква“ (Римјаните 7,6).**

Малку глави во Библијата предизвикале такви расправи како седмата глава на Посланието до Римјаните. За темите за кои се расправа, The SDA Bible Commentary кажува: „Еден од проблемите за кои најмногу се расправало во целото Послание до Римјаните бил значењето на 14-25 стих. Најважни прашања биле дали описот на таквата морална борба би можел да има автобиографска природа и, ако е така, дали текстот се однесува на Павловото искуство пред или по обратувањето. Дека Павле зборува за својата лична борба со гревот, станува очигледно врз основа на наједноставното значење на неговите зборови“ (види и „Патот кон Христа“, стр. 23-25 и Testemonies for the Church, кн. 3, стр. 475).

„Вистина е дека Павле го опишува и судирот кој помалку или повеќе се одигрува во секоја душа која е соочена со Божјиот свет закон и која станала свесна за она што тој го бара на духовно поле“ (The SDA Bible Commentary, кн. 6 стр. 553).

Коментаторите не се согласуваат околу тоа дали седмата глава на Посланието до Римјаните го објавува Павловото искуство пред или по обратувањето. Без оглед на мислењето, важно е дека Исусовата праведност нè покрива и дека во Неговата праведност ние стоиме совршени пред Бога, кој ветил дека ќе нè посвети, дека ќе ни даде победа над гревот и дека ќе нè усогласи со „ликот на Неговиот Син“ (Римјаните 8,29). Тоа се клучни факти кои треба да ги знаеме и да ги искусиме додека се трудиме да го објавиме ’вечното евангелие’ на секое племе, јазик и народ“ (Откровение 14,6)

## МРТВИ ЗА ЗАКОНОТ

**Со која илустрација се служи Павле за да им покаже на своите читатели во каков однос се наоѓаат кон законот? Што сакал да постигне со таа илустрација? Римјаните 7,1-6**

---

Павловата илустрација Римјаните 7,1-6 е малку комплицирана, но внимателното проучување на овој текст ќе ни помогне да ја сфатиме неговата мисла.

Во целокупниот контекст на Посланието до Римјаните, Павле се занимава со системот на богослужение воспоставен на Синај; на тоа главно мисли кога вели „закон." Евреите имале потешкотии да сфатат дека овој систем, добиен од Бога, треба да се укине со доаѓањето на Месија. За тоа Павле расправа со еврејските верници кои сè уште не биле подготвени да го отфрлат она што претставувало толку важен дел од нивниот живот.

Во суштина, Павловата илустрација се сведува на следново: жената е мажена за својот сопруг. Законот ја врзува за него сè додека тој е жив. Во текот на неговиот живот таа не може да се врзе за друг човек. Но кога тој ќе умре, таа е слободна од законот кој ја врзува за него.

**Како Павле ја применува илустрацијата за брачниот закон во системот на јудаизмот? Римјаните 7,4.5.**

---

Како што смртта на сопругот ја ослободува жената од законската врска со него, така и смртта на стариот живот по тело, благодарение на Исуса Христа, ги ослободува Евреите од законот за кој очекувале дека ги обврзува сè до доаѓањето на Месија и исполнувањето на неговите симболи.

Сега Евреите се слободни за „нов брак." Тие се повикани да склопат брак со воскреснатиот Месија и на тој начин да донесат плод за Бога. Оваа илустрација била уште едно средство да го отфрлат застарениот систем. И повторно, кога ќе се земе предвид сè што Павле и цела Библија говорат за послушноста на Декалогот, би било бесмислено да се тврди дека Павле овде им говори на еврејските верници дека Декалогот веќе не ги обврзува. Оние кои се служат со овој текст, обидувајќи се да покажат дека моралниот закон е укинат, всушност и не сакаат тоа да го докажат: тие впрочем само сакаат да нагласат дека е укината единствено четвртата заповед на Декалогот, заповедта за денот на одморот, за саботата, а дека остатокот од законот и понатаму е на сила. Затоа, обидувајќи се на овие текстови да им го припише значењето дека четвртата заповед е укината или застарена или заменета со недела, значи дека на овие текстови им се дава значење кое никогаш не го имале ниту пак имале намера да го имаат.

## ГРЕВОТ И ЗАКОНОТ

Ако Павле овде говори за целиот систем на синајскиот закон, што да кажеме за текстот во Римјаните 7,7, каде што посебно наведува една заповед од Декалогот? Дали тоа го поткопува ставот што го заземедовме претходниот ден, дека Павле овде не говори за укинувањето на Десетте заповеди?

Одговорот е - „не!“ И повторно, мораме да имаме на ум дека Павле под зборот „закон“ го подразбира целокупниот систем објавен на Синај, кој го опфаќа моралниот закон, но не е ограничен на него. И токму затоа Павле може да цитира од него, како и од кој било друг дел од еврејскиот систем за да ја подвлече својата мисла. Меѓутоа, кога системот е укинат при Христовата смрт, во тоа не бил вклучен моралниот закон, кој постоел одамна пред Синај и ќе постои и по Голгота.

**Што нагласува Павле за односот меѓу законот и гревот? Рим. 7,8-11.**

---

Бог им се открил на Евреите, говорејќи им во најситни детали што е добро, а што не е добро на морално, граѓанско, церемонијално и здравствено подрачје. Исто така, тој им објаснил и какви казни ги очекуваат прекршителите на разни закони. Кршењето на објавената Божја волја овде е дефинирано како грев.

И така, објаснува Павле, тој не би знаел што е гревот да не бил известен преку законот. Всушност, гревот е кршење на откриената Божја волја. Таму каде што Божјата волја не е откриена ниту позната, нема ниту свест за гревот. Кога Божјата волја ќе му се открие на човекот, тој почнува да сфаќа дека е грешник и дека се наоѓа под осуда и под смрт. Во таа смисла, човекот умира.

Во својот систем на докажување овде и во целото Послание, Павле се обидува да ги наведе Евреите – кои го почитувале законот – да увидат дека Христос е исполнување на тој закон. Тој покажува дека законот бил неопходен, но дека делувањето му е ограничено. Законот бил средство да се укаже на потребата за спасение; тој никогаш не бил замислен како средство да се стекне спасение.

„Говорејќи од лично искуство, апостол Павле ја објавува важната вистина за делото кое треба да се изврши при обратувањето. Тој вели: „Јас живеев некогаш без Законот“ – не чувствувал дека е осуден; „но кога дојде заповедта“ – кога Божјиот закон почнал да делува на неговата совест – „тогаш гревот оживеа, а јас умрев.“ Тогаш себе се согледал како грешник, кој е осуден според божествениот закон. Добро внимавајте, умрел Павле, а не законот!“ (Елена Вајт, *The SDA Bible Commentary,* кн. 6, стр. 1076).

**Во која смисла ти „си умрел“ пред законот? Како во тој контекст, можеш да го разбереш она што Исус го направил за тебе кога ти дарувал нов живот во Господа?**

## СВЕТ ЗАКОН

**Како да ја сфатиме изјавата дека законот е свет во контекст на целата расправа што овде ја води апостол Павле? Римјаните 7,12**

---

Бидејќи Израелците го почитувале законот, Павле го издигнува на секаков можен начин. Законот е добар во поглед на она што тој го прави, имено, ни укажува на гревот, но тој не може да го направи она што никогаш не му било доверено, да нè спаси од гревот. Затоа ни е неопходен Исус – без оглед дали станува збор за целокупниот еврејски систем или само за моралниот закон – не може да ни донесе спасение. Тоа можат да го постигнат само Исус и Неговата праведност, која ни се дава благодарение на верата.

**Кого обвинува Павле за својата положба во „смртта“, а кого ослободува од вината? Зошто е толку важно да се прави разлика? Рим. 7,13**

---

Тој одлучува за својата страшна состојба да го обвини гревот, а не законот; имено, за своето потпаѓање под „секаква желба“ или страст (Римјаните 7,8). Законот е добар бидејќи тоа е божествено мерило на однесување, но како грешник, Павле е осуден со законот.

**Зошто гревот бил толку успешен во прикажувањето на Павле како ужасен грешник? Римјаните 7,14.15.**

---

Човекот е телесен. Затоа на Павле му е потребен Исус Христос. Само Исус Христос може да го симне проклетството на гревот (Римјаните 8,1). Само Исус Христос може да го ослободи од робувањето на гревот. Павле се опишува себе како човек кој е „продаден под грев.“ Тој е роб на гревот. Тој нема никаква слобода. Тој не може да го прави она што би сакал да го прави. Тој се обидува да го прави она што законот му наложува да прави, но гревот не му дозволува.

Со оваа илустрација Павле се обидува да им ја укаже на Евреите потребата за Месија. Тој веќе им укажал дека победата е можна единствено „под благодатта“ (Римјаните 6,14). Оваа иста мисла повторно се нагласува во седмата глава. Да се живее „под законот“ значи да се робува на гревот, на тој немилосрден господар.

**Какво е твоето искуство кога станува збор за робување на гревот? Дали некогаш си се обидел да си играш со гревот, мислејќи дека можеш да го совладаш кога сакаш, за конечно да сфатиш дека тој е немилосрден господар? Добредојде во реалноста! Зошто тогаш мораш да Му се предадеш на Исуса и секојдневно да умираш за гревот?**

## ЧОВЕКОТ ОД СЕДМАТА ГЛАВА НА ПОСЛАНИЕТО ДО РИМЈАНИТЕ

**„Ако пак го правам она што не го сакам, се согласувам со Законот дека тој е добар. Зашто тоа веќе не го правам јас туку гревот кој живее во мене“ (Рим. 7,16.17). Која е таа борба претставена со овие зборови?**

________________________________________________

Служејќи се со законот како со огледало, Светиот Дух го осведочува човекот дека го ожалостил Бога затоа што не ги исполнил барањата на законот. Со напорот да ги задоволи тие барања, грешникот покажува дека се согласува дека законот е добар.

**Кои веќе спомнати факти Павле ги повторува за да ги нагласи? Рим. 7,18-20**

________________________________________________

За да го осведочи човекот во неговата потреба за Христа, Светиот Дух често го води низ еден вид на „старозаветно“ искуство. Духот на пророштвото вака го опишува искуството на Израел: „Меѓутоа, тие не ја увидувале грешноста на своето сопствено срце и фактот дека без Христа не е можно да се држи Божиот закон. Затоа биле готови веднаш и без размислување да склучат сојуз (завет) со Бога. Уверени дека можат сами ’да ја утврдат својата правда’, изјавиле: ’Сè што рекол Господ, ќе правиме и ќе бидеме послушни’ (2. Мојс. 24,7). Присуствувале при објавувањето на законот во величественост што бара најдлабока страхпочит и стоеле под горката тресејќи се од страв, а сепак само по неколку седмици го раскинале својот завет со Бога и се клањале пред делкан кип. Не можеле веќе да се надеваат на Божја милост врз основа на заветот што го раскинале. И сега, откако ја увиделе својата грешност и потреба од проштавање, биле доведени во состојба лично да почувствуваат колку им е потребен и Спасителот кој бил откриен во заветот на Аврама и навестуван со принесувањето на жртвите“ (*Патријарси и пророци*, стр. 386).

За жал, бидејќи пропуштаат секојдневно да го обноват своето посветување, многу христијани му служат на гревот, колку и да не сакаат тоа да го признаат. Тие сметаат дека всушност минуваат низ нормално искуство на посветување и едноставно сè уште имаат пред себе голем дел од патот. Така, наместо да му ги предадат своите гревови на Христа и од Него да побараат победа над нив, тие се кријат зад текстот во Римјаните 7, кој им говори, барем така мислат, дека човекот не може да го прави она што треба. Всушност, седмата глава кажува дека на човекот му е невозможно да прави добро сè додека е заробен од гревот, но дека победата е можна во Исуса Христа.

**Дали навистина си ги постигнал сите победи над себе и над гревот кои Христос ти ги ветил? Ако не, зошто не? Кои погрешни одлуки си ги донел?**

## ИЗБАВЕНИ ОД СМРТТА

**За каква внатрешна борба говори апостол Павле? Дали ти си почувствувал дека истата борба се одигрува во тебе, дури и откако си станал христијанин? Римјаните 7,21-23**

---

Во овој текст апостолот го изедначува законот во своите органи, во своето тело, со законот на гревот. Павле вели дека со своето тело му служел на законот на гревот (Римјаните 7,25). Меѓутоа, да се служи на гревот и да се слуша неговиот закон значи смрт (Римј. 7,10.11.13). Според тоа, неговото тело – онака како што дејствувало во послушноста на гревот – можело да се опише како „ова смртоносно тело."

Законот на умот е Божји закон, откровение на Неговата божествена волја. Осведочен од Светиот Дух, Павле се согласил со тој закон. Неговиот ум одлучил да го држи, но, кога се обидел, не можел бидејќи неговото тело сакало да греши. Кој не ја искусил таа борба? Во својот ум знаеш што сакаш да правиш, но твоето тело копнее по нешто друго.

**Како да се избавиме од таа тешка состојба во која се наоѓаме? Римјаните 7,24.25**

---

Некои се прашуваат зошто Павле, откако го достигнал славниот врв во зборовите: „Му благодарам на Бога преку Исуса Христа, нашиот Господ!" – уште еднаш се враќа на борбите во својата душа, од кои навидум веќе бил избавен. Некои овој извик на благодарност го сфаќаат како вметнат извик. Тие веруваат дека таквиот извик природно доаѓа по прашањето: „Кој ќе ме избави?" Тие мислат дека Павле, пред да продолжи да ја води продолжената расправа за славното избавување, признава уште еднаш дека во него се води борба против силите на злото.

Други сметаат дека со зборовите „јас сум" Павле сака да каже дека е „препуштен сам на себе, изоставајќи го Христа од сликата." Како и да ги разбереме овие зборови, едно останува јасно: препуштени сами на себе, без Христа, ние сме беспомошни во борбата против гревот. Заедно со Христа, ние стекнуваме нов живот во Него, Оној во кого ветувањата за победа – иако нашето „јас" постојано ќе се јавува – стануваат наши доколку одлучиме да се фатиме за нив. Како што никој друг не може да дише наместо тебе, или да кашла наместо тебе, или да кива наместо тебе, никој не може наместо тебе ниту да одлучи да му се предадеш на Христа. Само ти можеш да ја донесеш таа одлука. Нема друг пат за да ја постигнеш победата што ти е ветена во Исуса Христа.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Нема никаква сигурност, ниту починка, ниту оправдување во кршењето на законот. Ако продолжува да греши, човек не може да се надева дека ќе застане безгрешен пред Бога и во мир со Него“ (*Одбрани сведоштва*, кн. 1, стр. 213).

„Павле сакал неговите браќа да согледаат дека големата слава на Спасителот кој ги простува гревовите му давала значење на целокупниот еврејски систем. Тој сакал да увидат дека типот се сретнал со антитипот, кога Христос дошол на овој свет и кога умрел како жртва за сите луѓе. Бидејќи Христос умрел на крстот како жртва за гревот, церемонијалниот закон ја загубил силата. Сепак, тој бил поврзан со моралниот закон и бил славен. Како целина, го носел печатот на Божеството, ја одразувал Божјата светост, правда и праведност. Иако симболиката на службата на простување која се укинувала била толку славна, многу пославна била реалноста кога Христос се покажал, давајќи им го својот животворен, посветувачки Дух на сите што веруваат во Него“ (Ellen G. White Comments, *The SDA Bible Commentary*, кн. 6, стр. 1095).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во 25. стих на седмата глава апостолот пишува: ’Јас самиот со умот му служам на Божјиот Закон, а со телото на законот на гревот’. Овој текст е најјасен од сите, и од него дознаваме дека една иста (верна) личност во исто време му служи и на Божјиот закон и на законот на гревот. Верникот едновремено е и оправдан и грешен (simul iustus est et peccat); бидејќи тој не вели: ’Мојот ум му служи на Божјиот закон’; ниту пак: ’Моето тело му служи на законот на гревот’, туку вели: ’Јас самиот му служам.’ Односно, целото битие, една иста личност служи на двоен начин. Од таа причина, тој му заблагодарува на Бога што му служи на Божјиот закон и моли за милост затоа што му служи на законот на гревот. Впрочем, апостолот сака да каже: Видете, така е како што реков и порано: Светите луѓе (верниците) во исто време се и грешници и праведници. Праведници се затоа што веруваат во Христа, чија правда ги покрива и чија правда им се припишува. Меѓутоа, тие се грешници бидејќи не го исполнуваат законот и сè уште негуваат грешни страсти. Тие се како болен човек кому му треба помош од лекар. Болни се, но се надеваат дека ќе закрепнат и ќе го вратат своето здравје. Таквите пациенти би си наштетиле себеси кога горделиво би тврделе дека се добро, бидејќи болеста би можела да се врати и да им биде полошо од претходно“ (Мартин Лутер, Commentary on Romans, стр. 114.115). Можеме ли да се сложиме со ова што го напишал Лутер? Образложете го својот одговор.**

**Поука 9**
**Од 25. ноември до 1. декември 2017.**

# НЕМА ОСУДА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 8,1-17.**

**ЗАПОМНИ ГО ТЕКСТОТ: „Никаква осуда нема сега за оние кои се во Исуса Христа, и не одат по телото туку по Духот“ (Римјаните 8,1).**

Осмата глава на Посланието до Римјаните претставува Павлов одговор на седмата глава од истото послание. Во седмата глава апостолот зборува за очајот, поразите, осудата; во осмата, осудата веќе не постои, заменета е со слободата и победата во Христа.

Во седмата глава Павле истакнувал: ако човекот одбива да го прифати Исуса Христа, сите непријатни искуства, кои тукушто ги опишал, ќе се натрупаат во неговиот живот. Ќе стане роб на гревот, неспособен да го прави она што би сакал да го прави. Во осмата главја кажува дека Исус Христос нуди ослободување од гревот и слобода да го твориме добри работи кои сакаме да ги правиме, а кои телото не ни дозволувало да ги правиме.

Понатаму Павле објаснува дека таа слобода е купена по бескрајна цена. Христос, Божјиот Син, станал човек, а тоа бил единствен начин на кој можел да ни се приближи нам, да стане наш совршен пример и Заменик кој ќе умре наместо нас. Дошол во „во обличје слично на грешното тело“ (Римјаните 8,3). И како резултат на тоа, праведните барања на законот можеле да се исполнат во нас (Римјаните 8,4). Со други зборови, Христос постигнал победа над гревот и на оние кои веруваат им овозможил да ги исполнат праведните барања на законот, но не како средство за спасение, туку како последица на спасението. Тоа била Павловата и Лутеровата порака, а мора да биде и наша.

## ВО ИСУСА ХРИСТА

**„Никаква осуда нема сега за оние кои се во Исуса Христа, и не одат по телото туку по Духот“( Римјаните 8,1). Што значи тоа дека нема „никаква осуда“? Од што? Зошто тоа е толку добра вест?**

---

„Во Исуса Христа“ е вообичан израз во Павловите списи. Да биде некој во Исуса Христа, тоа значи дека го прифатил Христа како свој Спасител, дека безгранично Му верува и дека одлучил Христовиот начин на живеење да стане негов начин. Последица од тоа е тесна заедница со Христа.

Изразот „во Исуса Христа“ е спротивен на изразот „по телото.“ Тој претставува и спротивност на искуствата кои се опишани во седмата глава, каде што Павле ја опишува состојбата на човекот пред да му се предаде на Христа, каде што го опишува како телесен, како роб на гревот. Таквиот човек се наоѓа под осуда, предаден на смртта. (Римјаните 7,11.13.24) Тој му служи на „грешниот закон“ (Римјаните 7,23.25) и се наоѓа во очајна состојба (Римјаните 7,24).

Меѓутоа, кога човекот ќе му се предаде на Христа, веднаш доаѓа до промена на неговата положба пред Бога. Иако претходно осуден како престапник на законот, сега стои како совршен во Божјите очи, стои како никогаш да не згрешил бидејќи е целосно покриен со Христовата праведност. Веќе нема осуда, не затоа што човекот е безгрешен, без мана или достоен за вечен живот, бидејќи не е, туку затоа што совршениот извештај за Исусовиот совршен живот му се припишува нему.

Меѓутоа, радосната вест не завршува тука!

**Што го ослободува човекот од робувањето на гревот? Римј. 8,2**

---

Изразот „закон на Духот на животот“ овде го означува Христовиот план на спасение на човечкиот род и служи како спротивност на „законот на гревот и смртта“, кој во седмата глава е опишан како закон кој овозможува владеење на гревот и чиј крај е смрт. Од друга страна, Христовиот закон донесува живот и слобода.

**„Секоја душа која одбива да му се предаде на Бога се наоѓа под власт на друга сила. Таа не си припаѓа себеси. Таа може да говори за слободата, но се наоѓа во ропство... Додека си ласка себеси дека го следи диктатот на својот разум, таа се покорува на волјата на кнезот на темнината. Христос дошол да ги раскине оковите на гревот“ (Елена Вајт, Копнежот на вековите, стр. 466 ориг.). Дали ти си роб, или си слободен во Христа? Како можеш да бидеш сигурен во тоа?**

## ОНА ШТО ЗАКОНОТ НЕ МОЖЕ ДА ГО НАПРАВИ

Без оглед колку е добар „законот“ – церемонијалниот, моралниот или двата заедно – не може да го направи за нас она што ни е најпотребно, имено, да ни осигура средство за спасение, средство да се спасиме од осудата и смртта кои гревот ни ги носи. Затоа ни е неопходен Исус!

**Што направил Христос, што законот не можел да направи? Рим. 8,3.4.**

---

Бог ни обезбедил лек, „својот Син во обличје слично на грешното тело“ и „го осуди гревот во телото.“ Христовото отелотворување претставувало важен чекор во остварување на планот на спасението. Треба да го почитуваме и да го издигнуваме крстот, но при остварување на планот на спасение, Христовиот живот „во обличје слично на грешно тело“ е исто така исклучително важен.

Како последица на она што Бог го направил кога го испратил Христа, нам сега ни е овозможено да ги задоволиме праведните барања на законот, што значи, да правиме праведни дела. „Под законот“ тоа ни било невозможно; сега, „во Христа“, станало можно.

Сепак, мораме да имаме на ум дека, да го правиме она што го бара законот, не значи дека треба да го држиме законот доволно добро за да го заслужиме спасението!

Тоа не е можност, а и никогаш и не била! Тоа едноставно значи да живееме живот за кој Бог нè оспособил, значи живот на послушност, живот во кој сме „го распнале телото со сластите и желбите“ (Галатјаните 5,24), живот со кој го одразуваме Христовиот карактер.

Да одиме или да живееме (Римјаните 8,4), значи да се однесуваме! Поимот „тело“ овде означува непропородена личност, пред или по обратувањето. „Да одиме по телото“ значи да бидеме под власт на себичните желби. Наспроти тоа, да „одиме по Духот“ значи да ги исполнуваме праведните барања на законот. Овој услов можеме да о исполниме само со помош на Светиот Дух. Само во Исуса Христа имаме слобода да го правиме она што го бара законот. Без Христа не постои таква слобода. Оној, кој му робува на гревот, не е способен да го прави доброто кое би сакал да го прави.

**Колку добро ти го држиш законот? Без оглед на вистината дека спасението не може да се заработи со држење на законот, дали во твојот живот се исполнува „праведноста по законот?“ Ако не, зошто не? Каков изговор користиш за да го оправдаш своето однесување?**

## ТЕЛОТО НАСПРОТИ ДУХОТ

**„Зашто, кои се по телото, мислат за телото, додека оние, по Духот, мислат за нештата на Духот. Бидејќи мудрувањето на телото, е смрт; а мудрувањето на Духот: живот и мир“ (Римјаните 8,5.6). Размисли за овие зборови! Која основна порака ни е упатена преку нив? Што ти кажуваат овие зборови за тоа како го водиш својот живот?**

---

Зборот „по“ овде се употребува во смисла на „во согласност со“ (грчки „ката“). „Мислат“ овде значи „да се одлучи во мислите.“ Една група луѓе одлучува во своите мисли да ги исполнува своите телесни желби; друга одлучува да ги следи упатствата на Светиот Дух. Бидејќи умот одредува што ќе прави, овие две групи живеат и дејствуваат сосем различно.

**Што е во состојба да прави телесниот ум? Римјаните 8,7.8.**

---

Да одлучиме во своите мисли дека ќе ги исполнуваме желбите на своето тело, значи, во реалноста, да бидеме во состојба на непријателство кон Бога. Човекот кој решил така да се постави, е човек потполно рамнодушен кон Божјата волја и не се труди да ја исполнува. Тој може да премине и во состојба на отворен бунт против Бога и отворено да го крши Неговиот закон.

Павле сака особено да го нагласи фактот дека без Христа никој не е во состојба да го држи Божјиот закон. Секогаш одново Павле се навраќа на таа тема: колку некој и да се труди, без Христа не може да го држи Божјиот закон.

Павле има намера да ги осведочи Евреите дека им е потребно нешто повеќе од Тората - законот! Со своето однесување тие покажале дека, иако го имаат Божјето откровение, тие се виновни за истите гревови за кои се виновни и незнабошците (Римјаните 2). Од сево ова може да се извлече поука - неопходен им е Месија. Без Него ќе останат робови на гревот, неспособни да се извлечат од оковите на неговата власт.

Ова бил Павловиот одговор на оние Евреи кои не можеле да сфатат зошто она што им го дал Бог во Стариот завет не е доволно за спасение. Павле признава дека она што го прават е многу добро, но дека сега треба да го прифатат и Месија кој конечно дошол.

**Размисли за последните 24 часа од својот живот! Дали твоите дела биле по Духот или по телото? Што ти кажува твојот одговор за тебе лично? Ако биле по телото, кои промени мораш да ги направиш и како да ги направиш?**

## ХРИСТОС ВО ВАС

Павле продолжува да ја образложува својата тема, спротивставувајќи две можности со кои се соочуваат луѓето: или да живеат по Духот, што значи според упатствата на Светиот Дух кој ни е ветен, или по својата грешна и телесна природа. Првото води во вечен живот, а второто во вечна смрт. Нема средно решение! Или, како што рекол Исус: „Кој не е со Мене, против Мене е; и кој не собира со Мене, растура“ (Матеј 12,30). Тешко би можел овој факт појасно да се изрази, црно или бело, од тоа како Исус го изразува!

**Какво ветување имаат оние кои целосно му се предаваат на Христа? Римјаните 8,9-14.**

________________________________________

________________________________________

Животот „во телото“ е спротивен на животот „во Духот.“ Животот „во Духот“ е под власта на Божјиот Дух, Светиот Дух. Во оваа глава тој се нарекува Христов Дух, можеби во смисла што доаѓа како Христов претставник и дека Христос преку него престојува во верникот (Римјаните 8,9.10).

Во овие стихови Павле се враќа на сликата со која се послужил во Римјаните 6,1-11. Симболички, при крштавањето, „грешното тело“ умира. „Нашиот стар човек е распнат заедно со Него“ (Римјаните 6,6). Меѓутоа, како и при крштавањето, не доаѓа само до погребување туку и до воскресение, така што крстената личност станува да оди во нов живот. Тоа значи да се усмрти стариот човек, а тоа е избор пред кој се ставаме секојдневно, секој момент. Бог не ја уништува човековата слобода. Дури и откако умрел стариот грешен човек, постои можност да грешиме. Павле им напишал на Колошаните: „И така умртвете ги своите членови што се на земјата“ (Колошаните 3,5).

Според тоа, дури и по обратувањето и понатаму ќе се води борба против гревот. Разликата е во тоа што човекот, во кој живее Светиот Дух, сега има божествена сила да победи. Освен тоа, бидејќи човекот на толку чудесен начин е ослободен од робувањето на гревот, тој веќе не е обврзан да му служи.

**Размисли за фактот дека Божјиот Дух, кој го подигнал Исуса од мртвите, е истиот Оној кој живее во нас, ако тоа му го дозволиме! Размисли за силата која на тој начин ни се става на располагање. Што нè задржува да не ја користиме таа сила онака како што би требало?**

## ДУХОТ НА ПОСИНУВАЊЕ

**Како Павле го опишува новиот однос на обратениот христијанин со Бога? Која надеж ни се нуди со тоа ветување? Како таа да стане реалност во нашиот живот? Римјаните 8,15.**

---

Новиот однос е опишан како слобода од стравот. Робот се наоѓа во окови. Тој живее во постојан страв од својот господар. Тој нема никакво право и покрај својата долгогодишна служба.

Но не е така со оној кој ќе Го прифати Исуса Христа. Прво, тој својата служба ја извршува доброволно. Второ, тој служи без страв, бидејќи „совршената љубов го изгонува стравот“ (1. Јов. 4,18) Трето, тој е прифатен како син и станува наследник на вредно богатство.

„Духот на робување се раѓа кога човекот настојува да живее во согласност со легалистичката религија, кога се труди да ги исполни барањата на законот со своја сила. Надеж за нас постои единствено кога ќе се најдеме во рамките на Аврамовиот завет, кој е завет на благодатта со вера во Исуса Христа“ (*The SDA Bible Commentary,* кн. 6, стр. 1077).

**Што ни дава сигурност дека Бог навистина нè прифатил како свои деца? Римјаните 8,16.**

---

Внатрешното сведоштво на Светиот Дух ни потврдува дека сме примени. Иако не е сигурно човекот да се потпре само на своите чувства, оние кои ја следеле светлината на Божјата реч ќе слушнат во своето срце внатрешен глас кој ќе ги увери дека се прифатени како Божји деца.

И навистина, текстот во Римјаните 8,17 ни кажува дека сме наследници, што значи дека сме дел од Божјето семејство и наследници, како негови деца, деца кои ќе примат прекрасно наследство од својот Татко. Ние не сме го заслужиле тоа; тоа нам ни е подарено благодарение на нашата нова положба пред Бога, положба која ни е осигурана преку Неговата благодат, благодат која ни е достапна благодарение на Исусовата посредничка смрт.

**Колку си блиску до Господа? Дали навистина Го познаваш или само слушаш нешто за Него? Каква промена мораш да направиш во својот живот за да Му се приближиш на својот Спасител и Откупител? Што те спречува да го направиш тоа и зошто?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Планот на спасение не им нуди на верниците живот слободен од страдања и неволји од оваа страна на царството. Наспроти тоа, тој ги повикува да го следат Христа по истиот пат на самооткажување и укор... Токму преку такви страдања и прогонства се изградува Христовиот карактер и истиот се покажува во Неговиот народ... Учествувајќи во Христовите страдања, ние се воспитуваме, се дисциплинираме и се подготвуваме за вечната слава " (The SDA Bible Commentary, кн. 6, стр.569).

„Синџирот спуштен од Божјиот престол доволно е долг за да допре и до најдлабоката бездна. Христос може да го подигне и најгрешниот од бездната на изопаченоста и да го стави на место на кое ќе биде признат како Божје дете, наследник со Христа на бесмртното наследство" (*Сведоштва за црквата*, стр. 229).

„Оној кој бил почитуван од целото Небо, дошол на овој свет во човечка природа за да застане на чело на човечкиот род, сведочејќи им на паднатите ангели и жителите на безгрешните светови дека, со божествена помош, секој може да оди по патот на послушноста на Божјите заповеди.

Нашиот Спасител платил откупнина за нас. Никој веќе не мора да му биде роб на сатаната. Христос застанал пред нас како наш семоќен помошник" (*Одбрани сведоштва*, стр. 309).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Читај ги повторно текстовите од Духот на пророштвото во поуката за петок. Каква надеж можеме да извлечеме од нив? Или, што е уште поважно, како би можеле тие ветувања да станат реални во нашиот живот? Зошто, кога Христос толку многу ни нуди, не станеме она што би требало да бидеме?**

**2. На кој практичен начен би можеле своите мисли да ги насочиме кон она што е духовно (Римјаните 8,5). Што би значело тоа? Што сака Светиот Дух од нас? Што е тоа што го гледаш, читаш или мислиш, а те попречува да се насочиш во својот живот кон она што е духовно?**

**3. Размисли малку повеќе за фактот дека ние можеме да се наојдеме на едната или на другата страна во големата борба меѓу доброто и злото и дека не постои никаков среден пат! Какви се последиците од овој факт? Како сфаќањето на оваа важна вистина би морало да влијае на твојот живот и на одлуките кои ги донесуваш, дури и во „малите нешта?"**

Поука 10
2-8 декември 2017

# ДЕЦА НА ВЕТУВАЊЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 9.**

**ЗАПОМНИ ГО ТЕКСТОТ: „Па така му искажува милост на оној кој сака, а кого сака го прави корав“ (Римјаните 9,18).**

„Како што е напишано: ’Јакова го возљубив, а Исава го замразив...’ Затоа му вели на Мојсеја: ’Ќе го помилувам, кого го милувам и ќе го сожалам, кого го сожалувам’“ (Римјаните 9,13.15).

За што Павле овде говори? Што се случува со човечката слободна волја, со неговото право на избор, без кое сè она што веруваме би немало смисла? Зар не сме слободни да ја прифатиме или одбиеме Божјата понуда за мир, или овие текстови значат дека некои луѓе се одбрани да живеат, додека други се одбрани за да пропаднат, без оглед на нивната одлука?

Одговорот, како и обично, се наоѓа во разгледувањето на сликата за која зборува Павле. Тој тука се труди да докаже дека и Бог има право да ги одреди оние кои ќе бидат Негови избраници. Впрочем, Бог ја носи одговорноста за проповедањето на Евангелието во светот. Според тоа, зошто не би имал право да ги одбере своите орудија онака како што Тој смета дека е најдобро за да се постигне целта? Сè додека Бог никому не му ја скратува можноста за спасение, таквото Божјо однесување не е во спротивност со големата вистина дека Христос умрел за сите луѓе и дека Негова голема желба е да се спасат сите луѓе.

Сè додека имаме на ум дека текстот во деветтата глава на Посланието до Римјаните не се занимава со личното спасение на споменатите личности, туку со нивното повикување да завршат одредена работа, тој текст нема да ни претставува некоја тешкотија.

## ОДГОВОРНОСТА НА ПАВЛЕ

**„Вие ќе ми бидете царско свештенство, свет народ. Кажи им ги тие зборови на Израелците.“ (1. Мојсеева 19,6).**

На Бога му е потребен народ со мисионски дух, кој ќе може да му го проповеда Евангелието на овој свет кој потонал во паганство, темнина и идолопоклонство. Тој ги одбрал Израелците и ним им се открил. Бог планирал тие да станат народ кој ќе биде пример, народ кој на тој начин ќе ги привлекува и другите кон вистинскиот Бог. „Бог сакал преку Израел да го открие својот карактер и со тоа да ги привлече луѓето кон себе. Преку поуките што ги давала церемонијалната служба која опфаќала принесување на жртви, Христос морал да биде издигнат пред народите за да можат да живеат сите што ќе поверуваат во него... И кога бројот на Израелците ќе се умножи, тие требало да ги шират своите граници сè додека нивното царство не го опфати цел свет“ (Христовите параболи, стр. 290 ориг.).

**Што нагласува Павле додека зборува за Божјата верност наспроти превртливоста на човекот? Римјаните 9,1.12.**

---

Павле се труди да докаже дека ветувањата, кои им се дадени на Израелците, не се потполно оставени без никаква моќ. И понатаму постои остаток преку кој Бог сака да делува. За да ја потврди замислата за остатокот, Павле се враќа далеку во историјата на Израел. Тој покажува дека Бог секогаш бирал: 1. Тој не го одбрал целокупното Авраамово потомство за да го склопи својот завет со нив, туку само Исаковите потомци. 2. Тој не ги избрал ниту сите Исакови потомци, туку само Јакововите.

Освен тоа, многу е важно да видиме дека наследството не гарантира спасение. Вие можете да бидете нечиј потомок, да припаѓате на вистинското семејство, па дури и на вистинската црква, а сепак да бидете изгубени и ветувањето за спасение да не се однесува на вас. Само верата, вера која дејствува преку љубовта, открива кои се „деца на ветувањето“ (Римјаните 9,8).

**Размислете за зборовите: „Не сите, кои водат потекло од Израел, се вистински Израелци“ (Римјаните 9,6). Која важна порака можеме да ја пронајдеме за себе, за адвентистите, кои на многу начини играат иста улога како и Израелците во свое време?**

---

## ИЗБРАНИ

**„Да не зависи од делата, туку од Оној кој повикува; нејзе ѝ беше речено: 'Поголемиот ќе му служи на помалиот', како што е напишано: 'Јакова го возљубив, а Исава го замразив'“ ( Римјаните 9,12.13.)**

Како што веќе беше речено, во воведот на поуката за оваа седмица, невозможно е да се разбере деветата глава на Посланието до Римјаните сè додека не сфатиме дека овде Павле не зборува за спасението на поединци. Тој тука говори за одредени улоги на кои Бог ги повикува одредени поединци. Бог сакал Јаков да биде предок на народот кој ќе послужи како посебно Божјо орудие за евангелизирање на светот. Овде воопшто не станува збор за тоа дека Исав не може да биде спасен. Бог сакал Исав да се спаси, како што сака да се спасат и сите останати.

**Во контекст на целокупната поука, како да ги разбереме зборовите дека Бог сам ќе одлучи кого ќе помилува? Римјаните 9,14.15.**

---

Павле повторно не зборува за спасение на поедници, бидејќи на тоа подрачје Бог ја шири својата милост на сите, затоа што сака сите да се спасат. (1. Тимотеј 2,4). „Зашто се јави Божјата благодат, која носи спасение за сите луѓе“ (Тит 2,11). Меѓутоа, Бог има право да го бира народот кој ќе ја одигра одредената улога; иако тој народ може да одбие да ја одигра улогата кој му е наменета, тоа не може да го спречи Божјиот избор. Без оглед на тоа колку Исав го посакувал тоа, тој не можел да стане предок на Месија или на одбраниот народ.

Освен тоа, тоа не бил никаков самоволен избор од Божја страна, тоа не бил никаков Божји декрет со кој Исав би бил исклучен од спасението. Даровите на Божјата благодат во Христа им се достапни на сите. Ние не сме одбрани за да бидеме спасени или изгубени (Ефес. 1,4; 2. Петрово 1,10). Токму нашата одлука, а не Божјата, ни го скратува или осигурува ветувањето за вечниот живот во Христа. Исус умрел за секое човечко суштество. Но, Бог во својата Реч поставил услови пред секој душа врз основа на кои таа ќе прими вечен живот: верата во Христа, која го оправдува грешникот, нè води кон послушност.

**Само ти, како никој друг и да не постоел, си бил одбран да добиеш спасение од Христа уште пред постанокот на светот. Тоа е твој повик, твој избор, она што си го примил од Бога преку Христа. Каква предност, каква надеж! Зашто, кога сè ќе се земе предвид, сè друго ја губи својата важност во споредба со ова големо верување. Зошто најголема трагедија би било да дозволиме гревот, нашето јас и телото да ни застанат на патот кој ни е ветен во Исуса Христа?**

## ТАЈНИ

**„Моите мисли не се ваши мисли, ниту вашите патишта се мои патишта, вели Господ. Но, како што е небото повисоко од земјата, така се и моите патишта повисоки ов вашите патишта и моите мисли се повисоки од вашите мисли“ (Исаија 55,8.9.). Во согласност со сè што кажавме до сега, како треба да ги разбереме Павловите зборови за божественото право на одлучување? Римјаните 9,17-24.**

---

Со начинот на кој постапувал кон Египет за време на излегувањето, Бог работел на спасување на целиот човечки род. Кога Бог им се открил себеси преку неволјите кои му се случиле на Египет во текот на ослободувањето на Израелците, требало да им покаже на Египќаните, па и на другите народи, дека израелевиот Бог е вистинскиот Бог. Тоа бил повик до сите народи да ги отфрлат своите богови и да им се придружат на Израелците во славењето на вистинскиот Бог.

Очевидно е дека фараонот веќе ја донел својата одлука против Бога, па затоа Бог, дозволувајќи му да отврдне неговото срце, со тоа не му ја скратил можноста да се спаси. Стврднатото срце се однесувало на неговата одлука да не го пушти Израел, а не на Божјиот повик да го прифати спасението. Христос умрел и за фараонот подеднакво како што умрел и за Мојсеја, и за Арона и за сите Израелци.

Клучен факт во сето тоа е дека и ние, како паднати човечки суштества, имаме толку стеснети идеи за светот, за вистината, за Бога и за тоа како Тој дејствува во светот. Како би можеле да очекуваме да ги разбереме сите Божји патишта кога и самата природа на светот, каде и да се завртиме, содржи тајни која не сме со состојба да ги сфатиме? Впрочем, дури пред околу сто и педесет години лекарите сфатиле дека е добро да ги мијат рацете пред операција, зар не? Толку длабоко сме потонале во незнаење! И кој знае, ако времето дозволи, што ли уште ќе дознаеме во иднина што ќе ни покаже колку сме во длабоко незнаење и денес!

**Секако, ние секогаш не ги разбираме Божјите патишта, па затоа Исус дошол; да ни го открие Бога. (Јован 14,9). Зошто тогаш и покрај сите животни тајни и неочекувани случувања, за нас е толку важно да се занимаваме со Божјиот карактер и со она што ни е откриено за Бога и Неговата љубов кон нас? Како познавањето на вистинскиот Божји карактер може да ни помогне да останеме верни во неволјите кои ни изгледаат неоправдани и незаслужени?**

## „ТИ СИ МОЈ НАРОД“

Во Римјаните 9,25 Павле го цитира текстот од Осија 2,23. И повторно во Римјаните 9,26 го цитира стихот од Осија 1,10. Во заднина стои извештајот дека Бог му наредил на пророкот Осија да се ожени со неморална жена (Осија 1,2) за сликовито да го прикаже Божјиот однос кон Израел, кој отпаднал од Бога и почнал да им служи на други богови. Децата родени во тој брак добивале имиња кои го означувале божественото отфрлање и казнување на Израел. Третото дете добило име Лоамија (Осија 1,9) што значи „не си мој народ.“

Сепак, и покрај сето тоа, Осија претскажал дека ќе дојде ден кога Бог, откако го казнувал својот народ, ќе ја обнови неговата благосостојба, ќе ги исфрли неговите лажни богови и повторно ќе склучи завет со него (Осија 2,11-19). Во тој момент, оние кои дотогаш биле Лоамија – „не си мој народ“ - ќе станат Амија – „ти си мој народ.“

Во времето на Павле, Амија спаѓал меѓу оние кои ги „повика... не само од Евреите туку и од незнабошците“ (Римјаните 9,24). Колку јасно и силно претставување на Евангелието, Евангелие кое од самиот почеток било наменето за целиот свет. Не е чудо што и ние како христијани наоѓаме дел од нашиот повик во овој текст: „И видов друг ангел како лета сред небото и го имаше вечното Евангелие, за да го објави на секое племе, јазик и народ“ (Откровение 14,6). Денес, како и во времето на Павле или во времето на древниот Израел, радосната вест за спасението треба да се прошири по целиот свет.

**Кои старозаветни текстови ги користи Павле за да ја нагласи сеопфатноста на Евангелието? Која мисла посебно ја истакнува? Која надеж им ја нуди на своите читатели? Римјаните 9,25-29.**

---

Фактот дека мнозина Павлови сонародници го отфрлиле Евангелието, предизвикува кај него голема тага и срцето го боли непрестано (Римјаните 9,2). Но, барем му останала мислата за остатокот! Божјите ветувања секогаш се исполнуваат, дури и тогаш кога човечките ќе изневерат. Надежта која можеме да ја негуваме гласи дека на крајот Божјите ветувања ќе бидат остварени, и ако цврсто се држиме за нив, тие ќе се исполнат на нас.

**Колку пати луѓето ве изневериле? Колку пати ти си се изневерил себеси и другите? Веројатно повеќе пати отколку што можете да се сетите? Кои поуки можете да ги извлечете од тие настани? На кого треба да се потпирате во крајна линија?**

## СОПНУВАЊЕ

**Што ќе кажеме? Народите кои не се стремеа кон праведноста, ја примија праведноста, и тоа праведност која е преку верата. А Израел – стремејќи се кон законот на праведноста, не стигна до Законот на праведноста. Зошто? Затоа што не настојуваше да го постигне со верата туку со делата на Законот; се сопна од каменот на сопнување“ (Римјаните 9,30-32). Каква вест ни е објавена во следниве стихови или, што е уште поважно, како да ги примениме, на нас денес, начелата на таа вест напишана во одредено време и на одредено место? Како да одбегнеме да ги направиме истите грешки во денешен контекст, кои Изралеците ги направиле во свое време?**

---

Со зборови кои не можат погрешно да се сфатат, Павле им објаснува на своите земјаци зошто пропуштиле да го стекнат она што Бог го барал од нив да го имаат или, и повеќе од тоа, нешто по што копнееле а никогаш не го достигнале. Интересно, незнабошците кои Бог ги прифатил дури и не копнееле по такво прифаќање. Кога веста на Евангелието стигнала до нив, тие си оделе по своите интереси и цели. Препознавајќи ја нејзината вредност, тие ја прифатиле. Бог ги прогласил за праведни затоа што го примиле Исуса Христа како свој заменик. Тоа била деловна акција на верата.

Проблемот со Евреите се огледувал во тоа што тие се сопнале на каменот на сопнување (Римјаните 9,33). Некои, не сите (Дела 2,41), одбиле да го прифатат Исуса од Назарет како Месија, кој бил испратен од Бога. Тој не ги исполнувал нивните очекувања како Месија; и затоа, кога дошол, тие се свртеле од него.

Пред да ја заврши оваа глава, Павле наведува уште еден старозаветен текст: „Како што стои напишано,„Еве, на Сион поставувам камен за сопнување и стена на соблазан; и кој верува во Него, нема да се посрами’“ (Римјаните 9,33). Во овој текст, Павле повторно покажува колку е значајна вистинската вера во планот на спасението (1. Петрово 2,6-8). Стена на соблазан? Сепак, секој кој верува во Него нема да се посрами. Да, за многумина, Исус е камен на сопнување, но за оние кои го познаваат и љубат, Тој е друг вид на камен – „карпа на спасението“ (Псалм 89,26).

**Дали некогаш си констатирал дека Исус бил камен за сопнување или стена на соблазнување за тебе? Ако е така, како се случило тоа? Или што си правел што те довело во таква положба? Како си се извлекол и што си научил од тоа искуство, така што повеќе никогаш нема да се најдеш во погрешен меѓусебен однос со Христа?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитај ја главата под наслов: „Подоцнежни англиски реформатори“ во книгата *Големата борба*. „Faith and Works,“ стр. 530, 531*; The SDA Bible Commentary*, кн. 1. стр. 1099, 1100.

„Постои еден избор на поединци и народи, единствен избор кој може да се најде во Божјата реч, кога луѓето се бираат за спасение. Многумина гледале на крајот, мислејќи дека сигурно ќе бидат одбрани да го примат небесниот сјај; но тоа не е избор кој Библијата го открива. Човекот е одбран да го гради своето спасение со страв и трепет. Тој е одбран на себе да стави оклоп, да се бори во добрата борба на верата. Тој е одбран да ги користи средствата што Бог му ги ставил на располагање за да војува против секоја несвета страст, додека сатаната игра игра со неговиот живот. Тој е одбран да стражари во молитва, да ги пребарува Писмата и да одбегнува да се најде во искушение. Тој е одбран да има трајна вера. Тој е одбран да биде послушен на секој збор кој излегува од Божјата уста, за да може да биде не само слушател туку и творец на Речта. Тоа е библиски избор“ (Ellen G. White, Testimonies to Ministers and Gospel Workers, pp. 453, 454).

„Ниту еден ограничен ум не може потполно да го разбере карактерот или делата на Бесконечниот. Ние не можеме да го пронајдеме Бога со истражување. Тоа свето суштество мора да остане обвиткано со тајна како за најсилниот и најобразован ум, така и за најслабиот и најнеукиот. Но, иако „облак и мрак е околу Него; праведноста и судот се основа на неговиот престол“ (Псалм 97,2). Ние можеме да го разбереме неговото постапување кон нас онолку колку што е потребно за да можеме да ја препознаеме неговата бескрајна милост соединета со неограничена сила. Неговите намери можеме да ги разбереме онолку колку што сме способни да ги сфатиме; а за она што е повеќе од тоа, мораме да имаме доверба во раката која е семоќна, во срцето кое е полно со љубов“ (*Воспитување* – Елена Вајт, стр.152.153).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Некои христијани веруваат дека Бог, уште пред да се родадат, одбрал некои да бидат спасени, а други да бидат изгубени. Ако се најдеш меѓу оние кои Бог, во својата бескрајна љубов и мудрост, ги предодредил да бидат изгубени, тогаш без оглед на одлуките кои ќе ги донесеш, одреден си за пропаст, што за многумина значи да гориш во пеколот во текот на цела вечност. Со други зборови, без некоја своја одлука, само со одлука на Божјето провидение, некои се предодредени да живеат без спасоносниот однос со Исуса во овој живот и следниот да го минат во вечниот пеколен оган. Што е погрешно во сета таа слика? Како таквото мислење се спротивставува на нашето?**

**Поука 11**
**9 - 15 декември 2017**

# ИЗБРАНИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 10 и 11.**

**ЗАПОМНИ ГО ТЕКСТОТ: „И така прашувам: 'Дали Бог го отфрли Својот народ? Далеку од тоа! Зошто и јас сум Израелец, од Авраамовото потомство, од Венијаминовото племе" (Римјаните 11,1).**

Поуката за оваа седмица ги покрива текстовите од десеттата и единаесетата глава на Посланието до Римјаните, но акцентот го става на единаесетата глава. Важно е да ги прочитаме двете поглавја за да продолжиме да ја следиме Павловата линија на докажување.

Овие две глави биле и останале предмет на многу расправи. Меѓутоа, и во двете глави се нагласува еден факт, имено, дека Бог го љуби човечкиот род и дека сака сите луѓе да се спасат. Никој не е исклучен од понудата за спасение. Римјаните 10 глава многу јасно објавува: „Нема разлика меѓу Јудеец и Грк" (Римјаните 10,12) – сите се грешници и на сите им е неопходна Божјата благодат која преку Исуса Христа му се нуди на светот. Оваа благодат им се нуди на сите – не според националност, не според раѓање, не според делата на законот, туку според верата во Исуса Христа, кој умрел како Заменик за сите грешници. Улогите можат да се менуваат, но темелите на планот на спасението секогаш остануваат исти.

Истата тема Павле ја продолжува и во единаесетата глава. И овде, како што веќе беше кажано, важно е да сфатиме дека Павле, кога зборува за изборот и повикувањето, не зборува за спасението, туку за улогата во Божјиот план на објавување на Евангелието на светот. Ниту една група не е отфрлена, ниту на една не ѝ е скратено спасението; за тоа и не се расправа овде. Наместо тоа, по крстот, по проповедањето на Евангелието на незнабошците, првата заедница на верните презела на себе задача да го објави Евангелието на светот.

## ХРИСТОС И ЗАКОНОТ

**Што нагласува Павле на почетокот на десеттата глава на Посланието до Римјаните? На кој начин и ние денес можеме да бидеме во опасност да „воспоставиме“ некоја „своја правда“ (Римјаните 10,1-4).**

---

Легализмот може да се појави во разни облици, само што некои се поприкриени од други. Оние кои се потпираат на себе, на своите добра дела, на строго празнување на саботата, на отфрлањето на сите лоши дела; или на прифаќањето на сите добри дела – дури и да имаат најдобра намера – паднале во стапицата на легализмот. Во секој момент од животот треба Божјата светост да ја сметаме како нешто спротивно на нашата грешна природа; и тоа е најсигурниот начин на кој можеме да се заштитиме себеси од размислувањата кои водат кон тоа ја бараме сопствената праведност, која е спротивна на Христовата.

Текстот во Римјаните 10,4 е многу важен бидејќи ја содржи суштината на целокупната порака на Павле упатена до Римјаните. Многу Евреи се труделе „да воспостават своја правда“ (Римјаните 10,3). Но, по доаѓањето на Месија, бил претставен правиот пат на праведноста. Праведноста им е понудена на сите кои со вера се потпираат на Исуса. Впрочем, целокупниот церемонијален ситем укажувал на Него.

Дури и ако во дефиницијата за законот го приклучиме и Декалогот, тоа не значи дека Десетте заповеди се укинати. Моралниот закон укажува на нашите гревови, на нашите грешки, пропусти и недостатоци, па и сите нè прави свесни за нашата потреба за Спасител, нашата потреба за проштавање и праведност што може да се пронајде само во Исуса Христа. Во таа смисла Христос е „свршеток“ на законот, во смисла дека законот нè води кај Него и Неговата праведност. Грчкиот збор за „свршеток“ гласи „телоес“, што би можело да се преведе како „цел“ или „намена“. Христос е конечната цел на законот, затоа што законот нè води кај Христа.

Да мислиме дека овој текст учи дека Десетте заповеди (особено четвртата, а луѓето навистина мислат така) се укинати, значи да се извлече заклучок кој се спротивставува на сè што кажува Павле во Новиот завет.

**Дали некогаш сте се гордееле со своите дела, особено кога сте се споредувале со другите? Можеби и навистина сте подобри, и што ако е така? Споредувајте се себеси со Христа, па тогаш размислувајте колку вашето добро е навистина добро!**

## „ИЗБОР ПО БЛАГОДАТТА“

**Кое многу проширено гледиште Павле јасно го отфрла? Римј. 11,1-7.**

---

Во првиот дел од својот одговор на прашањето: „Дали Бог го отфрли Својот народ?“ Павле укажува на остатокот, на изборот на благодатта како доказ дека Бог не го отфрла Својот народ. Спасението е достапно на сите кои го прифаќаат и Евреите и незнабожците.

Треба да имаме на ум дека првите обратени во христијанството биле само Евреите – на пример, групата која се обратила на Денот педесетница. Потребна била посебна визија и чудо што ќе го осведочи Павле дека и незнабошците го имаат истото право на пристап до Христа и до Неговата благодат (Дела на апостолите 10; 15,7-9) и дека Евангелието треба и ним да им се проповеда.

**Дали навистина Павле мислел дека Бог намерно заслепил дел од Израел кој го отфрлил Христа? Зошто таквото мислење би било погрешно? Римјаните 11,7-10.**

---

---

Всушност, во овие стихови Павле ги цитира од Стариот завет, кој Евреите го прифаќале како авторитет. Цитатите кои Павле ги наведува, го претставуваат Бога како им дава дух на поспаност на Израелците, така што не биле во состојба да слушаат ни да чујат. Дали Бог навистина ги заслепил луѓето за да ги спречи да ја видат светлината која ќе ги одведе на патот на спасението? Никако. Овие текстови мораат да се сфатат во светлина на нашето објаснување на деветтата глава на Посланието до Римјаните. Павле не зборува за поединечно спасение, бидејќи Бог не отфрла ниту една група. Наместо тоа, тука е во прашање улогата која тој народ требало да ја одигра во Неговото дело.

**Зошто е погрешно гледиштето дека Бог отфрлил некои луѓе како група и не им дозволил да се спасат? Зошто таквото мислење е спротивно на целокупното учење на евангелието, кое говори дека Исус умрел за да се спасат сите човечки суштества? Зошто на пример, во случајот со Евреите таквата мисла довела до трагични последици?**

---

---

## НАКАЛЕМЕНА ГРАНКА

**Која голема надеж ја истакнува апостолот за Евреите и незнабожците? Римјаните 11,11-15.**

Во овие текстови наоѓаме два паралелни израза: (1) „нивната полнота“ (на Израелците) (Римјаните11,12) и (2) „нивното примање“ (на Израелците) (Римјаните 11,15). Павле го разгледува отфрлањето на Евреите како привремена појава која наскоро ќе биде заменета со исполнување и примање. Ова е вториот Павлов одговор на прашањето во оваа глава: „Дали Бог го отфрлил Својот народ?“ Она што изгледа како отфрлање, кажува тој, е само минлива појава.

**Што кажува Павле во Посланието до Римјаните 11,16-24?**

___

Павле го споредува верниот отаток на Израел со благородно стебло на маслинка, на која некои гранки се скршиле (оние кои не верувале) – илустрација со која се служи за да докаже дека Бог не го отфрлил својот народ“ (Римјаните 11,2). Коренот и стеблото и понатаму се наоѓаат на своето место!

Обратените незнабошци се прикалемиле на тоа исто стебло. Тие ја извлекуваат својата сила и живот од коренот на стеблото, со кој е претставен верниот Израел. Она што им се случило на оние кои го отфрлиле Исуса може да им се случи и на обратените незнабошци. Библијата не ја содржи доктрината: „Еднаш спасен, засекогаш спасен!“ Како што Евангелието слободно се нуди, така може и слободно да се отфрли. Иако мораме да бидеме многу внимателни да не помислуваме секој пат кога ќе паднеме дека го губиме спасението и дека нема да се спасиме доколку не станеме совршени, треба да внимаваме да не паднеме во спротивната бездна – идејата дека, кога ќе ја стекнеме Божјата благодат, повеќе не можеме ништо да направиме, ниту да донесеме одлука, што би можело да ни ја земе предноста за спасение. На крај, сепак ќе се спасат само оние кои ќе „издржат во благодатта“ (Римјаните 11,22).

Ниту еден верник не смее да се фали со својата добрина или да се чувствува надмоќен во однос на другите. Нашето спасение не е заслужено; го добиваме како дар. Пред крстот, пред мерилото на Божјата светост, сите сме еднакви – грешници на кои им е неопходна Божјата благодат, грешници на кои им е потребна светост која можеме да ја добиеме преку благодатта. Ние сами по себе немаме ништо со што би можеле да се фалиме, всушност можеме да се фалиме само со Исуса и со она што Тој го направил за нас кога дошол на овој свет во човечка лика, кога страдал заедно со нас, кога умрел за нашите гревови, оставајќи ни пример како треба да живееме. Во сето тоа, ние целосно зависиме од Него, бидејќи без Него не би можеле да имаме никаква поголема надеж од онаа која овој свет може да ја понуди.

## СИОТ ИЗРАЕЛ ЌЕ СЕ СПАСИ

**Кој голем настан го навестува Павле во историјата на верниот Израел? Римјаните 11,25-27.**

---

Христијаните веќе стотици години расправаат за овие неколку стихови. Сепак неколку факти се сосема јасни. На почетокот, Павле тврди дека Евреите му се многу важни на Бога. Тоа што Павле го кажува тука, доаѓа како одговор на прашањето кое е поставено во почетокот на главата: „Дали Бог го отфрли Својот народ?" Се разбира, неговиот одговор е одречен, а неговото објаснување гласи: (1) дека заслепеноста – грчки „поросис" – е само делумна и (2) дека е само привремена, „додека незнабошците не влезат во полн број?" Мнозина во овој израз гледаат начин да се изрази исполнувањето на евангелскиот налог, според кој целиот свет треба да ја слушне веста на Евангелието. „Незнабошците... во полн број" ќе се обратат кога Евангелието ќе им се објави на сите. Верата на Израел сега станала сеопшта. Евангелието се проповедало по цел свет. Исусовото доаѓање е близу. Во тој момент многу Евреи ќе почнат да доаѓаат кај Исуса.

Друг голем проблем претставува значењето на изразот: „ 26 И така, целиот Израел ќе се спаси" (Римјаните 11,26). Ова не смее да се сфати во смисла дека во последно време секој Евреин ќе добие спасение со некоја посебна божествена одредба! Библијата никаде не проповеда универзализам, ни за човечки род како целина, ниту за некој негов дел. Павле се надевал дека ќе се спасат „некои од нив" (Римјаните 11,14). Некои го прифатиле Месија, некои го отфрлиле, како што тоа се случува во сите човечки средини.

Говорејќи за единаесеттата глава на Посланието до Римјаните, Духот на пророштвото најавува дека во време на „завршното објавување на Евангелието," „мнозина Евреи ... со вера ќе го прифатат Исуса како свој Спасител" (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 266).

„Големо дело треба да се изврши во нашиот свет. Господ објавил дека незнабошците ќе бидат собрани, но не само незнабошците туку и Евреите. Меѓу Евреите има мнозина кои ќе се обратат и преку кои ќе видиме како Божјето спасение оди напред како светилка која свети. Евреи има на сите места и ним мора да им се објави светлината на сегашната вистина. Меѓу нив има такви кои ќе дојдат до светлина и кои ќе ја објавуваат непроменливоста на Божјиот закон со прекрасна сила" (Елена Вајт, Евангелизам, стр. 578 ориг.).

**Најди време да размислиш за еврејските корени на христијанската вера. Како внимателното проучување на еврејската вера бо можело да ти помогне подобро да ја разбереш христијанската вера?**

## СПАСЕНИЕ ЗА ГРЕШНИЦИТЕ

Павловата љубов кон сонародниците е очигледна. Сигурно му било многу тешко додека гледал како некои од неговите сонародници се борат против него и против вистината на Евангелието. Сепак, тој и понатаму верува дека многу Евреи ќе го прифатат Исуса како Месија.

**На кој начин Павле ја прикажува Божјата љубов не само кон Евреите туку и кон сите припадници на човечкиот род? На кој начин ја опишува таинствената моќ на Божјата благодат? Римјаните 11,28-36.**

________________________________________

Во сите овие текстови, иако постои разлика помеѓу Евреите и незнабошците, едно останува сигурно: Божјата љубов и Божјата милост се излеваат на сите грешници! Уште пред основањето на нашиот свет, Бог направил план да се спаси човечкиот род и со помош на другите човечки суштества, па дури и цели народи, да ги оствари намерите на Својата волја.

**Проучи го внимателно текстот во Римјаните 11,31! Кој важен факт за нашето сведочење треба да го извлечеме од тој текст, не само за сведочење на Евреите, туку и на сите со кои доаѓаме во допир?**

________________________________________

Несомнено е дека, доколку христијанската црква во изминатите векови постапувала подобро кон Евреите, многу повеќе меѓу нив би се обратиле кон својот Месија. Големиот отпад во првите векови по Христа, исклучителната паганизација на христијанството – која го опфатила и отфрлањето на седмиот ден во полза на првиот ден во седмицата – сигурно дека не им олеснила на Евреите, кои можеби би биле привлечени кон Христа.

Колку е важно сите христијани, свесни за милоста која им е укажана во Исуса Христа, да покажат милост кон другите. Ние не можеме да бидеме христијани ако не го направиме тоа!

**Постои ли некој кон кого треба да покажете милост, а кој можеби не го заслужува тоа? Зошто не ѝ покажете на таа личност дека сте милостиви, без обѕир колку тешко ќе ви падне тоа? Зар Христос не го сторил истото со нас?**

________________________________________

________________________________________

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте и следните глави во книгите на Елена Вајт: *Делата на апостолите:* „Пред Синедрионот“, „Од прогонувач до ученик“, Пишано од Рим“; *Евангелизам:* „Да им се приближиме на католиците“. Ако сте во можност прочитајте и „What to Preach and Not to Preach“, стр. 155, 156, во *Одбрани сведоштва*, 1 книга, стр. 155.156.

„Иако Израел како нација паднал, во него останал побожен остаток - оние што ќе бидат спасени. Во времето кога дошол Спасителот имало верни мажи и жени кои со радост ја примиле пораката на Јована Крстителот и биле наведени повторно и постудиозно да ги проучуваат пророштвата што се однесуваат на Месија. Кога била основана првата христијанска црква, таа главно се состоела од верници од еврејско потекло кои Исуса Назареќанецот го признале како Оној чиешто доаѓање долго и со желба било очекувано...

Меѓу Евреите има луѓе кои, слично на Савле Таршанецот, се силни познавачи на светите списи и тие со чудесна сила ќе ја објавуваат непроменливоста на Божјиот закон. Бог Израелов ќе стори до тоа да дојде во последните денови. Божјата рака не се скусила за да не може да спаси. Ако неговите слуги со вера се залагаат за оние што долго биле занемарени и презрени, ќе се открие неговото спасение...

Во завршната фаза на објавувањето на евангелието, кога треба да се изврши посебно дело за оние кои до тогаш биле занемарени, Господ очекува од своите весници да му посветат посебно внимание на еврејскиот народ кој се наоѓа во сите делови на светот. Во објаснувањето на вековните намери на Јехова, кога списите на Стариот завет ќе се поврзат со оние од Новиот, тоа за многу Евреи ќе биде како зора на ново создавање - воскресение на душата. Кога тие ќе го видат Христа онаков каков што се прикажува во евангелието, опишан и на страниците на старозаветните списи, и кога ќе сфатат како Новиот завет многу убаво го објаснува Стариот, нивните успиени способности на сфаќање ќе се разбудат и тие ќе го признаат Христа како Спасител на светот. Мнозина со вера ќе го прифатат Христа како свој Откупител“ (*Делата на апостолите*, стр. 291- 293)

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во последните денови, кога Божјиот закон, особено саботата, ќе дојде во центарот на интересот, зар не е разумно да помислиме дека Евреите - меѓу кои мнозина се исто толку верни на Декалогот како и ние - ќе посакаат да ја одиграат својата улога во разјаснување на некои прашања пред светот? Всушност, кога станува збор за саботата, адвентистите, наспроти Евреите се „некои нови деца“ зар не?**

**2. Зошто би требало нашата црква да биде поуспешна од многу други цркви во приближување кон Евреите? Што би можеле вие да направите на тоа подрачје во вашата месна црква?**

**3. Што би можеле да научиме од грешките на другите во стариот Израел? Како да одбегнеме тие исти грешки да ги повториме и денес?**

**Поука 12**
**16 - 22 декември 2017**

# НАДВЛАДЕЈ ГО ЗЛОТО СО ДОБРО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 12. и 13.**

**ЗАПОМНИ ГО ТЕКСТОТ: „Немојте да се прилагодувате на овој свет; туку преобразувајте се преку обновувањето на вашиот ум, за да можете да ја дознаете која е добрата, угодна и совршена Божја волја“ (Римјаните 12,2).**

Колку и да се трудел да им ги отвори очите на Римјаните за да сфатат дека имаат погрешно сфаќање за законот, Павле едновремено ги повикува сите христијани да ги усвојат високите мерила на послушноста. Оваа послушност произлегува од внатрешната промена во нашето срце и ум, промена која се случува само со Божјата сила која дејствува во оние кои да Му се предаваат.

Посланието до Римјаните не содржи никакво навестување дека таа послушност се појавува автоматски. Христијанинот мора да добие просветлување какво што законот бара од него, тој мора да посака да биде послушен на тие барања и, конечно, треба да бара сила без која таа послушност не би била возможна.

Тоа значи дека добрите дела се дел од христијанската вера. Павле никогаш не ни помислил да ја намали вредноста на добрите дела; од 13. до 15. глава тој силно ги нагласува. Со тоа не го отфрла она што веќе го кажал за оправдувањето со вера. Напротив, добрите дела се вистински израз на сѐ она што подразбира живеењето со вера. Некој дури и би можел да каже дека, по Исусовото доаѓање, новозаветните барања се потешки од оние во Стариот завет. Новозаветните верници добиле прав пример за вистинско морално однесување во Исуса. Само Тој, и никој друг, претставува пример кој треба да го следиме. „Имајте ја во себе истата мисла, која беше“ не во Мојсеј, Даниел, Давид, Соломон, Енох, Девора, не во Илија туку „во Исуса Христа“ (Филипјаните 2,5).

## „ВАША ДУХОВНА БОГОСЛУЖБА“

Со единаесеттата глава завршува доктриналниот дел на Посланието до Римјаните. Останатите поглавја содржат практични поуки или лични пораки. Сепак, и тие завршни глави се особено важни, бидејќи покажуваат како да живееме со вера.

За почеток, верата не е замена за послушноста, верата на никаков начин не ја укинува нашата обрвска да Му бидеме послушни на Бога. Моралните правила и понатаму важат; Новиот завет ги објаснува, дури и ги засилува. Нема никакво навестување дека сега на христијаните ќе им биде полесно да го усогласат својот живот со моралните прописи. Напротив, понекогаш ни се вели дека ќе ни биде тешко, затоа што битката против самиот себе секогаш е сурова (1. Петрово 4,1). На христијанинот му е ветена божествената помош и упатено уверување дека може да победи, но ние се наоѓаме во светот на непријателот и ќе мораме да водиме многу битки против искушенијата. Радосната вест гласи дека доколку паднеме или се сопнеме, нема да бидеме отфрлени бидејќи имаме Поглавар кој посредува за нас (Евреите 7,25).

**Повикувајќи се на старозаветниот систем на принесување жртви, што бара апостолот од христијаните? Што значи тоа? Римј. 12.1.2.**

---

Во Римјаните 12,1 Павле се повикува на старозаветниот систем на принесување жртви. И како што во минатото биле принесувани животински жртви, така и сега христијаните треба да се принесат себе и своето тело на Господа, но не да се мачат или да убиваат, туку да бидат како жива жртва посветени на Неговата служба.

Во времето на стариот Израел, секоја жртва што се носела во храмот била прегледувана. Ако најделе каков било недостаток, жртвата била одбивана, бидејќи Бог заповедал жртвите да бидат без мани. Исто така, и христијаните се повикани да го принесат своето тело „во жива, света и угодна жртва на Бога“. За да можат да го направат тоа, треба сите свои способности и сили да ги одржуваат во најдобра состојба. Иако ниту еден меѓу нас не е без мани, сите треба да се трудиме да живееме што е можно подобар, почист и поверен начин на живот.

**Секогаш ни е полесно да доаѓаме со оправдување кога се во прашање нашите гревови и недостатоци, зар не? Кој е твојот вообичаен изговор кога постојано паѓаш во истиот грев? Зар не е време да ги отфрлиме сите изговори и да се фатиме за Божјите ветувања, зар не е Божјата сила поголема од вашите изговори?**

## „МИСЛИТЕ... НАСОЧЕНИ КОН РАЗУМНО РАЗМИСЛУВАЊЕ“

Во текот на ова тримесечје исцрпно говоревме за трајноста на Божјиот морален закон и постојано нагласувавме дека Павле во Посланието до Римјаните не говори дека Декалогот е укинат ниту потиснат со верата.

Сепак, човек може многу лесно да биде окупиран со словото на законот до таа мера што заборава на духот кој стои зад словото и дека тој дух е всушност љубовта – љубов кон Бога и кон ближниот. Иако секој може да зборува за љубовта, искажувањето на таа љубов во секојдневниот живот претставува нешто сосема друго.

**На кои сè начини треба да покажуваме љубов кон ближните? Римј. 12,3-21**

---

Како и во 1. Коринќаните, во дванаесеттата и тринаесеттата глава, по објаснувањето на духовните дарови, Павле ја издигнува љубовта. Љубовта (грчки *агапе*) е највозвишениот пат. „Бог е љубов“ (1. Јованово 4,8). Според тоа, љубовта го опишува Божјиот карактер. Да имаме љубов, значи и да се однесуваме кон другите онака како што Бог постапува кон нив.

Павле овде покажува како треба да се изразува љубовта на практичен начин. Овде се воздига едно важно начело, а тоа е скромноста и понизноста, подотвеност човек „да не мисли за себе повеќе отколку што треба да мисли“(Римјаните 12,3); подготвеност „со братска љубов да бидеме љубезни еден кон друг“ (Римјаните 12,10); подготвеност „на другиот да му укажеме поголема чест“ (Римјаните 12,16). „Земете го мојот јарем на себе и научете се од мене, затоа што јас сум кроток и смирен во срцето“ (Матеј 11,29) – тоа е суштината на сè.

Од сите луѓе, христијаните треба да бидат најскромни и најпонизни. Впрочем, погледнете колку сме беспомошни, колку сме грешни, колку сме зависни, не само од праведноста која не е наша за да добиеме спасение, туку и од силата која дејствува во нас за да нè промени онака како што самите никогаш не би можеле да се промениме! Со што би можеле да се фалиме, со што да се гордееме, што имаме во себе што би нè издигнало над останатите? Баш ништо! Почнувајќи од таа лична скромност и понизност не само пред Бога туку и пред ближните, треба да живееме онака како што Павле нè советува.

**Прочитајте Римјаните 12,3-21. Колку го применуваме овој совет во својот живот токму сега? Зар не ни е потребно темелно прилагодување за да ги исполниме советите на Божјата Реч?**

## ОДНОС КОН ВЛАСТА

**Кое основно начело ни го препорачува Павле во поглед на граѓанската власт? Римјаните 13, 1-7.**

Она што Павловите зборови ги прават поинтересни е фактот дека тој пишува за времето кога една паганска империја владеела со светот, империја која знаела да биде особено брутална и кон своите поданици, која била до срж расипана, која ништо не знаела ниту сакала да знае за вистинскиот Бог и која започнала масовно угнетување на оние кои сакале да Му служат. Всушност, таа иста власт го осудила Павле на смрт и го погубила. Сепак, наспроти тоа, Павле ја застапува мислата дека христијаните треба да бидат добри граѓани и кога власта е таква каква што е.

Да, затоа што мислата за власта се наоѓа во цела Библија. Идејата, начелото за власта доаѓа од Бога. Човечките суштества треба да живеат во заедница која има свои правила и одредби и мерила. Анархијата не е библиска замисла.

Кога го велиме тоа, не значи дека Бог се согласува со сите облици на владеење или начините на кои таа власт се извршува. Напротив! Не треба да гледаме премногу далеку било во историјата било во денешниот свет, за да видиме дека постоеле или дека постојат некои брутални режими на владеење. Сепак, и во такви околности, колку што е тоа можно, христијанинот треба да ги слуша законите на својата земја. Христијаните треба да ја поддржат власта сè додека нејзините барања не се противат на Божјите барања. Човекот треба да размисли многу сериозно, со многу молитви и совети од разумни луѓе, пред да тргне по патот кој ќе го доведе во судир со постоечките сили. Ние знаеме, врз основа на пророштвата дека еден ден сите Божји верни следбеници ќе мораат да се судрат со политичките сили кои тогаш ќе владеат со светот (Откровение 13). Дотогаш, ние треба да направиме сè што стои до нас, да бидеме добри граѓани пред Бога во земјата во која што живееме.

„Човечката власт мораме да ја признаеме како институција од Бога одредена и покорувањето на власта да ја проповедаме како света должност во границите на нејзините легитимни права. Но, кога нејзините барања ќе дојдат во судир со Божјите барања, ние мораме да му се покориме на Бога а не на луѓето. Божјата реч мора да се признае како нешто што е над секое човечко законодавство...

Од нас не се бара да им пркосиме на оние што имаат некоја власт. Нашите зборови, изговорени или напишани, мора да бидат внимателно одмерени за да не може врз основа на она што го зборуваме да се тврди дека сме противници на законот и поредокот. Не смееме да зборуваме и да правиме ништо што без потреба би ни го затворило патот." (*Делата на апостолите*, стр. 54).

## „ДА СЕ ЉУБИТЕ ЕДЕН СО ДРУГ“

**„Не бидете никому должни освен да се љубите еден со друг; зашто кој љуби го исполнува законот“ (Римјаните 13,8).**

**Како да го сфатиме овој текст? Дали тоа значи дека, кога ги љубиме ближните, повеќе не сме обврзани да го држиме Божјиот закон?**

______________________________________________________

Како што направил Исус на Горага на блаженствата, и овде Павле ги издигнува начелата на законот, покажувајќи дека љубовта треба да биде движечката сила на сè што правиме. Бидејќи законот е препис на Божјиот карактер, а Бог е љубов, да се љуби, значи да се исполнува законот. Сепак, Павле не го заменува законот со некое замаглено мерило на љубовта, како што мислат некои христијани. Моралниот закон и понатаму нè обрзува, затоа што ни укажува на гревот – а кој би се осмелил да се откаже од постоењето на гревот?

Меѓутоа законот вистински може да се држи единствено во контекст на љубовта. Да имаме на ум, некои меѓу оние кои го приковале Исуса на крст, потрчале кон своите домови за да го држат законот!

**Кои заповеди ги наведува Павле за да го опише начелото на љубовта во држењето на законот? Зошто токму тие? Римјаните 13,9.10.**

______________________________________________________

Интересно е дека факторот на љубовта не бил некое ново воведено начело. Наведувајќи го старозаветниот текст: „Љуби го својот ближен како себеси “ (3. Мојсеева 19,18), Павле покажува дека тоа начело било вградено во старозаветниот систем. И повторно Павле се враќа на Стариот завет за да го поддржи своето проповедање на Евангелието. Некои тврдат дека овој текст обврзани сме да ги држиме само оние заповеди кои ги спомнал Павле. Ако е така, дали тоа значи дека христијаните не треба да ги почитуваат своите родители, дека треба да се поклонуваат на кипови и да имаат други богови освен Господа? Секако дека не!

Овде Павле говори како треба да постапуваме едни кон други. Тој се занимава со меѓусебни односи, па затоа и ги споменува заповедите кои се занимаваат со тие односи. Неговото докажување не смее да се разбере како да го укинува остатокот од законот. Освен тоа, како што истакнуваат новозаветните автори, покажувајќи љубов кон ближните, ние покажуваме љубов кон Бога (Матеј 25,40; 1. Јованово 4,20.21).

**Размисли за својот однос кон Бога и како тој се одразува на твојот однос кон ближните! Колкава улога игра љубовта во сите тие односи? Како можеме да научиме да ги љубиме ближните на начин на кој Бог нè љуби нас? Што те спречува да го правиш тоа?**

## „ПОБЛИСКУ ОТКОЛКУ КОГА ВЕРУВАВМЕ“

**„И знаејќи го ова, време е веќе да станеме од сон; зашто сега спасението ни е поблиску отколку кога верувавме“ (Римјаните 13,11).**

Како што зборувавме цело ова тримесечје, Павле го насочува својот поглед на посебен начин за да ѝ ја објасни на црквата во Рим, а особено на верниците од еврејството, улогата на верата и делата во контекст на Новиот завет. Проблем било спасението и како грешникот може да стане праведен и свет пред Бога. За да им помогне на оние кои гледале само на законот, Павле го објавува законот во неговиот вистински контекст и улога. Иако јудаизмот бил религија на благодатта, се појавил легализмот и направил многу штета. Колку ние како Црква треба да бидеме внимателни за да не ги повториме истите грешки!

**За кој важен настан говори Павле во следниве стихови? Како би морале да се однесуваме ние додека го очекуваме тој настан? Рим. 13,11-14.**

______________________________________________________________

Колку е возбудливо што овде Павле им се обраќа на верниците и им кажува да се разбудат и да се подготват, бидејќи Исус доаѓа! Фактот дека ова било напишано пред речиси две илјади години, не менува ништо. Ние секогаш мораме да живееме очекувајќи го непосредното Христово доаѓање! Што се однесува до сите нас, што се однесува до нашето лично искуство, второто Христово доаѓање е исто толку близу како и можноста за нашата смрт. Дали следната седмица или за 40 години, ние ги затвораме своите очи при смртта и дали ќе спиеме само осум дена или 400 години, нема никаква разлика! Следно што ќе видиме, тоа ќе биде Исусовото доаѓање! Со смртта која се крие некаде зад следниот агол за сите нас, времето е навистина кратко, но нашето спасение е многу поблизу отколку кога прв пат сме поверувале.

Иако во Посланието до Римјаните Павле не се занимава многу со второто Исусово доаѓање, во писмата до Солуњаните и Коринќаните многу повеќе говори за тоа. Всушност, тоа е клучна тема во Библијата, особено во Новиот завет. Без неа и без надежта што ни ја нуди, нашата вера би била безначајна. Што всушност значи „оправдувањето со вера“ без второто Христово доаѓање, кое ќе ја доведе таа исклучителна вистина до нејзиното славно исполнување?

**Кога сигурно би знаеле дека Исус ќе дојде следниот месец, што би промениле во својот живот и зошто? Ако верувате дека сето треба да го промените еден месец пред второто Христово доаѓање, зошто не го промените уште сега? Во што е разликата?**

## ЗА НАТАМОШНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

„Во Библијата се открива Божјата волја. Вистините на Божјата Реч ја претставуваат науката на Највозвишениот. Оној кој ќе направи тие вистини да станат дел од неговиот живот, во секоја смисла станува ново создание. Тој не добива некои нови умствени сили, но затоа исчезнува темнината која со незнаењето и гревот го затемнувала неговиот ум. Зборовите: 'И ќе ви дадам ново срце', всушност значат: 'Ќе ви дадам нов разум!' Промената на срцето секогаш ја следи јасно разбирање на христијанските должности, разбирање на вистината. Оној што му посветува длабоко внимание на Писмото, следено со молитва, ќе стекне јасно разбирање и здраво просудување, како, обраќајќи се кон Бога, да преминува во повисоко ниво на разумот“ (Ellen G. White, *Мојот живот денес,* стр. 24).

„Господ наскоро ќе дојде и ние мораме да сме подготвени и да го чекаме Неговото доаѓање. О колку ќе биде славно кога ќе Го видиме и поздравиме како Негови откупени. Долго чекавме, но затоа нашата надеж не смее да заслабне. Кога само би можеле да Го видиме Царот во сета Негова убавина, вечно би биле благословени! Чувствувам дека морам да извикам: 'Си одиме дома!' Се приближуваме кон времето кога Христос ќе дојде во сила и голема слава за да ги одведе Своите откупени во нивниот вечен дом!“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church,* 8. книга, стр.253).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Разговарајте во својата класа за прашањето на крајот од поуката за четврток. Кои одговори ги дадовте и како ги образложивте?**

**2. Прашањето како да бидеме добри граѓани и добри христијани понекогаш изгледа многу сложено. Ако некој дојде кај вас и побара совет што да прави во врска со нешто за кое смета дека е Божја волја, иако тоа би можело да го доведе во судир со власта, што ќе му кажете? Според кои начела би морале да се управувате? Зошто на тоа прашање мораме да му пристапуваме со крајна сериозност и со многу молитви? Всушност, не излегуваат сите неповредени од лавовската јама, зар не?**

**3. Според ваше мислење, што е потешко: строго да се држиме за Словото на законот, или безусловно да го љубиме Бога и ближните? Дали ќе дадете приговор околу тоа дека ова прашање содржи во себе некој вид лажен избор? Зошто?**

**4. Додека се наближуваме кон крајот на тримесечјето, разговарајте во класата за она што го научивте од Посланието до Римјаните, а ви помага да сфатите зошто реформација е толику важна. Што можеме да научиме од ова послание околу тоа што веруваме и зошто веруваме?**

Поука 13
23 - 29 декември 2017

# ХРИСТИЈАНСКИОТ ЖИВОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 14-16 глава.**

**ЗАПОМНИ ГО ТЕКСТОТ: „Што го осудуваш својот брат? Или што го укоруваш својот брат? Зашто сите ќе излеземе на суд пред Христа“ (Римјаните 14,10).**

Стигнавме пред крајот на проучувањето на Посланието до Римјаните, книга под чие влијание настанала протестантската реформација, книга која повеќе од која било друга книга треба да ни по покаже зошто сме протестанти и зошто мораме тоа и да останеме. Како протестанти, особено како христијани адвентисти, се држиме за принципот Sola Scriptura - Библијата е единственото мерило на верата. Токму од Библијата сме ја дознале таа вистина која пред многу векови ги поттикнала нашите духовни татковци да се одвојат од Рим – големата вистина за спасението со вера, вистина која е толку моќно изразена во Павловото послание упатено до Римјаните.

Можда се можеме да го сумираме со прашањето што го поставил незнабожечкиот стражар: „Што треба да правам за да се спасам?“ (Дела 16,30). Одговор на тоа прашање го добиваме во Посланието до Римјаните – одговорот не лежи во она што го направила Црквата вовремето на Лутер. Затоа реформација воопшто и започнала, и затоа денес се наоѓаме тука каде што сме.

Како го завршил Павле ова послание, што забележил, кои вистини ги наоѓаме тука за нас како Павлови наследници и наследници на протестантските татковци?

## ПОСЛАБИОТ БРАТ

Во Римјаните 14,1-3 се расправа за месото кое можеби било жртвувано на идоли. Ерусалимскиот собор (Дела 15) заклучил дека обратениците од незнабоштвото се воздржуваат од јадење на таквото месо. Меѓутоа, секогаш можело да се постави прашањето дали и месото кое се продава на пазарите доаѓа од животни кои биле жртвувани на идоли (1. Коринќаните 10,25). Некои христијани не обрнувале внимание на тој проблем; други, доколку би се појавил и најмал сомнеж, избирале да користат храна од растително потекло. Овој проблем нема никаква врска со прашањето на вегетаријаството и здравиот начин на живот, ниту, пак, Павле овде навестува дека е укината разликата меѓу чистите и нечистите животни. Тоа овде воопшто не е предмет на расправа. Кога зборовите: „Кој јаде, нека не го презира оној, што не јаде“ (Римјаните 14,3) би можеле да се сфатат на тој начин што сега секое животно, без разлика дали е чисто или нечисто, може да се јаде, тие би биле целосно погрешно протолкувани. Споредувањето со другите новозаветни текстови би го негирало таквото толкување.

„Да се прими“ некој кој е слаб во верата, значи да му се признае целосен试 вернички и општествен статус. Со таквите личности не треба да се расправаме туку да им го признаеме правото на посебно мислење.

**Кое начело треба да го преземеме од Посланието до Римјаните 14,1-3?**

---

Важно е да сфатиме дека Павле не зборува негативно за личностите кои ги нарекува „слаби во верата“, бидејќи во прашање се христијани кои своите христијански обврски ги сфаќаат многу сериозно. Тој не им дава никаков совет на тие личности како да станат „силни.“ „Пресовесниот“ христијанин (кого така го нарекуваат неговите браќа, а не Бог) е прифатен, „зашто Бог го примил“.

**Како текстот во Римјаните 14,4. ја проширува темата која тукушто ја разгледувавме?**

---

**Иако треба да ги имаме на ум начелата кои се истакнати во денешната поука, зар сепак не постои време и место кога треба да станеме и да го кажеме своето мислење, не за личноста туку и за нејзините дела? Смееме ли секогаш да се повлекуваме и ништо да не кажуваме без оглед што се случува? Пророкот Исаија ги нарекува немарните стражари „неми пси, не можат да лаат“ (Исаија 56,10). Како можеме да одредиме кога да зборуваме, а кога да молчиме? Како да одржиме вистинска рамнотежа?**

---

## „СО КАКВА МЕРА МЕРИТЕ...“

**Која причина ја наведува Павле кога од нас бара да бидеме внимателни при оценувањето на делата на своите ближни? Римј. 14,10.**

---

Склони сме понекогаш остро да ги осудуваме делата на своите ближни, често токму оние дела кои и сами ги правиме. Зошто толку често делата кои сами ги правиме не ни изгледаат толку лоши како кога истите дела ги прават нашите ближни? Со своето лицемерје ние можеме да се мамиме себеси, но не и Бога, кој нè предупредува: „Не судете за да не ви се суди. Зашто со каков суд судите, со таков ќе ви се суди; и со каква мерка мерите, со таква ќе ви се мери. Зошто ја гледаш раската во окото на својот брат, а гредата во своето око не ја гледаш? Или како можеш да му кажеш на својот брат: стани да ти го извадам трнот од твоето око, а гредата во своето око не ја чувствуваш?“ (Матеј 7,1-4).

**Колкава е важноста на цитатот од Стариот завет што Павле го цитира во оваа пригода? Римјаните 14,11.**

Овој старозаветен текст (Исаија 45,23) ја поддржува мислата дека сите мораме да се појавиме пред Божјиот суд. Изразот „секое колено“ и „секој јазик“ се однесуваат на секој поединец, бидејќи никој не е исклучок. Затоа сите мораме да дадеме одговор за својот живот и за своите дела (Римјаните 14,12). Никој не може да одговара за некој друг. Во оваа важна смисла, ние навистина не сме „чувари“ на својот брат!

**Земајќи го предвид контекстот, како ги сфаќате Павловите зборови во Посланието до Римјаните 14,14.**

---

Предмет и понатаму е храната која е жртвувана на идолите. Очевидно е дека проблем не претставува разликата меѓу чистата и нечистата храна. Павле нагласува дека не гледа ништо лошо во тоа што некој јаде храна која можеби била жртвувана на идоли, туку во ставот на неговите браќа кои имаат поинакво мислење. Впрочем, што се идолите? Ништо (1. Коринќаните 8,4), па тогаш воопшто не е важно дали некој незнабожец ја наменил таа храна како жртва на кип на некој бик или жаба! Проблемот е во тоа дека совеста на некоја личност не би смеела да биде изложена на насилство, особено ако совеста е пречувствителна. Овој факт не го разбрале „посилните“ браќа. Тие со презир гледале на претераните обѕири на своите „послаби“ браќа и со тоа поставувале камен на сопнување на нивниот пат.

**Во својата ревност за Господа, дали сте во опасност да погрешите во својот однос кон братот кого го сметате за послаб во верата? Зошто мораме да внимаваме да не ја играме улогата на совест на своите браќа, без оглед колку се добри нашите намери?**

## НИКОГО НЕ РАНУВАЈ

**Кое начело го препорачува Павле кога ќе дојде до разлика во мисле-њата меѓу браќата? Како тоа исто начело може да се примени на сите подрачја од животот? Римј. 14,15-23; 1. Коринќ. 8,12.13.**

---

Во Римјаните 14,17-20, разните аспекти на христијанството Павле ги става во правилен меѓусебен однос. Иако исхраната е важна, меѓу христијаните не треба да има судир поради изборот на некои кои одлучиле да користат вегетаријански продукти наместо месо кое било жртвувано на идоли. Тие требало да се сосредоточат на праведноста, мирот и радоста во Светиот Дух. Како можеме да ја примениме таа мисла на прашањето околу исхраната денес? Колку и да може здравствената порака, особено пораката за исхраната, да ни донесе благослов, на овој предмет не гледаат сите на ист начин и ние мораме да ги почитуваме тие разлики.

**Среде расправата за тоа дека во поглед на исхраната секој треба да им дозволи на другите да одлучуваат според совеста, Павле вметнува интересна реченица: „Блажен е оној, кој не се осудува себеси за она, што го смета за добро“ (Римјаните 14,22). Која опомена ни ја упатува Павле? На кој начин оваа реченица прави рамнотежа на сѐ што рекол досега околу ова прашање?**

---

Дали некогаш сте слушнале како некој ви вели: „Никој не треба да ми се меша во тоа што јадам, како се облекувам или како се забавувам!“ Дали навистина е така? Никој од нас не живее во безвоздушен простор. Нашите дела, зборови, однесување, дури и исхрана, влијаат на другите, или на добро или на зло. Не е тешко да се види на кој начин. Ако некој забележи дека правиш „нешто лошо“, може под твое влијание да го направи истото. Се лажеме себеси ако мислиме поинаку. Бесмислено е да тврдиме дека никого не принудуваме да го следи нашиот пример. Како христијани, ние сме одговорни едни за други, и ако нашиот пример скршне од вистинскиот пат, ние стануваме одговорни!

**Каков пример им даваш на другите? Дали би се чувствувал пријатно кога други, особено некои млади луѓе или нови верници, го следеле вашиот пример на сите подрачја на живеење и однесување? Што ви кажува вашиот одговор за вас лично?**

---

## ПРАЗНУВАЊЕ НА ДЕНОВИТЕ

Во оваа расправа за тоа да не ги осудуваме другите кои за некои прашања имаат поинакво мислење од нас, за тоа да не бидеме камен на сопнување на оние кои се соблазниле поради нашето однесување, Павле го спомнува и прашањето за деновите кои некои сакаат да ги празнуваат, а други не.

**Прочитај Римјаните 14,4-10. Како да го разбереме она што го кажува Павле во овие стихови? Дали нешто укажува на четвртата заповед? Ако не, зошто не?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

За кои денови зборува Павле овде? Дали уште во првата Црква дошло до несогласување околу празнувањето или непразнувањето на одредени денови? Изгледа дека било така. Навестување за такви несогласувања наоѓаме во Галатјаните 4,9.10. каде што Павле им дава совет на христијаните од Галатија во врска со празнувањето на „деновите, месеците и годините.“ Како што веќе видовме, некои во црквата ги убедиле галатските христијани дека треба да се обрежат и да ги држат останатите прописи на Мојсеевиот закон. Павле стравувал дека таквите идеи би можеле да ѝ наштетат на црквата во Рим. Меѓутоа, можеби токму во Рим имало христијани од еврејството кои имале проблеми да се осведочат себеси дека повеќе не треба да ги празнуваат еврејските празници. Павле овде како да вели: правете што мислите дека е добро, но не го осудувајте другите кои мислат различно од вас! Некои христијани, за да бидат сигурни, очевидно одлучиле да празнуваат еден или повеќе еврејски празници. Павле вели: пуштете ги да го прават тоа, доколку се осведочени во својата совест дека треба да прават така.

Павле става силен акцент на почитувањето на законот, па според тоа, сигурно не се обидува да ја стави четвртата заповед во иста категорија во која се наоѓа и проблемот околу јадењето или нејадењето на месо жртвувано на идоли!

**Какво е вашето искуство со саботата? Дали ви била на благослов, како што е замислена? Какви промени можете да внесете за целосно да го искусите она што Господ ви го нуди во саботниот ден?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

## ПОСЛЕДНИ ЗБОРОВИ

**Прочитајте го текстот во Посланието до Римјаните 15,1-3 Која важна христијанска вистина ја наоѓаме во овие стихови?**

___

**На кој начин овие текстови содржат голем дел од она што го обележува вистинскиот Христов следбеник?**

___

**Кои други текстови ја објавуваат таа иста вистина? И, што е многу поважно, како ти можеш да живееш според тие начела?**

___

**Завршувајќи го своето Послание, кои различни благослови Павле ги упатува до верниците? Римјаните 15,5.6.13.33.**

___

Бог на трпението значи Бог кој им помага на Своите следбеници да бидат истрајни во страдањата. Самиот збор трпение – „хипомоне"- значи цврстина, „истрајно трпение". Зборот за утеха може да се преведе како „охрабрување". Бог на охрабрувањето е Бог кој нè храбри. Бог на надежта е Бог кој му ја дал надежта на човечкиот род. На ист начин, Бог на мирот е Бог кој ни дава мир и во кого можеме да имаме мир.

**Како го завршува Павле Посланието до Римјаните по многубројните лични поздрави ? Римјаните 16,25-27**

___

Павле го завршува своето послание припишувајќи Му ја сета слава на Бога. Бог е оној кому римските христијани, а и сите останати, можат да му ја подарат својата целосна доверба, кој ќе ја потврди нивната состојба на откупени и спасени Божји синови и ќерки, оправдани преку верата и кои ќе ги води со својот Свет Дух.

Да, Павле знаел за „отпаѓањето" (2. Солуњаните 2,3), иако текстот не открива колку знаел. Накратко речено, не знаеме дали Павле насетувал каква улогоа ќе имаат тој и неговите списи, особено ова послание, ќе имаат во последните настани. Во одредена смисла, тоа не е ни важно. Најважно е што протестантизмот настанал благодарение на овие стекстови. Оние кои сакаат да му останат верни на Исуса, во нив имаат и ќе имаат библиска основа на која можат да ја темелат својата вера и посветеност, дури и кога светот ќе се чуди „на ѕверот" (Откровение 13,3)

## ЗА НАТАМОШНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

Прочитајте ја во книгата на Елена Вајт „Во потрага за подобар живот“, главата „Помош на оние во искушение“. Прочитајте го ако сте во можност и ова: Елена Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 5; *Unity and Love in the Church*, стр. 477, 478; „Love for the Erring“, стр. 604–606, *The SDA Bible Commentary*, кн. 6, стр. 719.

„Ми беше покажана опасноста во која се наоѓа Божјиот народ да гледа на братот и сестра Вајт и да мисли дека треба да дојде кај нив со своите товари и од нив да бара совет. Не треба да биде така! Тие се повикани да дојдат кај својот Спасител, кој е полн со сочувство и љубов, кога се уморни и натоварени и Тој ќе ги растовари... Мнозина доаѓаат кај нас и се распрашуваат: Треба ли да го направам тоа? Треба ли да го направам тој чекор? Или, што се однесува на облекувањето: треба ли да го носам ова или она? Јас им одговарам: вие велите дека сте Христови ученици. Проучувајте ја својата Библија. Читајте внимателно и со молитва за животот на нашиот драг Спасител додека тој престојувал меѓу луѓето на Земјата. Следете го Неговиот живот и потрудете се да не отстапите од тесната патека. Ние најсериозно одбиваме да бидеме ваша свест. Ако ви кажеме што да правите, вие ќе очекувате од нас да ве водиме, наместо да одите лично кај Христа!“ (Елена Вајт, *Сведоштва за црквата, кн.* 2, стр. 118.119).

„Не смееме да ја пренесеме одговорноста врз другите и да чекаме на нив да ни кажат што би требало да правиме. Не смееме да зависиме од човечките совети. Господ ќе нѐ поучи на нашите должности исто толку подготвено како што би поучил некој друг... Оние што ќе решат да не прават ништо што на кој и да е начин би го навредувало Бога, ќе знаат, откако ќе му го изнесат својот случај, по кој пат треба да одат“ (*Копнежот на вековите*, стр. 657).

„Во црквата секогаш имало поединци кои се стремеле кон независност. Сѐ чини дека тие не сфаќаат оти независниот дух лесно може да ги наведе луѓетео премногу да се потпираат врз себе и врз сопствениот суд, наместо да ги почитуваат советите и високо да го ценат судот на своите браќа, особено оние кои Бог ги поставил да го водат неговиот народ“ (*Делата на апостолите*, стр. 127).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

***Имајќи ги предвид некои од темите за кои размислувавме оваа седмица, како христијани, како да пронајдеме вистинска рамнотежа меѓу нив:***

**1. Да останеме верни на она во што веруваме, а сепак да не ги осудуваме другите кои на проблемот гледаат поинаку од нас.**

**2. Да останеме верни во својата совест и да не се обидуваме да бидеме совест на некој друг, додека едновремено настојуваме да им помогнеме на оние за кои веруваме дека се во заблуда. Кога да проговориме, а кога да молчиме? Кога ќе бидеме виновни ако молчиме?**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - ОКТОМВРИ
# ДАРОТ НА ЉУБОВТА

### „ВРВИ ПО МЕНЕ!“

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | ***Јован 1,45.*** | *Дојди и види* |
| *2. Понеделник* | ***Јован 1,47.*** | *Под смоквата* |
| *3. Вторник* | ***Марко 1,17.18.*** | *Исусовиот нов ученик* |
| *4. Среда* | ***Лука 5,27.28.*** | *„Врви по Мене!“* |
| *5. Четврток* | ***Осија 6,6.*** | *Цариникот не бил отфрлен* |
| *6. Петок* | ***Јован 6,64.*** | *Јуда, себичниот ученик* |
| *7. Сабота* | ***1. Тимотеј 6,10.*** | *Без оправдување* |

### НАНОВО РОДЕН

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | ***Матеј 20,26.27.*** | *Сејач на судири* |
| *9. Понеделник* | ***Марко 3,14.*** | *Единство во различноста* |
| *10. Вторник* | ***2. Коринќаните 4,7.*** | *Ниту еден не бил совршен* |
| *11. Среда* | ***Матеј 14,27.*** | *Сомнежи и прашања* |
| *12. Четврток* | ***Тит 3,5.*** | *Таен разговор* |
| *13. Петок* | ***Јован 3,5.*** | *Како што дува ветрот* |
| *14. Сабота* | ***Јован 3,21.*** | *Наново роден* |

### ОД СОМНЕВАЊЕ ДО ВЕРА

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | ***Јован 4,14.*** | *На Јакововиот извор* |
| *16. Понеделник* | ***Јован 4,48.*** | *Од сомневање до вера* |
| *17. Вторник* | ***Матеј 8,10.*** | *Не сум достоен* |
| *18. Среда* | ***Римјаните 10,12.13.*** | *На Бога не му мили општествените разлики* |
| *19. Четврток* | ***Матеј 9,21.*** | *Мора да биде лично* |
| *20. Петок* | ***Лука 18,18.*** | *Што треба да направам?* |
| *21. Сабота* | ***Марко 10,21.*** | *Не го поминал испитот* |

### ДАРОТ НА ЉУБОВТА

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | ***Лука 19,10.*** | *Тој ставил се??? на прво место* |
| *23. Понеделник* | ***Езекил 33,15.*** | *Богатиот човек и Бог* |
| *24. Вторник* | ***Марко 12,43.44.*** | *Дала се??? што имала* |
| *25. Среда* | ***Лука 10,41.42.*** | *„Се грижиш и се вознемируваш за многу!“* |
| *26. Четврток* | ***Марко 14,8.*** | *Дарот на љубовта* |
| *27. Петок* | ***Марко 14,9.*** | *Мирисот ќе се шири* |
| *28. Сабота* | ***2. Коринќаните 5,14.*** | *Ништо не е подрагоцено* |

### ХРИСТОС ГИ ПОЗНАВА НАШИТЕ МОЖНОСТИ

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | ***Римјаните 2,1.*** | *Промена на Симоновото срце* |
| *30. Понеделник* | ***Лука 7,47.*** | *Христос ги познава нашите можности* |
| *31. Вторник* | ***Матеј 14,31.*** | *Петар го свртел погледот* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - НОЕМВРИ

# ПОВРЗАНИ СО НЕБОТО

### ПЕТАР ЈА СФАТИЛ ПОУКАТА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | **Матеј 16,15.16.** | *Петар ја искажува својата вера* |
| *2. Четврток* | **Матеј 16,23.** | *Во власта на сатаната* |
| *3. Петок* | **Лука 22,31.32.** | *Петар ја сфатил поуката* |
| *4. Сабота* | **Откровение 3,21.** | *Мајчината молба* |

### САКАНИОТ УЧЕНИК

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | **1. Јованово 4,19.** | *Саканиот ученик* |
| *6. Понеделник* | **1. Јованово 2,6.** | *Разликата меѓу Јован и Јуда* |
| *7. Вторник* | **Матеј 26,14.15.** | *Роб на парите* |
| *8. Среда* | **Матеј 7,21.** | *Прилика за сите* |
| *9. Четврток* | **Матеј 26,24.** | *Само Исус знаел* |
| *10. Петок* | **Јован 14,9.** | *Ученик со бавно срце* |
| *11. Ссабота* | **1. Коринќаните 10,12.** | *На непријатески терен* |

### „СПОМНИ СИ ЗА МЕНЕ...“

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | **Матеј 19,14.** | *Најпосле обратен* |
| *13. Понеделник* | **Јоил 2,13.** | *Кајафа* |
| *14. Вторник* | **Матеј 27,24.** | *Пилат* |
| *15. Среда* | **Лука 23,26.** | *Човекот што го понел крстот* |
| *16. Четврток* | **Лука 23,42.** | *„Спомни си за мене...“* |
| *17. Петок* | **Јован 19,38.39.** | *Повеќе не се скриени пријатели* |
| *18. Сабота* | **Јован 20,29.** | *Неверниот Тома* |

### СТРАДАЊЕ ЗА ХРИСТА

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | **Дела 4,19.20.** | *Верска слобода* |
| *20. Понеделник* | **5. Мојсеева 23,21.** | *Погрешно управување со Божјите добра* |
| *21. Вторник* | **Дела 6,15.** | *Страдање за Христа* |
| *22. Среда* | **Дела 8,26.27.** | *Само поради еден човек* |
| *23. Четврток* | **Дела 9,36.** | *Тавита* |
| *24. Петок* | **Дела 10,4-6.** | *Без пречки меѓу народите* |
| *25. Сабота* | **Дела 10,34.35.** | *На целиот свет* |

### ПОВРЗАНИ СО НЕБОТО

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | **Дела 12,11.** | *Ангели чувари* |
| *27. Понеделник* | **Псалм 34,7.** | *Поврзани со Небото* |
| *28. Вторник* | **Дела 9,3.4.** | *Пред вратата на Дамаск* |
| *29. Среда* | **Дела 9,6.** | *Од Савле до Павле* |
| *30. Четврток* | **Галатјаните 1,17.** | *Самотија во Арапската пустина* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ - ДЕКЕМВРИ

# БОЖЕСТВЕНА ЗАШТИТА

## ПАВЛЕ ГО ВОЗДИГНУВА КРСТОТ

| | |
|---|---|
| *1. Петок* | *1. Коринќаните 2,2-4. Павле го воздигнува крстот* |
| *2. Сабота* | *2. Коринќаните 11,9. Ткајачот на шатори и Евангелието* |
| *3. Недела* | *Дела 19,18.19. Корисна клада* |
| *4. Понеделник* | *1. Тимотеј 4,12. Додека си млад* |

## ДРАГОЦЕН СОРАБОТНИК

| | | |
|---|---|---|
| *5. Вторник* | ***2. Тимотеј 3,15.*** | *Од мал* |
| *6. Среда* | ***2. Тимотеј 2,15.*** | *Како син* |
| *7. Четврток* | ***2. Тимотеј 4,1.2.*** | *Пренесување на факелот* |
| *8. Петок* | ***2. Тимотеј 4,11.*** | *Драгоцен соработник* |
| *9. Сабота* | ***1. Јованово 2,15.*** | *Марко и Димас* |
| *10. Недела* | ***Филимон 16.*** | *Господар и слуга* |
| *11. Понеделник* | ***Евреите 12,1.2.*** | *Трката е пред нас* |

## БОЖЕСТВЕНА ЗАШТИТА

| | | |
|---|---|---|
| *12. Вторник* | ***Филипјаните 4,4.*** | *Радосен глас* |
| *13. Среда* | ***Филипјаните 3,13.14.*** | *„Кон целта..."* |
| *14. Четврток* | ***Дела 25,10.11.*** | *„Пред ќесаревиот суд!"* |
| *15. Петок* | ***2. Тимотеј 4,16.17.*** | *Божествена заштита* |
| *16. Сабота* | ***2. Тимотеј 4,7.8.*** | *Добра борба* |
| *17. Недела* | ***1. Јованово 4,10.11.*** | *„Да се љубиме еден со друг!"* |
| *18. Понеделник* | ***1. Јованово 4,1.*** | *Внатрешни и надворешни опасности* |

## НЕКА Е СЛАВА НА БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *19. Вторник* | ***1. Јованово 3,3.*** | *Непорочен во срцето и во животот* |
| *20. Среда* | ***2. Тимотеј 3,12.*** | *Преку темнина до слава* |
| *21. Четврток* | ***Матеј 5,11.12.*** | *Последен од Дванаесеттмината* |
| *22. Петок* | ***Откровение 2,10.*** | *Прогонет поради Бога* |
| *23. Сабота* | ***Исаија 46,4.*** | *Оружјето на готовност* |
| *24. Недела* | ***Псалм 105,1.2.*** | *„Господ ни помогна дотука!"* |
| *25. Понеделник* | ***Псалм 113,3.*** | *Нека е слава на Бога* |

## НАЈВИСОКИ ВРЕДНОСТИ

| | | |
|---|---|---|
| *26. Вторник* | ***За Јов 17,9.*** | *Возвишени примери* |
| *27. Среда* | ***Псалм 56,3.*** | *„Сè можам преку Исус Христос!"* |
| *28. Четврток* | ***Мудри изреки 24,16.*** | *Не треба да очајувате* |
| *29. Петок* | ***Откровение 12,12.*** | *Бог не ги заборава своите* |
| *30. Сабота* | ***Матеј 6,33.*** | *Највисоки вредности* |
| *31. Недела* | ***Исаија 14,27.*** | *Божји план за мене* |

## Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



## СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

### *Октомври*

| | |
|---|---|
| 1. | Амос 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | Авдија и Јона 1-4 |
| 5. | Михеј 1-4 |
| 6. | 5-7 |
| **7.** | Наум 1-3 |
| 8. | Авакум 1-3 |
| 9. | Софонија 1-3 |
| 10. | Агеј 1-2 |
| 11. | Захарија 1-3 |
| 12. | 4-6 |
| 13. | 7-10 |
| **14.** | 11-14 |
| 15. | Малахија 1-4 |
| 16. | Матеј 1-5 |
| 17. | 6-8 |
| 18. | 9-11 |
| 19. | 12-13 |
| 20. | 14-15 |
| **21.** | 16-17 |
| 22. | 18-20 |
| 23. | 21-25 |
| 24. | 26-28 |
| 25. | Марко 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-9 |
| **28.** | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| 30. | Лука 1-3 |
| 31. | 4-6 |

### *Ноември*

| | |
|---|---|
| 1. | Лука 7-8 |
| 2. | 9-11 |
| 3. | 12-14 |
| **4.** | 15-17 |
| 5. | 18-20 |
| 6. | 21-22 |
| 7. | 23-24 |
| 8. | Јован 1-3 |
| 9. | 4-6 |
| 10. | 7-9 |
| **11.** | 10-12 |
| 12. | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| 15. | Дела 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| **18.** | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| 20. | 16-18 |
| 21. | 29-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-28 |
| 24. | Римјаните 1-3 |
| **25.** | 4-6 |
| 26. | 7-9 |
| 27. | 10-12 |
| 28. | 13-16 |
| 29. | 1. Кор. 1-5 |
| 30. | 6-9 |

### *Декември*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Кор. 10-12 |
| **2.** | 13-16 |
| 3. | 2. Кор. 1-5 |
| 4. | 6-9 |
| 5. | 10-13 |
| 6. | Галатјаните 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | Ефесјаните 1-6 |
| **9.** | Филипјаните1-4 |
| 10. | Колошаните 1-4 |
| 11. | 1. Солуњаните 2-5 |
| 12. | 2. Солуњаните 1-3 |
| 13. | 2. Тимотеј 1-6 |
| 14. | 2. Тимотеј 1-4 |
| 15. | Тит и Филимон |
| **16.** | Евреите 1-5 |
| 17. | 6-9 |
| 18. | 10-13 |
| 19. | Јаков 1-5 |
| 20. | 1. Петрово 1-3 |
| 21. | 2. Петрово 1-3 |
| 22. | 1. Јованово 1-3 |
| **23.** | 4-5 |
| 24. | 1. и 2. Јованово |
| 25. | Јудино послание |
| 26. | Откровение |
| 27. | 5-9 |
| 28. | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| **30.** | 17-19 |
| 31. | 20-22 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

| *Октомври* | *Ноември* | *Декември* |
|---|---|---|
| 1. Псалм 79. | 1. Псалм 105,1-15. | 1. Псалм 121. |
| 2. Псалм 80. | 2. Псалм 105,16-31. | **2.** Псалм 122. |
| 3. Псалм 81. | 3. Псалм 105,32-45. | 3. Псалм 123. |
| 4. Псалм 82. | **4.** Псалм 106,1-16. | 4. Псалм 124. |
| 5. Псалм 83. | 5. Псалм 106,17-32. | 5. Псалм 125. |
| 6. Псалм 84. | 6. Псалм 106,33-48. | 6. Псалм 126. |
| **7.** Псалм 85. | 7. Псалм 107,1-21, | 7. Псалм 127. |
| 8. Псалм 86. | 8. Псалм 107,22-43. | 8. Псалм 128. |
| 9. Псалм 87. | 9. Псалм 108. | **9.** Псалм 129. |
| 10. Псалм 88 | 10. Псалм 109,1-16. | 10. Псалм 130. |
| 11. Псалм 89,1-13. | **11.** Псалм 109,17-31. | 11. Псалм 131. |
| 12. Псалм 89,14-26. | 12. Псалм 110. | 12. Псалм 132. |
| 13. Псалм 89,27-39. | 13. Псалм 111. | 13. Псалм 133. |
| **14.** Псалм 89,40-52. | 14. Псалм 112. | 14. Псалм 134. |
| 15. Псалм 90. | 15. Псалм 113. | 15. Псалм 135. |
| 16. Псалм 91. | 16. Псалм 114. | **16.** Псалм 136,1-13. |
| 17. Псалм 92. | 17. Псалм 115. | 17. Псалм 136,15-26. |
| 18. Псалм 93. | **18.** Псалм 116. | 18. Псалм 137. |
| 19. Псалм 94. | 19. Псалм 117. | 19. Псалм 138. |
| 20. Псалм 95. | 20. Псалм 118,1-14. | 20. Псалм 139. |
| **21.** Псалм 96. | 21. Псалм 118,15-29. | 21. Псалм 140. |
| 22. Псалм 97. | 22. Псалм 119,1-14. | 22. Псалм 141. |
| 23. Псалм 98. | 23. Псалм 119,15-29 | **23.** Псалм 142. |
| 24. Псалм 99. | 24. Псалм 119,30-43 | 24. Псалм 143. |
| 25. Псалм 100. | **25.** Псалм 119,44-56. | 25. Псалм 144. |
| 26. Псалм 101. | 26. Псалм 119,57-90. | 26. Псалм 145. |
| 27. Псалм 102,1-14. | 27. Псалм 119,91-117. | 27. Псалм 146. |
| **28.** Псалм 102,15-28. | 28. Псалм 119,118-143. | 28. Псалм 147. |
| 29. Псалм 103. | 29. Псалм 119,144-176. | 29. Псалм 148. |
| 30. Псалм 104,1-18. | 30. Псалм 120. | **30.** Псалм 149. |
| 31. Псалм 104,19-35. | | 31. Псалм 150. |

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ОКТОМВРИ 2017 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | *6.* | *13.* | *20.* | *27.* |
| Виница | 18:02 | 17:51 | 17:40 | 17:30 |
| Колешино | 18:02 | 17:50 | 17:40 | 17:30 |
| Стар Дојран | 18:02 | 17:51 | 17:40 | 17:30 |
| Куманово | 18:05 | 17:54 | 17:43 | 17:33 |
| Неготино | 18:04 | 17:53 | 17:42 | 17:32 |
| Струмица | 18:02 | 17:51 | 17:40 | 17:30 |
| Кочани | 18:03 | 17:51 | 17:40 | 17:30 |
| Велес | 18:05 | 17:54 | 17:43 | 17:33 |
| Кавадарци | 18:05 | 17:53 | 17:43 | 17:33 |
| Дебар | 18:11 | 17:59 | 17:48 | 17:39 |
| Скопје | 18:07 | 17:55 | 17:44 | 17:34 |
| Битола | 18:08 | 17:56 | 17:46 | 17:36 |
| Кичево | 18:09 | 17:57 | 17:47 | 17:37 |
| Лаки | 18:02 | 17:50 | 17:40 | 17:30 |
| Чифлик | 18:04 | 17:53 | 17:42 | 17:32 |
| Штип | 18:04 | 17:52 | 17:42 | 17:32 |
| Тетово | 18:08 | 17:57 | 17:46 | 17:36 |
| Јегуновце | 18:08 | 17:56 | 17:45 | 17:35 |
| Росоман | 18:05 | 17:54 | 17:43 | 17:33 |
| Гевгелија | 18:03 | 17:52 | 17:41 | 17:31 |
| Свети Николе | 18:05 | 17:53 | 17:42 | 17:32 |
| Делчево | 18:01 | 17:50 | 17:39 | 17:29 |
| Валандово | 18:03 | 17:51 | 17:41 | 17:31 |
| Охрид | 18:10 | 17:59 | 17:48 | 17:38 |
| Радовиш | 18:03 | 17:51 | 17:41 | 17:31 |
| Прилеп | 18:07 | 17:55 | 17:45 | 17:35 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| НОЕМВРИ 2017 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 3. | 10. | 17. | 24. |
| Виница | 16:21 | 16:13 | 16:07 | 16:02 |
| Колешино | 16:21 | 16:13 | 16:07 | 16:02 |
| Стар Дојран | 16:21 | 16:14 | 16:08 | 16:03 |
| Куманово | 16:24 | 16:16 | 16:09 | 16:05 |
| Неготино | 16:23 | 16:16 | 16:10 | 16:05 |
| Струмица | 16:21 | 16:14 | 16:07 | 16:03 |
| Кочани | 16:21 | 16:14 | 16:07 | 16:03 |
| Велес | 16:24 | 16:17 | 16:10 | 16:06 |
| Кавадарци | 16:24 | 16:16 | 16:10 | 16:05 |
| Дебар | 16:30 | 16:22 | 16:16 | 16:11 |
| Скопје | 16:25 | 16:17 | 16:11 | 16:06 |
| Битола | 16:27 | 16:20 | 16:14 | 16:09 |
| Кичево | 16:28 | 16:20 | 16:14 | 16:09 |
| Лаки | 16:21 | 16:13 | 16:06 | 16:02 |
| Чифлик | 16:23 | 16:15 | 16:09 | 16:05 |
| Штип | 16:23 | 16:15 | 16:08 | 16:04 |
| Тетово | 16:27 | 16:19 | 16:13 | 16:08 |
| Јегуновце | 16:26 | 16:18 | 16:12 | 16:07 |
| Росоман | 16:24 | 16:16 | 16:10 | 16:05 |
| Гевгелија | 16:22 | 16:15 | 16:09 | 16:04 |
| Свети Николе | 16:23 | 16:15 | 16:09 | 16:04 |
| Делчево | 16:20 | 16:12 | 16:06 | 16:01 |
| Валандово | 16:22 | 16:14 | 16:08 | 16:04 |
| Охрид | 16:29 | 16:22 | 16:16 | 16:11 |
| Радовиш | 16:22 | 16:14 | 16:08 | 16:03 |
| Прилеп | 16:26 | 16:18 | 16:12 | 16:08 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ДЕКЕМВРИ 2017

| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1. | 8. | 15. | 22. | 29. |
| Виница | 15:59 | 15:58 | 15:59 | 16:02 | 16:07 |
| Колешино | 16:00 | 15:59 | 16:00 | 16:03 | 16:07 |
| Стар Дојран | 16:01 | 16:00 | 16:01 | 16:04 | 16:08 |
| Куманово | 16:02 | 16:01 | 16:02 | 16:05 | 16:09 |
| Неготино | 16:02 | 16:01 | 16:02 | 16:05 | 16:10 |
| Струмица | 16:00 | 15:59 | 16:00 | 16:03 | 16:08 |
| Кочани | 16:00 | 15:59 | 16:00 | 16:03 | 16:07 |
| Велес | 16:03 | 16:02 | 16:03 | 16:06 | 16:10 |
| Кавадарци | 16:03 | 16:02 | 16:03 | 16:06 | 16:10 |
| Дебар | 16:08 | 16:07 | 16:08 | 16:11 | 16:16 |
| Скопје | 16:03 | 16:02 | 16:03 | 16:06 | 16:11 |
| Битола | 16:07 | 16:06 | 16:07 | 16:10 | 16:14 |
| Кичево | 16:07 | 16:06 | 16:07 | 16:10 | 16:14 |
| Лаки | 15:59 | 15:58 | 15:59 | 16:02 | 16:07 |
| Чифлик | 16:02 | 16:01 | 16:02 | 16:05 | 16:10 |
| Штип | 16:01 | 16:00 | 16:01 | 16:04 | 16:09 |
| Тетово | 16:05 | 16:04 | 16:05 | 16:08 | 16:13 |
| Јегуновце | 16:04 | 16:03 | 16:04 | 16:07 | 16:12 |
| Росоман | 16:03 | 16:02 | 16:03 | 16:06 | 16:10 |
| Гевгелија | 16:02 | 16:01 | 16:02 | 16:05 | 16:09 |
| Свети Николе | 16:02 | 16:01 | 16:02 | 16:05 | 16:09 |
| Делчево | 15:58 | 15:57 | 15:58 | 16:01 | 16:06 |
| Валандово | 16:01 | 16:00 | 16:01 | 16:04 | 16:08 |
| Охрид | 16:08 | 16:08 | 16:09 | 16:12 | 16:16 |
| Радовиш | 16:00 | 15:59 | 16:00 | 16:03 | 16:08 |
| Прилеп | 16:05 | 16:04 | 16:05 | 16:08 | 16:12 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*




# АРХЕОЛОГИЈАТА *ја потврдува Библијата*

Дека историските факти наведени во Библијата се толку точни и сигурни можеме да се увериме од археолошките пронајдоци, кои ги наведува авторот на оваа извонредна книга. Таа ќе ве запознае со бројни податоци кои ја докажуваат веродостојноста на библиските извештаи. Запознајте се со:

- каменот од Розета
- старите еврејски ракописи крај Мртвото море,
- глинените плочки со клинесто писмо
- прочуениот Мешин камен и

други археолошки пронајдоци кои потврдуваат дека Библијата има своја научна потвда, па поради тоа заслужува и наша полна доверба!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

## ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА




**Проучувајте ја Библијата БЕСПЛАТНО по дописен пат низ 24 лекции дознајте што кажува таа за:**

- *Животот и личноста на Исус Христос*
- *Десетте Божји Заповеди*
- *Тајната за градење среќно семејство*
- *Здравиот начин на живот*
- *Пророштвата за нашево време*
- *Сигурноста во несигурниот свет...*

и многу други теми со извонредна важност!

Адресата каде што сакате да Ви пристигаат бесплатните лекции испратете ни ја на
**Поштенски фах 215, 1000 Скопје**

**www.adventisti.org.mk**
**www.sdakavadarci.com**

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

## МОИТЕ МОЛИТВЕНИ ИСКУСТВА

**„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр.  99.**